Nun Efimija (Zajkovska) is a member of the sisterhood of the Monastery of Saint George the Trophy-Bearer in Rajčica, a metochion of the Bigorski Monastery in North Macedonia. Her academic profile bridges Orthodox theology with law, political science, and social policy.

In 2011, she graduated from the Orthodox Theological Faculty „Saint Clement of Ohrid“ in Skopje, where she also earned her Master's degree in 2026. In 2023, she graduated from the Institute of Social Work and Social Policy at the Faculty of Philosophy in Skopje. She further expanded her education with a course in Modern Greek language at the Aristotle University of Thessaloniki.

Recently, her scholarly interest has been particularly focused on legal and political sciences, as well as their intersection with theological and social issues. In 2024, she obtained her Master's degree from the Faculty of Law „Iustinianus Primus“ in Skopje, specializing in Constitutional law, and she is currently pursuing doctoral studies within the Political system study program.

As part of her scholarly and research work, she holds a research fellowship at the Faculty of Catholic Theology at the University of Vienna, where she engages with questions in the field of moral theology.

Her scientific and spiritual dedication is rooted in the conviction that knowledge attains its highest meaning when placed in service to humanity and the community. In her work, she strives to create space for a fruitful dialogue between faith and reason, tradition and contemporaneity, believing that true education edifies the human person and ennobles public culture.

ORCID: 0009-0005-3758-2766

" Постојат книги во кои научната мисла останува одвоена од личноста на авторот. Постојат и дела во кои секоја страница носи дел од неговиот животен пат, од неговите убедувања и од вредностите според кои го разбира светот. Книгата „Религиското образование и ПАІΔЕІА: Компаративно-правни перспективи“ од монахињата Ефимија (Зајковска) припаѓа на вториот вид. Во неа научната дисциплина, духовното искуство и општествената одговорност се среќаваат во една заокружена истражувачка целина.

Авторката му пристапува на научното истражување со целосна посветеност. Во нејзината работа нема пресметливост, површност или стремеж кон лесен успех. Монаштвото не познава калкулации. Таква е и нејзината вљубеност во науката: искрена, дисциплинирана и истрајна.

*Проф. д-р Александар Спасеновски*

" Во страниците што следуваат, читателот нема да најде однапред понудени одговори, туку ќе сретне внимателно поставени прашања, аргументи изградени врз научна методологија и искрена грижа за воспитната улога на образованието. Тоа ја прави оваа книга особено значајна за теолозите, педагозите, креаторите на образовните политики, правниците, наставниците, студентите и за сите што веруваат дека иднината на едно општество започнува со воспитувањето на неговите најмлади членови. Токму затоа сум убедена дека ова дело ќе го најде своето заслужено место во академските библиотеки, во високообразовните институции, кај наставниците и сите оние што ја препознаваат воспитната задача на образованието како едно од најважните прашања за иднината на секое општество. Неговата вредност не се состои единствено во богата научна аргументација, туку и во искрена грижа за младите, за нивното достоинство и за воспитувањето на генерации кои ќе умеат да ги поврзуваат знаењето и мудроста, слободата и одговорноста, сопствениот идентитет и почитта кон другиот.

*Проф. д-р. Анета Јовковска*

РЕЛИГИСКОТО ОБРАЗОВАНИЕ И ПАІΔЕІА:
КОМПАРАТИВНО-ПРАВНИ ПЕРСПЕКТИВИ

*Монахиња Ефимија (Зајковска)*

*Монахиња Ефимија (Зајковска)*

# РЕЛИГИСКОТО ОБРАЗОВАНИЕ И ПАІΔЕІА:

## КОМПАРАТИВНО-ПРАВНИ ПЕРСПЕКТИВИ



Монахиња Ефимија (Зајковска) е член на сестринството на манастирот „Свети Георгиј Победоносец“ во Рајчица, метох на Бигорскиот манастир во Северна Македонија. Нејзиниот академски профил ги поврзува православното богословие со правото, политичките науки и социјалната политика.

Во 2011 година дипломирала на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ во Скопје, каде што во 2026 година се стекнала со академскиот степен магистер. Во 2023 година дипломирала на Институтот за социјална работа и социјална политика при Филозофскиот факултет во Скопје. Своето образование го надополнила и со курс по новогрчки јазик на Аристотеловиот универзитет во Солун.

Во последно време, нејзиниот научен интерес е особено насочен кон правните и политичките науки, како и кон нивното поврзување со богословските и општествените прашања. Во 2024 година магистрирала на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, во областа на уставното право, а во моментот е на докторските студии на студиската програма по политички систем.

Во рамките на својата научноистражувачка работа остварува истражувачки престој на Католичкиот теолошки факултет при Универзитетот во Виена, каде што се занимава со прашања од областа на моралната теологија.

Нејзината научна и духовна определба се темели врз уверувањето дека знаењето ја добива својата највисока смисла кога е ставено во служба на човекот и заедницата. Во својата работа настојува да создава простор за плодотворен дијалог меѓу верата и разумот, традицијата и современоста, со верба дека вистинското образование го изградува човекот и ја облагородува јавната култура.

*Монахиња Ефимија (Зајковска)*

# РЕЛИГИСКОТО ОБРАЗОВАНИЕ И ΠΑΙΔΕΙΑ:

## КОМПАРАТИВНО-ПРАВНИ ПЕРСПЕКТИВИ





*Монахиња Ефимија (Зајковска)*

# РЕЛИГИСКОТО ОБРАЗОВАНИЕ И ΠΑΙΔΕΙΑ:

## КОМПАРАТИВНО-ПРАВНИ ПЕРСПЕКТИВИ

**Уредник:**
Епископ Антаниски, г. Партениј,
Игумен на Свештената Бигорска Обител

**Рецензенти:**
проф. д-р Александар Спасеновски,
проф д-р Анета Јовковска

**Автор:**
Монахиња Ефимија (Зајковска)

**Лектор:**
Ставрофорен протопрезвитер
Бобан Митевски

**Дизајн и графичко обликување:**
Марија Мицевска

**Издавач:**
Бигорски манастир
„Свети Јован Крстител“, Ростуше 2026

**Печати:** Астекс Графика
**Тираж:** 300 примероци

**Благодарност до:**

***Весна Андонова*** и ***Јордан Јанев***, кои заедно со своите
семејства го овозможија печатењето
на оваа монографија.

*Монахиња Ефимија (Зајковска)*

# РЕЛИГИСКОТО ОБРАЗОВАНИЕ И ΠΑΙΔΕΙΑ:

## КОМПАРАТИВНО-ПРАВНИ ПЕРСПЕКТИВИ

**Бигорски манастир**
„Свети Јован Крстител“, Ростуше 2026

Во бескрајното море на науката, знаењето може да ги рашири едрата, но само духовното раководство го чува кормилото насочено кон Вистината.

*На мојот Старец и духовен татко,*
*Епископот Антаниски, г. Партениј*

# СОДРЖИНА

**ПРЕДГОВОР**.....................................................................25
*Монахиња Ефимија Зајковска*

**ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ**..................................................33

**1. ТЕОРЕТСКА РАМКА**....................................................41
1.1. Поим и значење на религиското образование
1.2. Врската помеѓу образованието, религијата
и секуларизмот. Теоретски детерминанти на
секуларизмот
1.3. Модели на религиско образование
(конфесионален, неутрален, компаративен)
Заклучни согледувања

**2. ИСТОРИСКИ КОНТЕКСТ НА РЕЛИГИСКОТО
ОБРАЗОВАНИЕ**................................................................69
2.1. Развој на религиското образование во Европа
2.2. Развој на религиското образование во
балканските земји
2.3. Историски преглед на религиското образование
во Република Северна Македонија
Заклучни согледувања

**3. КОМПАРАТИВНА АНАЛИЗА НА
РЕЛИГИСКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**...............................89
3.1. Религиското образование во избрани европски
земји (Германија, Австрија, Франција, Велика
Британија
3.1.1. Сојузна Република Германија: Модел на
функционално партнерство и конфесионална
соработка
3.1.2. Република Австрија: Религиско образование за
промоција на дијалог и соработка
3.1.3. Република Франција: Моделот на строга
неутралност (Laïcité) и неговите предизвици
3.1.4. Англија: Модел на плуралистичко

партнерство, државна религија и училишна автономија
3.2. Религиското образование во избрани балкански земји (Србија, Грција, Бугарија, Хрватска)
3.2.1. Република Србија: Модел на двојна алтернатива и правна симетрија
3.2.2. Република Грција: Модел на државна религија во либерална демократија
3.2.3. Република Бугарија: Динамичен модел на кооперативен секуларизам
3.2.4. Република Хрватска: Од социјалистички секуларизам кон договорен модел на религиско образование
3.3. Идентификација на добри практики

**4. ПРАВНА И ПОЛИТИЧКА РАМКА ЗА РЕЛИГИСКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**.............................................133
4.1. Уставни основи на религиското образование во Република Северна Македонија
4.2. Законски и подзаконски акти
4.3. Образовни политики и стратегии на политичките партии
4.4. Улогата на верските заедници
4.5. Улогата на Асоцијацијата на професори по Етика во религиите „Просветление“
Заклучни согледувања

**5. РЕЛИГИСКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**.................167
5.1. Преглед на предметот „Етика во религиите“
5.2. Анализа на наставната програма
Заклучни согледувања

**6.6. ЕМПИРИСКИ УВИД ВО ПУЛСОТ НА ЈАВНОСТА И РОДИТЕЛИТЕ ЗА РЕЛИГИСКОТО**

## СОДРЖИНА

**ОБРАЗОВАНИЕ ВО ЈАВНИОТ СИСТЕМ**................183
6.1. Методолошка рамка, цел и контекст на истражувачкиот пристап
6.2. Дескриптивна анализа на резултатите
6.2.1. Ставови на општата јавност (Макро-ниво)
6.2.2. Перцепции на родителската заедница (Микро-ниво)
6.3. Критички согледувања и рефлексии на наодите низ призмата на теоретските премиси
6.4. Ограничувања на истражувањата

**7. СИНТЕЗА НА ИСТРАЖУВАЧКИТЕ СОЗНАНИЈА И ИДНИ ПЕРСПЕКТИВИ**..................195
7.1. Теориско-емпириска соодветност на моделот и искуствени наоди
7.2. Општи согледувања и препораки
7.3. Препораки за идни истражувања

**ПОГОВОР**..........................................................................203
*(Ставрофорен протопрезвитер Бобан Митевски)*

**БИБЛИОГРАФИЈА**..........................................................209

**РЕЗИМЕ**..........................................................................225

**РЕЦЕНЗИИ ЗА КНИГАТА „РЕЛИГИСКОТО ОБРАЗОВАНИЕ И ΠΑΙΔΕΙΑ: КОМПАРАТИВНО-ПРАВНИ ПЕРСПЕКТИВИ“**..........................................245
*Проф. д-р Анета Јовковска*
*Проф. д-р Александар Спасеновски*

**ПРИЛОЗИ**.......................................................................263
Детална анализа на резултатите од анкетниот прашалник за испитување на јавното мнение во врска со предметот „Етика во религиите“
Демографска структура на примерокот

# CONTENTS

**PREFACE**........................................................................25
*Nun Efimija Zajkovska*

**PRELIMINARY REMARKS**................................................33

**1. THEORETICAL FRAMEWORK**..................................41
1.1. Concept and Significance of Religious Education
1.2. The Nexus Between Education, Religion, and Secularism: Theoretical Determinants of Secularism
1.3. Models of Religious Education (Confessional, Neutral, Comparative)
Concluding Observations

**2. HISTORICAL CONTEXT OF RELIGIOUS EDUCATION** .....................................................................69
2.1. Development of Religious Education in Europe…
2.2. Development of Religious Education in the Balkan Countries
2.3. Historical Overview of Religious Education in Republic of North Macedonia
Concluding Observations

**3. COMPARATIVE ANALYSIS OF RELIGIOUS EDUCATION** .....................................................................89
3.1. Religious Education in Selected European Countries (Germany, Austria, France, Great Britain)
3.1.1. The Federal Republic of Germany: A Model of Functional Partnership and Confessional Cooperation
3.1.2. The Republic of Austria: Religious Education for the Promotion of Dialogue and Cooperation
3.1.3. The French Republic: The Model of Strict Neutrality (Laïcité) and Its Challenges
3.1.4. England: A Model of Pluralistic Partnership, State Religion, and School Autonomy
3.2. Religious Education in Selected Balkan Countries (Serbia, Greece, Bulgaria, Croatia)

# CONTENTS

3.2.1. The Republic of Serbia: A Model of Dual Alternative and Legal Symmetry
3.2.2. The Hellenic Republic: A Model of State Religion in a Liberal Democracy
3.2.3. The Republic of Bulgaria: A Dynamic Model of Cooperative Secularism
3.2.4. The Republic of Croatia: From Socialist Secularism to a Contractual Model of Religious Education
3.3. Identification of Best Practices

**4. LEGAL AND POLICY FRAMEWORK FOR RELIGIOUS EDUCATION IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA**......................................................133
4.1. Constitutional Foundations of Religious Education in the Republic of North Macedonia
4.2. Statutory and Substantive Legal Acts
4.3. Educational Policies and Strategies of Political Parties
4.4. The Role of ReligiousCommunities
4.5. The Role of the Association of Teachers of Ethics in Religions ‘Prosvetlenie’
Concluding Observations

**5. RELIGIOUS EDUCATION IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA**......................................................167
5.1. Overview of the Subject ‘Ethics in Religions’
5.2. Analysis of the Curriculum and Syllabi
Concluding Observations

**6. EMPIRICAL INSIGHT INTO THE PULSE OF THE PUBLIC AND PARENTS REGARDING RELIGIOUS EDUCATION IN THE PUBLIC SYSTEM**.....................183
6.1. Methodological framework, objective, and context of the research approach
6.2. Descriptive analysis of results.
6.2.1. Attitudes of the general public (Macro-level)
6.2.2. Perceptions of the parental community (Micro-

level)
6.3. Critical insights and reflections on the findings through the prism of theoretical premises
6.4. Research Limitations

**7. SYNTHESIS OF RESEARCH FINDINGS AND FUTURE PERSPECTIVES**.................................................195
7.1. Theoretical-Empirical Adequacy of the Model and Empirical Evidence
7.2. General Observations and Recommendations
7.3. Recommendations for Future Research

**EPILOGUE**..........................................................................203
*Stavrophore Protopresbyter Boban Mitevski*

**BIBLIOGRAPHY**...................................................................209

**SUMMARY**...........................................................................225

**BOOK REVIEW:**

**"RELIGIOUS EDUCATION AND ΠΑΙΔΕΙΑ: COMPARATIVE LEGAL PERSPECTIVES"**................245
by Nun Efimiia (Zajkovska)
Reviewers:
*Prof. Aneta Jovkovska, PhD*
*Prof. Aleksandar Spasenovski, PhD*

**APPENDICES**......................................................................263
Detailed Analysis of the Public Opinion Survey Results Regarding the Subject 'Ethics in Religions'
Demographic Structure of the Sample

# ΠΙΝΑΚΑΣ ΠΕΡΙΕΧΟΜΕΝΩΝ

**ΠΡΟΛΟΓΟΣ**........................................................................25
*Μοναχή Ευφημία Ζάικοβσκα*

**ΕΙΣΑΓΩΓΙΚΕΣ ΣΗΜΕΙΩΣΕΙΣ**............................................33

**1. ΘΕΩΡΗΤΙΚΟ ΠΛΑΙΣΙΟ**................................................41
1.1. Έννοια και σημασία της θρησκευτικής εκπαίδευσης
1.2. Η σχέση μεταξύ εκπαίδευσης, θρησκείας και εκκοσμίκευσης. Θεωρητικοί προσδιορισμοί της εκκοσμίκευσης
1.3. Μοντέλα θρησκευτικής εκπαίδευσης (ομολογιακό, ουδέτερο, συγκριτικό)
Συμπερασματικές διαπιστώσεις

**2. ΙΣΤΟΡΙΚΟ ΠΛΑΙΣΙΟ ΤΗΣ ΘΡΗΣΚΕΥΤΙΚΗΣ ΕΚΠΑΙΔΕΥΣΗΣ** ....................................................................69
2.1. Εξέλιξη της θρησκευτικής εκπαίδευσης στην Ευρώπη
2.2. Εξέλιξη της θρησκευτικής εκπαίδευσης στις βαλκανικές χώρες
2.3. Ιστορική ανασκόπηση της θρησκευτικής εκπαίδευσης στη Βόρεια Μακεδονία
Συμπερασματικές διαπιστώσεις

**3. ΣΥΓΚΡΙΤΙΚΗ ΑΝΑΛΥΣΗ ΤΗΣ ΘΡΗΣΚΕΥΤΙΚΗΣ ΕΚΠΑΙΔΕΥΣΗΣ**....................................................................89
3.1. Η θρησκευτική εκπαίδευση σε επιλεγμένες ευρωπαϊκές χώρες (Γερμανία, Αυστρία, Γαλλία, Ηνωμένο Βασίλειο)
3.1.1. Ομοσπονδιακή Δημοκρατία της Γερμανίας: Μοντέλο λειτουργικής εταιρικής σχέσης και ομολογιακής συνεργασίας
3.1.2. Δημοκρατία της Αυστρίας: Θρησκευτική εκπαίδευση για την προώθηση του διαλόγου και της συνεργασίας
3.1.3. Γαλλική Δημοκρατία: Το μοντέλο της αυστηρής ουδετερότητας (Laïcité) και οι προκλήσεις του

3.1.4. Αγγλία: Μοντέλο πλουραλιστικής εταιρικής σχέσης, κρατικής θρησκείας και σχολικής αυτονομίας
3.2. Η θρησκευτική εκπαίδευση σε επιλεγμένες βαλκανικές χώρες (Σερβία, Ελλάδα, Βουλγαρία, Κροατία)
3.2.1. Δημοκρατία της Σερβίας: Μοντέλο διπλής εναλλακτικής και νομικής συμμετρίας.
3.2.2. Ελληνική Δημοκρατία: Μοντέλο κρατικής θρησκείας σε μια φιλελεύθερη δημοκρατία
3.2.3. Δημοκρατία της Βουλγαρίας: Δυναμικό μοντέλο συνεργατικής εκκοσμίκευσης
3.2.4. Δημοκρατία της Κροατίας: Από την σοσιαλιστική εκκοσμίκευση προς ένα συμβατικό μοντέλο θρησκευτικής εκπαίδευσης
3.3. Προσδιορισμός καλών πρακτικών

**4. ΝΟΜΙΚΟ ΚΑΙ ΠΟΛΙΤΙΚΟ ΠΛΑΙΣΙΟ ΤΗΣ ΘΡΗΣΚΕΥΤΙΚΗΣ ΕΚΠΑΙΔΕΥΣΗΣ ΣΤΗ ΔΗΜΟΚΡΑΤΙΑ ΤΗΣ ΒΟΡΕΙΑΣ ΜΑΚΕΔΟΝΙΑΣ**......133
4.1. Συνταγματικές βάσεις της θρησκευτικής εκπαίδευσης στη Δημοκρατία της Βόρειας Μακεδονίας
4.2. Νομοθετικές και κανονιστικές πράξεις
4.3. Εκπαιδευτικές πολιτικές και στρατηγικές των πολιτικών κομμάτων
4.4. Ο ρόλος των θρησκευτικών κοινοτήτων
4.5. Ο ρόλος της Ένωσης Καθηγητών «Ηθική των Θρησκειών» - “Φωτισμός”
Συμπερασματικές διαπιστώσεις

**5. Η ΘΡΗΣΚΕΥΤΙΚΗ ΕΚΠΑΙΔΕΥΣΗ ΣΤΗ ΔΗΜΟΚΡΑΤΙΑ ΤΗΣ ΒΟΡΕΙΑΣ ΜΑΚΕΔΟΝΙΑΣ**......167
5.1. Επισκόπηση του μαθήματος «Ηθική των Θρησκειών»
5.2. Ανάλυση του προγράμματος σπουδών
Συμπερασματικές διαπιστώσεις

**6. ΕΜΠΕΙΡΙΚΗ ΔΙΕΡΕΥΝΗΣΗ ΤΟΥ ΠΑΛΜΟΥ ΤΗΣ**

## ΠΙΝΑΚΑΣ ΠΕΡΙΕΧΟΜΕΝΩΝ

**ΚΟΙΝΗΣ ΓΝΩΜΗΣ ΚΑΙ ΤΩΝ ΓΟΝΕΩΝ ΣΧΕΤΙΚΑ ΜΕ ΤΗ ΘΡΗΣΚΕΥΤΙΚΗ ΕΚΠΑΙΔΕΥΣΗ ΣΤΟ ΔΗΜΟΣΙΟ ΕΚΠΑΙΔΕΥΤΙΚΟ ΣΥΣΤΗΜΑ**..................183
6.1. Μεθοδολογικό πλαίσιο, στόχος και πλαίσιο της ερευνητικής προσέγγισης
6.2. Περιγραφική ανάλυση των αποτελεσμάτων
6.2.1. Στάσεις της κοινής γνώμης (Μακρο-επίπεδο)
6.2.2. Αντιλήψεις της κοινότητας των γονέων (Μικρο-επίπεδο) ·Περιγραφική ανάλυση των αποτελεσμάτων
6.3. Κριτικές παρατηρήσεις και στοχασμοί επί των ευρημάτων υπό το πρίσμα των θεωρητικών προϋποθέσεων
6.4. Περιορισμοί της έρευνας

**7. ΣΥΝΘΕΣΗ ΤΩΝ ΕΡΕΥΝΗΤΙΚΩΝ ΕΥΡΗΜΑΤΩΝ ΚΑΙ ΜΕΛΛΟΝΤΙΚΕΣ ΠΡΟΟΠΤΙΚΕΣ**..........................195
7.1. Θεωρητική και Εμπειρική Επάρκεια του Μοντέλου και Βιωματικά Ευρήματα
7.2. Γενικές διαπιστώσεις και συστάσεις
7.3. Προτάσεις για μελλοντική έρευνα

**ΕΠΙΛΟΓΟΣ**..........................................................................203
*Σταυροφόρος Πρωτοπρεσβύτερος Μπόμπαν Μιτέφσκι*

**ΒΙΒΛΙΟΓΡΑΦΙΑ**..................................................................209

**ΠΕΡΙΛΗΨΗ**..........................................................................225

**ΒΙΒΛΙΟΚΡΙΣΙΑ: «Η ΘΡΗΣΚΕΥΤΙΚΗ ΕΚΠΑΙΔΕΥΣΗ ΚΑΙ Η ΠΑΙΔΕΙΑ: ΣΥΓΚΡΙΤΙΚΕΣ ΝΟΜΙΚΕΣ ΠΡΟΟΠΤΙΚΕΣ»** της μοναχής Ευφημίας (Ζάικοβσκα)
Κριτές:..................................................................................245
*Καθηγ. Δρ. Ανέτα Γιόβκοβσκα*
*Καθηγ. Δρ. Αλεξάνταρ Σπασένοφσκι*

**ΠΑΡΑΡΤΗΜΑΤΑ**..................................................................263
11.1. Αναλυτική ανάλυση των αποτελεσμάτων του ερωτηματολογίου για τη διερεύνηση της κοινής γνώμης σχετικά με το μάθημα «Ηθική των Θρησκειών»
11.2. Δημογραφική δομή του δείγματος

# INHALTSVERZEICHNIS

**VORWORT**.....25
*Nonne Efimija Zajkovska*

**EINLEITENDE BEMERKUNGEN**.....33

**1. THEORETISCHER RAHMEN**.....41
1.1. Begriff und Bedeutung des Religionsunterrichts
1.2. Das Verhältnis zwischen Bildung, Religion und Säkularismus: Theoretische Determinanten des Säkularismus
1.3. Modelle des Religionsunterrichts (konfessionell, neutral, komparativ)
Abschließende Betrachtungen

**2. HISTORISCHER KONTEXT DES RELIGIONSUNTERRICHTS** .....69
2.1. Entwicklung des Religionsunterrichts in Europa
2.2. Entwicklung des Religionsunterrichts in den Balkanländern
2.3. Historischer Überblick über den Religionsunterricht in Mazedonien
Abschließende Betrachtungen

**3. KOMPARATIVE ANALYSE DES RELIGIONSUNTERRICHTS** .....89
3.1. Religionsunterricht in ausgewählten europäischen Ländern (Deutschland, Österreich, Frankreich, Großbritannien)
3.1.1. Die Bundesrepublik Deutschland: Ein Modell funktionaler Partnerschaft und konfessioneller Kooperation
3.1.2. Die Republik Österreich: Religionsunterricht zur Förderung von Dialog und Kooperation
3.1.3. Die Französische Republik: Das Modell der strikten Neutralität (Laïcité) und seine Herausforderungen
3.1.4. England: Ein Modell pluralistischer Partnerschaft,

Staatskirchentum und Schulautonomie
3.2. Religionsunterricht in ausgewählten Balkanländern (Serbien, Griechenland, Bulgarien, Kroatien)
3.2.1. Die Republik Serbien: Ein Modell der doppelten Alternative und rechtlichen Symmetrie
3.2.2. Die Hellenische Republik: Ein Modell der Staatsreligion in einer liberalen Demokratie
3.2.3. Die Republik Bulgarien: Ein dynamisches Modell kooperativen Säkularismus
3.2.4. Die Republik Kroatien: Vom sozialistischen Säkularismus zum vertraglichen Modell des Religionsunterrichts
3.3. Identifikation von Best-Practice-Modellen

**4. RECHTLICHER UND POLITISCHER RAHMEN FÜR DEN RELIGIONSUNTERRICHT IN DER REPUBLIK NORD MAZEDONIEN**..............................133
4.1. Verfassungsrechtliche Grundlagen des Religionsunterrichts in der Republik Nord Mazedonien
4.2. Gesetze und Verordnungen (Gesetzliche und untergesetzliche Rechtsakte)
4.3. Bildungspolitiken und Strategien der politischen Parteien
4.4. Die Rolle der Religionsgemeinschaften
4.5. Die Rolle des Verbandes der Lehrer für Ethik der Religionen „Prosvetlenie“
Abschließende Betrachtungen

**5. DER RELIGIONSUNTERRICHT IN DER REPUBLIK NORD MAZEDONIEN**..............................167
5.1. Überblick über das Unterrichtsfach „Ethik der Religionen“
5.2. Analyse des Lehrplans und der Curricula
Abschließende Betrachtungen

**6. EMPIRISCHER EINBLICK IN DAS STIMMUNGSBILD DER ÖFFENTLICHKEIT UND**

## INHALTSVERZEICHNIS

**DER ELTERN ZUM RELIGIONSUNTERRICHT IM ÖFFENTLICHEN BILDUNGSSYSTEM**........................183
6.1. Methodischer Rahmen, Zielsetzung und Kontext des Forschungsansatzes
6.2. Deskriptive Analyse der Ergebnisse
6.2.1. Einstellungen der allgemeinen Öffentlichkeit (Makroebene)
6.2.2. Wahrnehmungen der Elternschaft (Mikroebene)
6.3. Kritische Betrachtungen und Reflexionen der Ergebnisse im Lichte der theoretischen Prämissen
6.4. Grenzen der Untersuchung (Limitations)

**7. SYNTHESE DER FORSCHUNGSBEFUNDE UND ZUKUNFTSPERSPEKTIVE**..............................................195
7.1. Theoretisch-empirische Angemessenheit des Modells und erfahrungsbasierte Erkenntnisse
7.2. Allgemeine Betrachtungen und Handlungsempfehlungen
7.3. Empfehlungen für zukünftige Forschungsarbeiten

**NACHWORT**........................................................................203
*Stavrophoren - Protopresbyter Boban Mitevski*

**LITERATURVERZEICHNIS**............................................209

**ZUSAMMENFASSUNG / ABSTRACT**..........................225

**BUCHREZENSION: „RELIGIÖSE BILDUNG UND ΠΑΙΔΕΙΑ: RECHTSVERGLEICHENDE PERSPEKTIVEN“** von Nonne Efimija (Zajkovska).....245
Rezensenten:
*Prof. Dr. Aneta Jovkovska*
*Prof. Dr. Aleksandar Spasenovski*

**ANHÄNGE**..........................................................................263
Detaillierte Analyse der Ergebnisse der Meinungsumfrage zum Unterrichtsfach „Ethik der Religionen“
Demografische Struktur der Stichprobe

# PËRMBAJTJA

**PARATHËNIE**...........................................................................25
*Murgeshë Efimija Zajkovska*

**SHENIME HYRËSE**.......................................................................33

**1. KORNIZA TEORIKE**....................................................................41
1.1. Koncepti dhe rëndësia e arsimit fetar
1.2. Lidhja ndërmjet arsimit, religjionit dhe sekularizmit: Përcaktuesit teorikë të sekularizmit
1.3. Modelet e arsimit fetar (konfesional, neutral, krahasues)
Konstatime përmbyllëse

**2. KONTEKSTI HISTORIK I ARSIMIT FETAR**.........69
2.1. Zhvillimi i arsimit fetar në Evropë
2.2. Zhvillimi i arsimit fetar në vendet e Ballkanit
2.3. Vështrim historik i arsimit fetar në Republikën e Maqedonisë së Veriut
Konstatime përmbyllëse

**3. ANALIZË KRAHASUESE E ARSIMIT FETAR**.......89
3.1. Arsimi fetar në vende të përzgjedhura evropiane (Gjermani, Austri, Francë, Britani e Madhe)
3.1.1. Republika Federale e Gjermanisë: Model i partneritetit funksional dhe bashkëpunimit konfesional
3.1.2. Republika e Austria: Arsimi fetar për promovimin e dialogut dhe bashkëpunimit
3.1.3. Republika Franceze: Modeli i neutralitetit të rreptë (Laïcité) dhe sfidat e tij
3.1.4. Anglia: Model i partneritetit pluralist, religjionit shtetëror dhe autonomisë shkollore
3.2. Arsimi fetar në vende të përzgjedhura të Ballkanit (Serbi, Greqi, Bullgari, Kroaci)
3.2.1. Republika e Serbisë: Model i alternativës së dyfishtë dhe simetrisë juridike
3.2.2. Republika e Greqisë: Model i religjionit shtetëror

në një demokraci liberale
3.2.3. Republika e Bullgarisë: Model dinamik i sekularizmit bashkëpunues
3.2.4. Republika e Kroacia: Nga sekularizmi socialist drejt modelit kontraktual të arsimit fetar
3.3. Identifikimi i praktikave të mira

**4. KORNIZA JURIDIKE DHE POLITIKE PËR ARSIMIN FETAR NË REPUBLIKËN E MAQEDONISË SË VERIUT**.............................................133
4.1. Bazat kushtetuese të arsimit fetar në Republikën e Maqedonisë së Veriut
4.2. Aktet ligjore dhe nënligjore
4.3. Politikat arsimore dhe strategjitë e partive politike
4.4. Roli i bashkësive fetare
4.5. Roli i Shoqatës së Profesorëve të Etikës në Religjione „Prosvetlenie“
Konstatime përmbyllëse

**5. ARSIMI FETAR NË REPUBLIKËN E MAQEDONISË SË VERIUT**.............................................167
5.1. Vështrim i përgjithshëm i lëndës „Etika në religjione“
5.2. Analiza e programit mësimor
Konstatime përmbyllëse

**6. VËSHTRIM EMPIRIK MBI PULSIN E PUBLIKUT DHE TË PRINDËRVE LIDHUR ME ARSIMIN FETAR NË SISTEMIN PUBLIK** ....................................................183
6.1. Korniza metodologjike, qëllimi dhe konteksti i qasjes kërkimore
6.2. Analiza përshkruese e rezultateve
6.2.1. Qëndrimet e publikut të gjerë (Makro-nivel)
6.2.2. Perceptimet e komunitetit të prindërve (Mikro-nivel)
6.3. Vështrime kritike dhe reflektime mbi gjetjet përmes

prizmit të premisave teorike
6.4. Kufizimet e hulumtimit

**7. SINTERIZIMI I REZULTATEVE TË HULMTIMIT DHE PERSPEKTIVAT E SË ARDHMES**.......................195
7.1. Përshtatshmëria Teoriko-Empirike e Modelit dhe Gjetjet Përvojore
7.2. Konsiderata të përgjithshme dhe rekomandime
7.3. Recomendime për hulumtime të ardhshme

**PASTHËNIE**........................................................................203
*Protopresbiteri me kryq Boban Mitevski*

**BIBLIOGRAFIA**....................................................................209

**PËRMBLEDHJE / ABSTRACT**.........................................225

**RECENZION PËR LIBRIN: "ARSIMI FETAR DHE ΠΑΙΔΕΙΑ: PERSPEKTIVA JURIDIKO-KRAHASUESE"** .........................................................245
nga murgesha Efimiia (Zajkovska)
Recenzentë:
*Prof. Dr. Aneta Jovkovska*
*Prof. Dr. Aleksandar Spasenovski*

**BASHKËNGJITJET**...............................................................263
Analizë e detajuar e rezultateve të pyetësorit për hulumtimin e opinionit publik lidhur me lëndën „Etika në religjione"
Struktura demografike e mostrës



# ПРЕДГОВОР

Монографијата која ја претставуваме на јавноста нуди детален преглед на позитивно-правните норми и наставните програми, но и сеопфатна рефлексија за местото на религиското образование во рамките на современиот образовен систем. Ова дело ја надминува тесната рамка на формалните академски анализи, навлегувајќи во онтолошките прашања за човековото достоинство, слободата и социјалната кохезија - призма низ која се преиспитува и самата природа на педагошкиот процес. Тргнувајќи од премисата дека самото образование, во својата суштина, не може да биде сведено на едноставна акумулација на информации, оваа студија нагласува дека неговата примарна цел е целосно вообличување на човечката личност.

Токму во овој контекст на трагање по интегрален развој на личноста, идејата за преточување на истражувањата во монографско издание и нивно предавање на пошироката научна и општествена јавност

се роди како поттик и иницијатива на мојот Старец и духовен татко, епископот Антаниски г. Партениј. Неговата визија дека теолошката и научната мисла не смеат да останат изолирани во самодоволност, туку мора да служат како жив патоказ и одговор на предизвиците во општествената реалност, беше клучниот мотив за реализација на овој проект. Парадигмата што тој ја застапува, имено за неопходноста од суштинска синтеза помеѓу духовните вредности и интелектуалниот развој, е длабоко вградена во методолошкиот и концептуалниот пристап на ова дело.

Водејќи се од ваквата фундаментална премиса, главната цел на ова издание е систематски да ги изложи релевантните аргументи кои се однесуваат на местото, улогата и значењето на религиското образование во јавниот образовен систем. Низ една поширока компаративна анализа, со посебен фокус на приликите во Република Северна Македонија, оваа книга ги адресира предизвиците што ги поставува современиот секуларизам, преиспитувајќи ги границите помеѓу сакралното и профаното во државниот простор. Намерата е да се понудат одговори кои се правно издржани и уставно поткрепени, но и теолошки втемелени и философски артикулирани, овозможувајќи му на читателот да го согледа религиското образование како неопходен конститутивен елемент на современиот демократски образовен модел.

Сепак, да се говори за религиското образование во XXI век, во ера на дигитална фрагментација и доминација на хипер-секуларистичките наративи, подразбира подготвеност за соочување со темелните противречности на модерноста. Во теолошко-философска смисла, поимот „образование“ во своето изворно етимолошко значење е процес на „образување“

– вообличување на човекот според Првообразот, откривање на неговиот трансцендентен потенцијал и негово оспособување за егзистенцијална слобода и одговорен живот во заедницата. Доколку образованието се лиши од оваа своја духовна димензија, тоа неминовно се сведува на чист механизам на социјално инженерство и пазарна условеност, создавајќи индивидуи лишени од подлабок етички темел.

Токму во судирот со оваа онтолошка суштина на образованието, современиот секуларизам, сфатен во неговата радикална и ексклузивистичка форма, честопати се обидува механички да ја протера религијата на маргините на приватноста, прогласувајќи го јавниот и образовниот простор за „неутрален". Меѓутоа, современата правна теорија и политичката философија докажуваат дека апсолутна неутралност е невозможна, а обидот за насилно отстранување на религиозните вредности најчесто создава духовен и морален вакуум, што на нашите простори беше историски манифестирано преку репресивниот модел на идеолошкиот атеизам во минатиот век. Наспроти ваквата исклучивост, современите демократски системи развиваат инклузивни и кооперативни модели на секуларизам. Тие се потпираат врз принципот на позитивна неутралност, каде државата останува институционално одвоена од верските заедници, но ја препознава религијата како важен социјален, културен и морален капитал, обезбедувајќи рамка за слободно изразување на идентитетот на граѓаните.

Затоа, имплементацијата и континуитетот на религиското образование, конкретно преку предметот „Етика во религиите" во државните училишта, не претставува нарушување на секуларниот карактер на државата - тоа е израз на зрел, кооперативен

секуларизам. Овој концепт ја почитува позитивната слобода на вероисповед и е во целосна согласност со меѓународните стандарди, кои го гарантираат правото на родителите да ги воспитуваат своите деца во согласност со сопствените убедувања.

Широкиот хоризонт на ова истражување дополнително ги анализира утврдените европски и балкански модели, со што се демонстрира дека државите со највисок степен на демократски развој наоѓаат креативни институционални механизми за интеграција на религиското образование во училишниот систем. Во европскиот образовен контекст, религиското образование не се третира како инструмент за индоктринација, туку како платформа за дијалог и градење мостови помеѓу различните заедници, што е од витално значење за нашето мултиконфесионално и мултиетничко општество. Емпириските, пак, податоци собрани и анализирани во ова дело јасно покажуваат дека јавноста, родителите и самите ученици имаат реална потреба од вакви содржини, кои етички ги описменуваат младите генерации и ги прават отпорни на предизвиците на радикализацијата, вредносниот релативизам и нихилизмот.

Следствено, оваа студија е резултат на долгогодишен научно-истражувачки ангажман и институционална заложба за зачувување на достоинството на наставниот кадар во сферата на религиското образование, кој често е изложен на бирократски предизвици и правна несигурност. Имено, во време кога младите генерации се соочени со сериозен вредносен вакуум, прашањето за нивното етичко образование прераснува во прашање од стратешки интерес за општеството. Оваа книга настана токму со намера научно да се верификува потребата од заштита на

професионалниот статус на наставниците, но и да се укаже на општествената одговорност пред потребите на учениците за систематско етичко и духовно образование.

Од насуштно значење е да се истакне фактот дека секое научно достигнување и интелектуален труд, покрај методолошката дисциплина, во себе носи и една подлабока, невидлива духовна поткрепа која му дава смисла на целиот творечки процес. Затоа, заокружувајќи го ова дело, чувствувам силна внатрешна потреба да ја изразам својата најдлабока почит и благодарност кон оној кој е мојот најголем вдахновител и сидро во сите творечки и животни предизвици.

Пред сè, мојата монашка љубов и бескрајна благодарност му припаѓаат на мојот Старец и духовен татко, епископот Антаниски г. Партениј. Неговото присуство во мојот живот го споредувам со она што блаженоупокоениот Старец Емилијан Симонопетриски го нарекува „искусен кормилар, кој во време на бура го грабнува кормилото и го води кон тивкото пристаниште", спуштајќи го сидрото среде немирните моришта на овој свет. Како силен визионер и плоден мислител, тој со децении наназад ја развива токму онаа теолошка мисија, која е срцевина на оваа книга: мисијата на Црквата која не се изолира од светот, туку излегува во пресрет на современиот човек, нудејќи му го живиот Христов образ наспроти сите модерни отуѓувања. Неговиот личен пример на беспрекорно себежртвување, интелектуална храброст и неуморно дејствување во општествената сфера е темелниот патоказ кој ме бодри да издржам во сите творечки искушенија. Кога покрај себе имате таков духовен раководител, неговиот подвиг станува внатрешен императив за сопствената дејност; секој

друг избор кој би значел отстапување пред тешкотиите или претпочитање на личниот комфор пред борбата за егзистенцијалната вистина, би бил суштинско промашување на духовната цел и одговорност што тој ни ги пренесува.

Оваа монографија, воедно, е и заедничко дело со моите во Христа браќа и сестри, монасите и монахињите од нашите свештени Обители. Нивната несебична помош, соприсуство и безрезервна молитвена поддршка се мојата најголема сила. Без тој благодатен амбиент, ова истражување немаше да го добие својот конечен облик. Затоа, ова не е книга на еден поединец, туку плод на една духовна заедница која секојдневно ја сведочи и ја живее силата на соборноста.

Посебно место во настанувањето на ова дело зазема мојата сестра, Ивана Деловска – една прекрасна професорка по наставниот предмет Етика во религиите - која со својот ентузијазам и знаење пали светилници во училниците. Нејзиниот критички ум и непоколеблива етичка вертикала ме корегираа и ме поттикнуваа секогаш да одам чекор понатаму. Благодарност и до моите сакани родители, Горан и Вера. Монографијата е само мал дар во пресрет на нивната бескрајна добрина и љубов. Благодарам и на Влатко Деловски, сопругот на мојата сестра и татко на моите внуци, Коприна и Јосиф, чија што најчиста љубов, љубопитност и насмевка беа сврзно ткиво додека настануваше ова дело.

Во професионалната и академската сфера, должам огромна благодарност на мојот ментор од прводбранетите магистерски студии по Уставно право и политички систем, кој е мој ментор и на докторските студии, проф. д-р Александар Спасеновски.

Истражувајќи ја оваа тема, го открив фасцинантниот интензитет на долгогодишната борба за етаблирање на религиското образование во македонските државни училишта што тој ја водел - борба за чиј полн обем претходно не бев целосно свесна. Неговиот неприкосновен научен, но и општествено-политички придонес кон разрешувањето на проблемите поврзани со религиското образование во нашата земја е од капитално значење. Иако многупати, бранејќи го значењето и потребата од постоење на овој наставен предмет, сме биле на исто место и во исто време, споделувајќи ги истите грижи, дури сега, низ призмата на документите и историскиот преглед, го сфатив огромниот товар што тој го носел на своите плеќи. Неговото научно и човечко дело ми послужи како длабока инспирација.

Исто така, мојата благодарност ја упатувам и до ставрофорниот протопрезвитер Бобан Митевски, претседател на Асоцијацијата на професори по Етика во религии и мој верен брат во Христа. Со него, годиниве наназад, ги испробавме сите можни стратегии, ги поминавме сите административни лавиринти и преговори со државните чинители и институции. Под огромниот притисок на бирократските предизвици, признавам, многу пати и двајцата се соочувавме со моменти на исцрпеност, но за среќа, благодарение на меѓусебната поддршка, никогаш не отстапивме од зацртаната цел.

Благодарност ѝ изразувам и на мојата менторка на вториот магистерски труд, проф. д-р Анета Јовковска, под чие стручно раководство на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ во Скопје се вообличи научното истражување од кое директно произлезе оваа монографска студија.

Изразувам искрена професионална и лична благодарност и до колегите од Асоцијацијата на професори по Етика во религиите, како и до претставниците на медиумите. Преку нивниот професионален ангажман, гласот за важноста на религиското образование во македонскиот образовен простор успеа да допре до граѓаните, отворајќи широк и конструктивен општествен дијалог.

Монографијата ја предавам на судот на научната критика и на читателите, со надеж дека ќе послужи како поттик за понатамошни интердисциплинарни истражувања и како цврст аргумент во одбрана на правото на младите генерации да растат со познавање на своите духовни и културни корени.

*Авторката*

# ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ

Современото општество се наоѓа во состојба на постојано нормативно, технолошко и вредносно бранување, каде границите помеѓу јавното и приватното, секуларното и сакралното, глобалното и локалното, постојано се редефинираат и преиспитуваат. Во овој бурен и сложен сплет од социјални сили, кои се дополнително генерирани од интензивните процеси на глобализација и длабока индивидуализација, јавниот образовен систем се појавува како централна арена, односно како своевиден институционален мегдан на кој неизбежно се кршат копјата на различните идеологии, традиционалните наследства и визиите за иднината.

Токму поради ваквите општествени констелации, прашањето за местото, улогата, обемот и оправданоста на религиското образование во државните училишта веќе долго време не претставува само из-

олирана теолошка дебата или чисто педагошка дилема. Напротив, тоа е, пред сѐ, длабоко политичко, правно, културолошко и егзистенцијално прашање, кое во својата суштина го тестира демократскиот капацитет, зрелоста и флексибилноста на една современа држава за менацирање со културниот и верскиот плурализам.

Во оваа смисла, Република Северна Македонија, како специфичен, комплексен постсоцијалистички и мултиконфесионален амбиент, во својот долг и макотрпен транзициски пат кон изградба на стабилно демократско општество, се соочува со суштинскиот предизвик: како да изгради модел кој доследно ќе го почитува уставниот принцип на одвоеност на државата од Црквите и верските заедници, но истовремено нема со сила да ја анихилира, маргинализира или игнорира религиозната писменост. Зашто, религиозната писменост не е некаков општествен луксуз, туку фундаментална компонента на историскиот, културниот, уметничкиот и етичкиот идентитет на граѓаните на оваа земја. Оттука, во општество каде традицијата и духовните корени играат силна кохезивна, но понекогаш и поларизирачка улога, образовниот систем едноставно мора да најде начин соодветно да ги едуцира младите генерации за религијата, наместо да ги остави на милост и немилост на предрасудите, стереотипите и верскиот аналфабетизам, кои секогаш се плодна почва за манипулации, радикализам и меѓуетнички или меѓуверски јазови.

Поаѓајќи од ваквата општествена реалност, постоечкиот религиски предмет „Етика во религиите“ во македонскиот образовен систем не може да се набљудува како обична, формална наставна содржина, ниту пак, како механички збир на сувопарни ин-

формации за верското минато. Тој, во својата суштина, претставува жива, сложена педагошка средба и искрен институционален обид за воспоставување на долгорочен дијалошки мост во општеството. Токму од насушната потреба научно, критички, објективно и повеќеслојно да се осветли овој деликатен образовен и социјален феномен се роди и оваа монографија. Притоа, главната намера на истражувањето е целосно да ги надмине црно-белите и честопати идеолошки обоени јавни дискурси, кои отфрлаат секаков вид на религиско образование, прогласувајќи го за деструктивен општествен анахронизам, без притоа да ги согледаат неговите воспитни потенцијали.

Водејќи се од оваа цел, а низ призмата на правото, теологијата и современата педагогија, оваа студија се стреми да понуди теоретски издржан, но и емпириски аргументиран одговор на фундаменталното прашање: на кој начин модерното образование може и треба да го искористи и интегрира богатото духовно, философско и морално наследство на човештвото, а притоа ни најмалку да не ја загрози, туку напротив, научно да ја афирмира слободата на совеста, мислата и уверувањето на секој поединечен ученик? Имено, изучувањето на моралните аспекти на големите светски религии нуди уникатна платформа каде природно можат да се пресретнат универзалните хуманистички вредности и специфичните верски погледи на светот, со што кај учениците се гради неопходната вештина за критичко размислување, етичка рефлексија и подлабоко саморазбирање.

Концептуалниот столб на книгата е изграден врз стремежот да се понудат сеопфатни одговори на наведените предизвици, преку детално расветлување на неколку клучни дилеми. Поставените прашања

кои ја водат аналитичката перспектива претставуваат реални, горливи јазли во современиот општествен контекст, чие прецизно дешифрирање е неопходно за разнишување на воспоставените стереотипи и за отворање нови хоризонти во образовната практика:

Дали и под кои конкретни нормативни и методолошки услови религиското образование во државните (јавните) училишта е целосно во согласност со уставниот принцип на секуларност и одвоеност на државата и верските заедници?

Дали реалното присуство на предметот „Етика во религиите" во наставниот план ефективно придонесува за развој на општествениот плурализам, меѓусебната толеранција и демократската култура кај учениците во Република Северна Македонија?

Какви се реалните перцепции, ставови и очекувања на јавниот дискурс, медиумите, а пред сѐ на родителите на учениците во однос на воспитната, моралната и општествената улога на овој наставен предмет?

Дали постојниот наставен и институционален модел на религиско образование во Република Северна Македонија обезбедува доволно ниво на инклузивност за сите заедници и соодветна педагошка прилагоденост за возраста на учениците?

Во која мера и со каков квалитет актуелниот наставен кадар во училиштата располага со соодветна, кохерентна теолошка, но и современа методско-педагошка подготовка за успешно реализирање на оваа деликатна настава?

Кои клучни, позитивни елементи од етаблираните европски и регионални балкански модели на религиско образование можат критички и функционално да се адаптираат во специфичниот македон-

ски образовен контекст?

Во потрагата по одговори и решенија, низ сите поглавја на оваа монографија суптилно се провлекуваат три стожерни тези. Како темелни носечки столбови на истражувачката мисла, тие ги мапираат границите на правната одржливост, кадровската подготвеност и општествената оправданост на етичко-религиското образование, истовремено нудејќи патоказ за надминување на воочените институционални дефицити:

Првата фундаментална теза на која се потпира ова научно истражување го застапува аргументот дека религиското образование во јавните училишта, кога е поставено на строго феноменолошка, научна, објективна и чисто едукативна основа (а не на догматска или катихетска), е во потполна согласност со уставниот принцип на секуларност на државата. Ваквиот пристап се карактеризира со значајна општествена вредност бидејќи суштински придонесува за развој на зрелост, интеркултурна чувствителност и висока демократска култура кај младите ученици.

Понатаму, продлабочената теоретска и емпириска анализа нè води до неодминливиот заклучок дека квалитетната, ефикасна и педагошки одржлива реализација на наставниот предмет „Етика во религиите“ во основните училишта, императивно претпоставува наставата да ја изведуваат исклучиво дипломирани теолози. Овие кадри мора да имаат завршено соодветни стручни академски студии, кои дополнително се заокружени со специјализирана подготовка по методика на наставата по религиско воспитание и образование, во согласност со актуелната македонска нормативна рамка.

И на крајот, како трет клучен аргумент и дида-

ктички предизвик се наметнува согледувањето дека постојниот фонд на наставни часови предвиден за предметот „Етика во религиите“ во рамките на годишниот наставен план претставува сериозен ограничувачки фактор. Оваа квантитативна рамка директно оневозможува целосно, темелно и квалитетно остварување на неговите длабоки образовно-воспитни цели, а воедно го кочи и систематскиот, долгорочен развој на интеркултурни и религиско-етички компетенции кај учениците.

Имајќи ги предвид ваквите позиции и тргнувајќи од цврстите теоретски премиси и истражувачки прашања, страниците што следат во оваа книга нудат едно возбудливо, детално и аргументирано научно патување низ историските лавиринти на европското и балканското образование, уставно-правните лавиринти на македонскиот систем, како и низ егзактните податоци добиени од обемните емпириски анкети. Сето ова е направено со една единствена, крајна цел: да се пронајде, дефинира и трасира патеката кон еден интелигентен, отворен, инклузивен и длабоко хуман модел на образование во Република Северна Македонија – модел кој на вистински начин ќе ги обединува знаењето и етиката во непосредна служба на заедничкиот соживот.



# 1. ТЕОРЕТСКА РАМКА

## 1.1. Поим и значење на религиското образование

Дефинирањето на поимот религиско образование претставува комплексен теоретски предизвик, поставен на динамичниот пресек помеѓу теологијата, педагогијата, социологијата и правните науки. Во современиот образовен дискурс, овој феномен повеќе не се набљудува низ тесната призма на еднодимензионалниот пренос на догматски вистини. Напротив, настојувајќи да одговори на сложените предизвици на глобализацијата, плурализмот и културната разновидност, религиското образование се трансформира во отворен институционален простор за интеркултурен дијалог и општествена кохезија. Оваа транзиција јасно покажува дека неговото присуство во јавните училишта не се доживува како анахронизам, туку како суштински елемент на современиот демократски концепт за правото на интегрално образование.

Споменатото сфаќање се темели на премисата дека образованието, во своето изворно етимолошко значење, ги надминува рамките на обичното техничко оспособување и пазарната условеност, кои неретко продуцираат поединци без подлабок етички темел. Напротив, образованието е суштински процес на вредносно оформување на личноста и носечки онтолошки столб на секое автентично воспитание. Низ него се отвора просторот за достигнување на вистинската егзистенцијална слобода, втемелена во одговорниот соживот во заедницата.

Поставената теолошко-философска логика има длабоки корени во класичната античка мисла и директно се надоврзува на старогрчкиот концепт на паидија (παιδεία). Паидијата не означувала едноставно учење или стекнување вештини, туку подразбирала сеопфатен, доживотен систем на култивирање, воспитување и обликување на човековата природа кон нејзиниот полн потенцијал.

Во темелот на овој воспитен систем стоел идеалот на калокагатија (καλοκαγαθία) - сложен концепт кој настанал како синтеза на зборовите калос (καλός - убав) и агатос (ἀγαθός - добар). Овој идеал претпоставувал дека вистинската извонредност на човекот (арети/αρετή) се постигнува исклучиво преку хармоничниот спој на внатрешната морална добрина и надворешната, телесна и естетска убавина на личноста.[1] Човекот на калокагатијата бил интелектуално буден, морално чист и општествено одговорен поединец.

Раното христијанство изврши креативна рецепција и суштинска преобразба на овој класичен ан-

1 Davey Naugle, *The Greek Concept of Paideia-Paideia* (DBU Summer Institute in Christian Scholarship, Dallas Baptist University, Dallas, s.a.), 1–9.

тички идеал, давајќи му специфична сотириолошка и есхатолошка длабочина. За Светите отци, образованието и воспитанието веќе не се исцрпуваа во рамките на прагматичната подготовка на поединецот за неговите граѓански должности во овоземниот полис. Напротив, тие го издигнаа воспитниот процес во катализатор за преобразување и духовно формирање на личноста како „битие во заедница" (being in communion).[2] Во оваа светоотечка онтологија, човекот не се дефинира како изолиран и самодоволен индивидуум, туку како битие чиј идентитет и автентично постоење извираат исклучиво од релацијата со другиот - најнапред со Бога како негов Творец, а потоа и со ближниот во заедницата на љубовта. Оттука, христијанскиот образовен идеал се насочува кон ослободување на човекот од оковите на индивидуализмот, оспособувајќи го да ја оствари својата полнота низ литургискиот и социјалниот соживот, каде спасението и личното усовршување се секогаш заеднички чин.

Денес, современиот свет ја преместува оваа онтолошка длабочина на пресекот помеѓу правните, општествените и хуманистичките науки. На оваа граница, религиското образование добива нагласена двојна функција: превентивна и културолошка. Од една страна, преку критичко и научно изучување на религиите, овој модел дејствува како силен механизам против верскиот радикализам, разбивајќи ги екстремистичките наративи уште во основниот образовен процес. Од друга страна, тој директно го адресира проблемот со функционалниот аналфабетизам во однос на религиските прашања. Со стекнувањето

2 John D. Zizioulas, *Communion and Otherness: Further Studies in Personhood and the Church*, T&T Clark, London 2006, 2-3.

на ваква културна писменост, учениците развиваат имунитет кон предрасудите и стереотипите, но ги добиваат и неопходните когнитивни алатки за разбирање на историјата, уметноста, правото и современите социјални процеси во глобален контекст.[3]

На тој начин, модерното религиско образование во рамките на законот го брани правото на секое дете да добие целосно вредносно образование, поврзувајќи го стекнатото знаење со одговорниот граѓански соживот.

Кога ваквиот онтолошки и културен профил ќе се пренесе во конкретниот амбиент на училницата, тој се трансформира во жива и динамична релација помеѓу учесниците во образовниот процес. Во овој контекст, Јовковска нагласува дека религиското образование поседува специфичен дијалошки аспект, каде односот наставник – ученик не се сведува на едноставна трансмисија на информации, туку се воспоставува како педагошка средба што го поттикнува личносниот раст и одговорното самоосвестување. Ваквиот пристап го позиционира ученикот во сложена мрежа на интеракции во образовната средина, што од наставникот бара развиени компетенции засновани врз толеранција, дијалог и соработка. Следствено, православното разбирање на образованието ја согледува личноста во нејзината онтолошка целовитост, директно спротивставувајќи се на современите секуларни тенденции на фрагментација на човековиот дух.[4]

---

3 Марија Ангеловска, „Секуларизмот и религиозното образование во Европа", (2018) https://bigorski.org.mk/etika/sekularizmot-i-religioznoto-obrazovanie-vo-evropa/(пристапено на 10.02.2026).

4 Анета Јовковска, „Дијалошки аспект на христијанското образование и воспитание како основа за личносен раст и преобразба", „Црква и мисија": *Зборник на трудови од Шестиот и Седмиот Светиклиментов*

Имплементацијата на ваквиот сеопфатен пристап во рамките на јавните образовни системи не тече секогаш едноставно. Напротив, таа често се соочува со сериозни концептуални тензии, кои создаваат видлив јаз помеѓу прагматичните барања на државата и суштинската природа на самата религија. Во секојдневната образовна практика, ова се манифестира како тивок судир помеѓу две различни визии за тоа што треба да постигне овој предмет.

Од една страна се наоѓаат т.н. инструментални цели на државата, каде што религиското образование се користи како алатка за постигнување на социјална кохезија и мир во општеството. Од друга страна, пак, стојат неговите суштински цели, кои се насочени кон личното, духовно осознавање и внатрешно усовршување на секој поединец.

Токму на оваа потенцијално опасна линија на раздвојување предупредува теоретичарот Даниел Мулин. Тој укажува дека доколку религиското образование во државните училишта целосно се лиши од својата врска со автентичната теолошка традиција, се јавува сериозен ризик религиите да бидат претставени премногу површно или строго технички. Ваквиот редукционизам не само што ја осиромашува образовната содржина, туку создава и чувство на неавтентичност кај самите верници, сведувајќи го живото духовно искуство на сувопарен историски факт или обичен фолклорен декор.[5] На тој начин, ученикот нема можност да се соочи со вистинската егзистенцијална длабочина што ја носи религиозниот фено-

*научен собир 2022-2023* – Скопје, Православен богословски факултет „Св. Климент Охридски“, Скопје 2024, 53.

5 David Moulin, „Doubts about Religious Education in Public Schooling“, *International Journal of Christianity & Education* 19, 1 (2015), 1.

мен во себе.

За да се надмине оваа тензија и да се воспостави креативен баланс меѓу општествените очекувања на државата и автентичноста на духовната традиција, значењето на религиското образование мора да се набљудува преку две меѓусебно поврзани рамки:

Педагошка рамка – чија што примарна задача е да развие способност кај ученикот за да може длабински да ги разбере симболичките, метафизичките и етичките пораки на сопствената, но и на туѓите религии, придонесувајќи за неговото целосно личносно созревање;

Социо-правна рамка - која го озаконува и заштитува правото на образование што ги вклучува религиските содржини како составен дел од општото културно наследство, со што директно помага за меѓусебно разбирање во едно плуралистичко и мултиконфесионално општество.

Како најуспешен обид за премостување на овој јаз во современата педагогија, посебно се издвојува т.н. интерпретативен пристап, чиј творец е Роберт Џексон. Овој модел нуди специфична методологија која се темели врз три главни столбови: репрезентација (како ја прикажуваме религијата), интерпретација (како ја толкуваме) и рефлексивност (како таа влијае врз нас). Според Џексон, религиите во училницата не смеат да се предаваат како статични реликвии од минатото, туку како живи заедници на значење, кои постојано се толкуваат и преиспитуваат. Со ваквиот пристап, ученикот престанува да биде пасивен конзумент на информации и станува активен субјект во сопственото образование. Преку соочувањето со новите сознанија, тој критички ги преиспитува сопствените предрасуди и претпоставки, трансформирајќи

го знаењето во лична вредност. Во оваа перспектива, религиското образование се трансформира во процес на созревање кој стекнатото знаење директно го поврзува со одговорното живеење во заедницата.[6]

И покрај сите овие очигледни предности на моделот на Џексон, научната објективност наметнува обврска да се потенцира дека интерпретативниот пристап во себе крие и одредени теоретски и методски замки. Имено, доколку во училницата се претера со слободното толкување, постои реален ризик од целосна релативизација на нештата. Тоа се случува кога ќе се избрише фината, но клучна граница помеѓу ладната академска анализа на религијата и самото живо исповедање на верата како автентична црковна реалност. Едно е да се анализира религијата однадвор како општествен феномен, а сосема друго е да се разбере нејзината внатрешна вистина. Затоа, крајниот заклучок упатува на тоа дека модерната педагошка отвореност секогаш мора да биде придружена со строга методолошка јасност. Само на тој начин образовниот систем нема да ја доведе во прашање автентичноста на религиските традиции што ги изучува.

Во рамките на современиот пристап, ова подразбира систематско запознавање на учениците со фундаменталните религиски вредности, како што се достоинството на личноста, личната одговорност, солидарноста, простувањето, алтруизмот и почитувањето на различностите. Наместо да навлегува во догматска едукација, вака конципираниот модел овозможува религиските содржини да се искористат

6 Robert Jackson and Kevin O'Grady, *Religions and Education in England: Social Plurality, Civil Religion and Religious Education Pedagogy*, Waxmann Verlag, University of Warwick 2007, 196.

како етички ресурси кои директно придонесуваат кон формирање на зрел, автономен вредносен став и граѓанска свест кај младите поединци.

Оттука, религиското образование во овој труд се разбира како простор во кој се среќаваат знаењето, вредностите и личната одговорност. Тоа претставува образовен процес што го интегрира когнитивниот, етичкиот и релацискиот аспект на човековото постоење, придонесувајќи кон развој на религиска писменост, интеркултурна чувствителност и способност за одговорно учество во плуралистичко општество.

Во таа смисла, религиското образование ја почитува слободата на совеста и достоинството на личноста, овозможувајќи информирано и зрело формирање на сопствен вредносен став, во дијалог со религиската традиција и современиот општествен контекст.

## 1.2. Врската помеѓу образованието, религијата и секуларизмот. Теоретски детерминанти на секуларизмот.

Успешното балансирање помеѓу образовните цели на државата и автентичноста на религиските традиции неизбежно зависи од поширокиот правно-политички систем во кој се имплементира наставата. Оттука, за да се разбере како религиското образование може функционално да егзистира во рамките на јавните училишта, неопходно е детално да се анализира природата на секуларизмот како рамка која го уредува овој однос.

Во таа насока, секуларизмот во својата суштина претставува доктрина преку која се настојува да се воспостават соодветни принципи на уредување на општеството втемелени на рационално знаење и ис-

кусто. Теоријата е богата со дефиниции според кои овој концепт означува исклучување на религијата од државните работи, но тоа, сепак, не значи дека тој по дефиниција е антитеистичен. Всушност, секуларната држава примарно се одликува со два клучни елементи: непостоење на официјално призната вероисповед и експлицитна забрана за верска дискриминација. Ваквата држава има право да се потпре на одредени универзални етички принципи кои се иманентни за доминантните верски учења, притоа целосно оставајќи ги граѓаните слободни во однос на нивниот личен избор дали ќе веруваат или не.[7]

Како општествен и правен феномен на модерното време, секуларизацијата своите корени ги наоѓа во длабоките општествени трансформации од XVIII и XIX век, означувајќи го постепеното ослободување на општествените институции, културата и правото од приматот на религиозните авторитети. Класичните социолошки теории, предводени од мислителите како Емил Диркем, Макс Вебер и Карл Маркс, поаѓаа од цврстата претпоставка дека модернизацијата на општеството, развојот на науката и рационализацијата на човековото размислување неминовно ќе доведат до маргинализација, па дури и до целосно исчезнување на религијата од јавната сфера.[8] Оваа парадигма доминираше во општествените науки долг временски период, сугерирајќи дека секуларизацијата е праволиниски и незапирлив процес, кој ја води човечката цивилизација кон целосно рационал-

7 Тања Каракамишева-Јовановска, Александар Спасеновски, Прирачник за правото на верските заедници и за слободата на вероисповед во Р. Македонија, КАС, Скопје 2018, 29.

8 Delos McKown, *The Classical Marxist Critiques of Religion: Marx, Engels, Lenin, Kautsky*, Springer Science & Business Media, Dordrecht 1975, 45.

но општествено уредување.[9]

Историски гледано, формално-правното воспоставување на секуларизмот како уставен принцип низ светот се манифестираше преку два доминантни модели на уредување на односите меѓу државата и верските заедници:

Соработнички / неутрален модел (модел на флексибилно одвојување), кој се заснова на вклучување и неутралност, со примарна заштита на слободата на совеста. Неговиот историски темел е поставен со Првиот амандман на Уставот на САД од 1791 година.[10] Ваквиот уставен пристап, преку клаузулата за забрана на воспоставување државна религија и клаузулата за слободно практикување на верата,[11] создаде рамка во која што државата останува неутрална, но истовремено го штити правото на граѓаните јавно да ги манифестираат своите верски уверувања без страв од државна репресија.[12] Имплементиран во држави како Германија, Австрија, Велика Британија и во повеќето балкански земји, овој концепт ја третира религијата како суштинска, културна и морална компонента што придонесува за социјалната кохезија.

Овој пионерски уставен пример од САД изврши силно влијание врз европските држави, кои инспирирани од него започнаа постепено да го имплементираат начелото на одвоеност на државата од Црквата.

Лаицистички модел (Laïcité), кој подразбира стриктно одвојување и целосно отсуство на рели-

9 Francis Fukuyama, *Kraj istorije i poslednji čovek,* Podgorica 2002, 45.

10 Daniel L. Dreisbach, „The Wall of Separation“, *Christian History & Biography*, Christianity Today International, 9 (2008), 14–17.

11 Hunter O. Howard, Polly J. Price, „Regulation of Religious Proselytism in the United States“, *Brigham Young University Law Review*, 2001, 537–574.

12 Marci A. Hamilton, „Review Essay - Religion and Politics in the United States“, *Journal of Law & Religion*, 21 (2005-2006), 173–179.

гијата од јавниот простор, третирајќи го верското уверување како прашање што подлежи исклучиво на приватната сфера на поединецот. Иако неговата финална правна кодификација се поврзува со подоцнежните векови, идеолошкиот зародиш на лаицистичкото начело датира уште од крајот на XVIII век, односно од периодот на бурните пресврти на Француската револуција од 1789 година. Токму во овој револуционерен период за првпат се прекина традиционалниот сојуз помеѓу Римокатоличката црква и апсолутистичката монархија, што, пак, ја наметна идејата дека суверенитетот ѝ припаѓа на нацијата, а не на божественото право.

Сепак, развојот и практичната имплементација на овој модел во Европа не течеа ниту едноставно ниту линеарно. Напротив, по почетните револуционерни потреси во XVIII век, во текот на целиот XIX век во Франција се одвиваше постојан идеолошки, социјален и политички конфликт помеѓу римокатоличкиот конзервативизам (кој тежнееше кон реставрација на старите верски привилегии) и републиканскиот секуларизам во подем. Оваа повеќедецениска тензија ја доживеа својата прва голема институционална кулминација во периодот 1881/1882 година, со донесувањето на серијата реформски „Жил Фериеви закони“ (Jules Ferry Laws) во образованието. Со нив основното училиште за првпат стана задолжително, бесплатно и експлицитно лаичко (нерелигиозно). Процесот на конечното исклучување на религијата од јавната сфера во Франција беше запечатен со историскиот Закон од 1905 година, кој воспостави строга државно-црковна сепарација и заштита на државните институции од какво било религиозно влијание.[13]

13 *The Encyclopedia of Political Science*, CQ Press 2011, 632-637.

Сепак, современиот развој на демократските општества на крајот од XX и почетокот на XXI век ја демантираше претпоставката за линеарното исчезнување на верскиот феномен, наметнувајќи ја потребата од суштински пресврт во уставно-правното разбирање на секуларизмот. Глобалните општествени текови кои следеа по падот на тоталитарните режими, покажаа дека религискиот фактор останува витален елемент за изградба на индивидуалниот и колективниот идентитет. Ваквите текови докажаа дека редукционистичкото сфаќање на секуларизмот како алатка за потиснување на религијата од јавниот простор, влегува во сериозен конфликт со фундаменталната антропологија на човековото битие, тргнувајќи од фактот дека верската димензија не може насилно да се изолира во приватноста, бидејќи човековата духовност природно тежнее кон социјална манифестација и артикулација низ општествените процеси.[14]

Во тој контекст, современата уставно-правна перспектива понуди многу подлабоко толкување од обичното механичко одвојување на државните институции од верските заедници. Јирген Хабермас ја разви влијателната теорија за пост-секуларно општество, истакнувајќи дека модерната држава не смее да ги третира верските уверувања како анахронизам или како закана за либералното уредување.[15] Пост-секуларната држава мора да биде отворена за етичкиот и вредносниот капацитет на религијата, прифаќајќи дека верските заедници можат да понудат значајни

14 Анета Јовковска, „Црковни наративи и секуларна идеологија", *„Црква и мисија": Зборник на трудови од Шестиот и Седмиот Светиклиментов научен собир 2022-2023* – Скопје, Православен богословски факултет „Св. Климент Охридски", Скопје 2024, 77.

15 Jürgen Habermas, Notes on Post-Secular Society, New Perspectives Quarterly 25, 2008, 17-29.

морални одговори на современите кризи, под услов тие содржини да бидат преведени во јавно достапни и рационални аргументи.[16]

Како последица на оваа еволуција, современите демократии сѐ повеќе го напуштаат крутиот лаицизам и се ориентираат кон соработничкиот модел дефиниран преку концептот на позитивна неутралност. Со тоа, секуларната држава веќе не се перципира како антирелигиозна формација, туку како заеднички дом на сите граѓани – верници, атеисти и агностици – каде власта има обврска да обезбеди еднакви услови за сите, без да се идентификува со ниту една конкретна доктрина.[17] Оттука, современите образовни политики го добиваат потенцијалот да послужат како мост помеѓу традиционалните верски вредности и секуларната реалност.[18]

Теоретското збогатување на концептот на позитивна неутралност ја нагласува активната улога на државниот апарат во обезбедувањето на верските слободи. Државата не смее да дејствува како индиферентен набљудувач, туку како гарант кој создава еднакво правно и институционално поле за сите конструктивни актери, спречувајќи ја доминацијата на мнозинската верска заедница над малцинските групи.[19] Уставната неутралност не смее да се изедначи со државна апатија кон духовниот живот на граѓаните. Иако мора да остане неутрална во однос на дефини-

16 Silvio Ferrari, „The Christian Roots of the Secular State“ in Droit et religion en Europe (Presses universitaires de Strasbourg 2019, 425-441.

17 Gerhard Robbers, „*State and Church in the European Union*“. Baden-Baden: Nomos 2005, p. 5-18.

18 Тања Каракамишева-Јовановска, Александар Спасеновски, Прирачник за правото на верските заедници и за слободата на вероисповед во Р. Македонија, КАС, Скопје 2018, 29.

19 Silvio Ferrari, „*The Christian Roots of the Secular State*“, Strasbourg 2014, 430.

рањето на „добриот живот“, државата има позитивна обврска да обезбеди материјални и институционални ресурси, кои ќе им овозможат на граѓаните еднакви можности за да ги изразуваат своите најдлабоки уверувања, вклучително и во сферата на образованието.[20]

Сепак, со цел да се спречи злоупотребата на религијата за политички цели, влезот на религиските содржини во јавната сфера подлежи на строги уставно-теоретски критериуми. Андраш Сајо го дефинира овој баланс преку условот за „јавен разум“ (public reason), нагласувајќи дека легитимирањето на државните политики или образовни програми не може да се заснова на ексклузивни догматски вистини, кои се прифатливи само за една верска заедница.[21] Напротив, секоја религиска содржина што се воведува во јавниот образовен систем мора да биде усогласена со стандардите на рационалноста, отворената критика и меѓусебното почитување, со цел да биде когнитивно достапна и прифатлива за сите граѓани во едно плуралистичко општество.[22]

Овие теоретски претпоставки го наоѓаат својот конкретен правен израз во меѓународните стандарди за заштита на човековите права. Клучната правна рамка на европскиот континент е зацртана со членот 9 од Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП)[23] и членот 2 од Протоколот бр. 1 кон Конвен-

---

20 Robert Dworkin, „Justice for Hedgehogs“, Harvard University Press, 2013, p. 368-370.

21 András Sajó, ‘Preliminaries to a concept of constitutional secularism’ 6(3-4) International Journal of Constitutional Law 2008, 605-607.

22 András Sajó, ‘Preliminaries to a concept...“ 605-607.

23 *Европска конвенција за заштита на човековите права и основните слободи*, (2025), https://www.echr.coe.int/documents/d/echr/convention_MKD, (пристапено на 10 февруари 2026).

цијата,[24] кои ја гарантираат слободата на мислата, совеста и вероисповедта, како и правото на родителите да обезбедат образование и настава за своите деца во согласност со нивните сопствени верски и филозофски уверувања. Толкувајќи ги овие одредби, Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) низ својата богата судска пракса ја изгради доктрината дека државата мора да биде неутрален и непристрасен организатор на практикувањето на различните религии, а не уставен цензор кој го оценува легитимитетот на верските убедувања. Во своите пресуди, Судот во Стразбур јасно утврдува дека државите имаат право да воведуваат настава за религиозни факти во јавните училишта, но уставниот услов за неутралност налага овие информации да бидат пренесени на објективен, критички и плуралистички начин.[25] Дополнително, Судот потенцира дека јавното училиште не смее да се користи како инструмент за индоктринација, истакнувајќи дека секуларното образование мора строго да ја почитува дистинкцијата меѓу објективното знаење и верското прозелитистичко дејствување.

На глобално рамниште, односот меѓу секуларниот уставен поредок и правото на религиско образование е дополнително прецизиран со Толедските водечки принципи за образование за религиите и верувањата во јавните училишта, изработени под покровителство на ОБСЕ/ОДИХР.[26] Овие принципи

24 Protocol 1 to the European Convention for the Protection of Human Rights and Fundamental Freedoms (ECHR) art 2.

25 Folgerø and others v. Norway App no 15472/02 (ECtHR, 29 June 2007), достапно на: https://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22itemid%22:[%22001-81356%22], пристапено на 27 Февруари 2026.

26 OSCE/ODIHR, Toledo Guiding Principles on Teaching about Religions and Beliefs in Public Schools. Warsaw: OSCE Office for Democratic Institutions and Human Rights, (2007).

поаѓаат од премисата дека стекнувањето објективни знаења за различните религии и светогледи претставува суштинска граѓанска компетенција во XXI век. Според нив, религиозното образование овозможува развивање на култура на дијалог, толеранција и взаемно почитување, дејствувајќи како моќен социјален и безбедносен корректив против верскиот фанатизам, ксенофобијата и радикализацијата на младите. Со тоа, современата теорија го трансформира традиционалниот концепт на секуларизам, позиционирајќи го образованието за религиите не како негова негација, туку како неопходен инструмент за негово опстојување.

На крајот, ваквата уставно-теоретска еволуција најдобро се рефлектира низ визионерскиот концепт на Режис Дебре, кој во својот извештај до француските државни институции ја нагласува потребата од итна транзиција од т.н. лаицизам на ненадлежност (laïcité d›incompétence) кон лаицизам на интелигенција (laïcité d›intelligence).[27] Додека стариот лаицизам на ненадлежност се карактеризираше со институционален страв од религиските факти и нивното целосно игнорирање во јавниот образовен систем, модерниот лаицизам на интелигенција му налага обврска на јавното училиште научно и критички да го објасни религискиот феномен. Без такво знаење, младиот човек останува функционално неписмен за да ја разбере светската историја, уметноста, архитектурата и современите геополитички односи. На тој начин, модерната секуларна држава, преку соработничкиот модел, ја остварува својата крајна цел: заштита на слободата и унапредување на интелектуалниот капа-

27 Régis Debray, L'Enseignement du fait religieux dans l'école laïque: Rapport au ministre de l'Éducation nationale, Odile Jacob 2002, 80.

цитет на своите граѓани.

### 1.3. Модели на религиско образование (конфесионален, компаративен, неутрален)

Теоретската еволуција кон соработничкиот модел и „лаицизмот на интелигенција“ наоѓа своја директна рефлексија во начинот на кој државите практично го организираат наставниот процес. Преточувањето на овие секуларни рамки во конкретни образовни политики резултира со различни институционални решенија ширум Европа, обликувани според историските и правните специфики на секоја земја. Соодветно на тоа, во европскиот образовен простор не постои унифициран модел на религиско образование, што е резултат на специфичните историски, уставни и културни контексти на секоја држава.

Сепак, теоријата ги класифицира овие пристапи во три доминантни парадигми кои се разликуваат според нивото на соработка помеѓу државата, црквите и верските заедници: конфесионален, неконфесионален (компаративен) и неутрален. Онаму каде што религиското образование е конфесионално ориентирано, не се потенцира мешање на црквите и верските заедници во државните работи. Наместо тоа, истото се смета за остварување на државната неутралност и индивидуалната слобода, како и правото на религиозно изразување. Државата не треба да влијае на содржината на наставниот предмет, туку да биде неутрална во поглед на религиската слобода и погледот на светот. Повеќето, пак, земји со приод на неконфесионално религиско образование не дозволуваат право на ученикот да се откаже од изучувањето на овој предмет, иако во некои други европски земји вакво-

то право им е дадено на религиозните малцинства.[28] На пример, образовните системи на скандинавските земји, документираат озаконување на верското образование од страна на државната легислатива, при што црквите, сепак, биваат консултирани, барем за дефинирањето на програмите, а понекогаш и за обуката на наставниците.

## Конфесионален модел

Конфесионалниот модел се темели врз соработката помеѓу државата и верските заедници, при што државата го признава правото на верските заедници да учествуваат во обликувањето на наставната содржина. Овој пристап е застапен (како задолжителен или изборен предмет со широка примена) во повеќе европски држави како Германија, Австрија, Полска, Шпанија, Грција, Романија, Унгарија, Италија, Хрватска и Латвија.

Во ваквиот модел наставата е деноминациски организирана (на пример: православна, католичка или исламска веронаука). Наставните програми и учебниците се усогласуваат со релевантните верски власти, а наставниците често добиваат институционално овластување од црквите и верските заедници.

Правната логика на овој пристап често се темели врз принципот res mixta (заедничка надлежност), според кој државата ја обезбедува институционалната рамка и финансиската поддршка, додека црквите и верските заедници ја гарантираат теолошката и ве-

28 Анета Јовковска, „Застапеноста на христијанското образование во европските земји", Зборник на трудови „Современото христијанско образование, состојби, предизвици и очекувања", уред. Бобан Митевски, АПЕР „Просветление", Скопје 2018, 70.

роисповедната автентичност на содржината. На пример, во Германија, овој модел е уставно загарантиран (член 7, став 2 и 3 од Основниот закон)[29], додека во Австрија и Хрватска е регулиран со конкордати или билатерални договори со државата.

Од православна перспектива, предноста на овој модел се согледува во фактот што верата се претставува „однатре", односно во согласност со живото Предание и еклисијалниот контекст на заедницата. Религијата не се редуцира на културен феномен, туку се разбира како егзистенцијална реалност и начин на живот.

Педагошкиот предизвик на овој модел се однесува на можната сегментација на учениците по верска основа, како и на потребата да се зачува отвореноста кон дијалог во плуралистичката средина.

## Компаративен / Неконфесионален модел

Овој модел, карактеристичен за плуралистичките општества, ја третира религијата како културен феномен и дел од граѓанското образование. Учениците од сите вероисповеди (како и атеистите) учат заедно во ист образовен контекст. Моделот се фокусира на главните светски религии и секуларни светогледи, а е застапен во Англија, Швајцарија и сите скандинавски земји.

Целта на овој тип на религиска настава не е „учење во верата", туку „учење за религиите" и „учење од религиите", со акцент на религиска писменост и критичка рефлексија.

29 *Basic Law for the Federal Republic of Germany* (1949), Art. 7, Sec. 2 and 3, https://www.gesetze-im-internet.de/englisch_gg/englisch_gg.html, (пристапено на 10.02.2026).

Додека предноста на овој модел лежи во развојот на дијалогот и интеркултурната компетентност, теолошката перспектива предупредува на ризикот од редуцирање на религијата на чист социолошки или феноменолошки феномен, со кој се засенува нејзината сотириолошка и еклисијална суштина. Оваа слабост се неутрализира со воспоставување строга граница помеѓу академската анализа и исповедната вистина, со цел да се оневозможи релативизацијата или површното третирање на верските содржини.

**Модел на лаицизам (Неутрален / Етички пристап)**

Овој модел е најрестриктивен во поглед на присуството на верските наставни содржини во училиштата и е карактеристичен за држави со строга традиција на лаицизам, како на пример: Франција, Албанија, Црна Гора, Косово и др.

Во овој пристап религијата не се изучува како посебен предмет, туку нејзините аспекти се интегрираат во наставата по историја, философија или социологија. Наместо религиско образование, се нуди граѓанско образование или етика.

Правната логика на овој модел ја смета религијата за примарно приватна сфера, а јавниот образовен систем настојува да одржи институционална дистанца од верските заедници.

Лаицистичкиот модел е прилично критикуван, и тоа од повеќе научни дисциплини, кои ја оспоруваат неговата реална функционалност во современиот свет:

Прво, од педагошка и културолошка перспектива, вештачкото протерување на религиските содржини од училниците создава сериозен когнитивен

вакуум. Со оглед на тоа што европската цивилизација е незамислива без своите христијански слоеви, лишувањето на учениците од кохерентно религиско знаење води кон еден нов вид на функционална неписменост. Без овие кодови, младите генерации стануваат неспособни суштински да ги дешифрираат класичната уметност, книжевноста, философијата, па дури и современите геополитички процеси. Сведувањето на религијата на инцидентни пасуси во учебниците по историја или социологија ја фрагментира содржината и нуди само површни, механички информации.

Второ, од социолошки аспект, критичарите предупредуваат дека строгиот лаицизам е контрапродуктивен во борбата против радикализацијата. Кога државата одбива да понуди објективно, научно и институционално контролирано знаење за религиите, таа го препушта овој деликатен простор на неконтролирани маргинални центри, интернет-пропаганда и приватни верски училишта каде често доминираат догматски и исклучувачки наративи. Наместо да произведе социјална кохезија, строгата сепарација ризикува да ги турне верските заедници во изолација и гетоизација, што дополнително ги продлабочува општествените поделби. Така, парадоксално, лаицизмот може дури и да го поттикне проблемот со верскиот екстремизам, бидејќи ја лишува училницата од нејзината превентивна улога на арена за демистификација и дијалог.

Конечно, од теолошка и егзистенцијална гледна точка - што е особено видливо во православната, но и во пошироката религиска мисла - инсистирањето дека религијата е строго приватна работа претставува вештачки идеолошки конструкт кој грубо ја

осакатува самата природа на верскиот феномен. За верникот, религијата не е хоби или интелектуална опција која се практикува исклучиво во четирите ѕида на домот или храмот; таа е сеопфатен светоглед што го обликува јавниот морал, социјалната правда и колективниот етос на едно општество. Затоа, принудувањето на поединецот да го „соблече“ својот верски идентитет на прагот на државното училиште, претставува агресивен секуларистички редукционизам кој директно ја загрозува слободата на мислата и правото на автентично изразување на сопственото битие.

## Синтетички осврт

Додека лаицистичкиот модел ја третира религијата како потенцијален извор на поделби кој треба да се минимизира во јавната сфера, конфесионалниот модел ја согледува како социјален и културен капитал. Компаративниот модел, пак, се стреми кон посредна позиција, нагласувајќи ја образовната и дијалошката функција на религиското знаење. Во согласност со ваквите стремежи, современите европски образовни политики го конципираат религиското образование како повеќеслоен процес, кој не само што им овозможува на учениците да го разберат историското и општественото влијание на религиите, туку и директно придонесува за нивниот духовен и морален развој. Низ оваа димензија, младата личност развива подлабока свест за фундаменталните прашања на човековото постоење, што истовремено го поттикнува почитувањето на правата и достоинството на оние со поинакви верски уверувања.

Во таа смисла, неутралноста на државата не подразбира оставање на вредносна празнина, туку

институционална непристрасност во однос на светогледите. Учениците не се повикани да бидат „неутрални“ во однос на вредностите, туку да развијат способност за информирано и одговорно позиционирање во однос на различните системи на верување. Со други зборови, секуларната училница не смее да биде вредносно стерилен простор кој продуцира етичка индиферентност или релативизам кај младата личност. Напротив, додека од државниот апарат се бара формално-правна неутралност која гарантира еднаков третман за сите, од ученикот се очекува егзистенцијален ангажман. Целта на ваквиот образовен модел не е да ги лиши учениците од нивните сопствени верски или философски убедувања, туку да им понуди когнитивни алатки со кои тие ќе ги разберат туѓите светогледи. На тој начин, наместо слепо прифаќање на догми или, пак, нивно радикално отфрлање, образованието овозможува градење на зрел личен идентитет кој е способен за конструктивен дијалог и соживот во едно плуралистичко општество.

Од православна антрополошка перспектива, образованието претставува кооперативен процес во оформувањето на личноста како одговорно и релациско битие. Врз основа на оваа премиса, секој модел на религиско образование треба да се вреднува според неговиот капацитет да придонесе кон интегралниот развој на ученикот, како и кон изградбата на општествен поредок заснован врз човековото достоинство, слободата и заедничарењето.

## Заклучни согледувања на теоретската рамка

Теоретската анализа на поимот, значењето и модели-

те на религиското образование во европскиот образовен простор овозможува формулирање на неколку клучни согледувања кои ја определуваат концептуалната насока на овој труд.

Прво, разгледувањето на меѓународната правна рамка, особено во контекст на Европската конвенција за човекови права, како и современите правно-философски пристапи кон секуларноста, укажува дека присуството на религиските содржини во јавниот образовен систем не претставува нарушување на секуларниот карактер на државата. Напротив, тоа може да се разбере како израз на т.н. позитивна неутралност, при што државата не фаворизира ниту дискриминира одреден светоглед, туку создава правна рамка во која различните уверувања можат да бидат информирано претставени. Во ваков контекст, религиското образование придонесува кон развој на зрел плурализам, овозможувајќи учениците да не ја препознаваат другоста како закана, туку како составен елемент на општественото живеење. Со тоа се намалува ризикот од религиска неинформираност, стереотипизација и радикализација.

Второ, теоретскиот преглед покажува дека современото религиско образование не може да се редуцира на едноставен катехизис. Преку интерпретативните педагошки модели и православната онтолошка перспектива на личноста како битие во однос, образованието се согледува како средба: интелектуална, етичка и релациска. Целта не е само стекнување религиска писменост, иако таа претставува суштинска образовна задача, туку и придонес кон оформување на личност, способна за слободно и одговорно дејствување во мултикултурната средина. Во таа смисла, религиското образование ги поврзува когни-

тивната димензија со вредносната и егзистенцијалната димензија на човековиот развој.

Трето, анализата на различните европски модели (конфесионален, компаративен и лаицистички) покажува дека секој од нив носи сопствени предности и ограничувања. Заедничкиот педагошки предизвик се однесува на можноста од површност во претставувањето на религијата или, пак, од недоволна чувствителност кон плуралистичкиот контекст. Оттука произлегува потребата од јасно редефинирање на улогата на наставникот, кој не е само информатор ниту исклучиво конфесионален сведок, туку стручно оспособен педагог кој ги интегрира теолошкото знаење, методичката компетентност и способноста за дијалог. Ова подразбира системска грижа за академска, теолошка и педагошка надградба на кадарот според однапред определен норматив во наставната програма.

Конечно, теоретските согледувања водат кон заклучок дека религиското образование може да се разбере како значаен општествен ресурс. Со негово внимателно и педагошки осмислено интегрирање во јавниот образовен систем, државата го почитува правото на родителите и учениците на образование во согласност со нивните уверувања, истовремено придонесувајќи кон градење на општествена кохезија преку меѓусебно разбирање на религиските и етичките традиции.

Од православна перспектива, ваквиот пристап не ја сведува верата на културен артефакт, туку ја признава нејзината антрополошка и вредносна димензија, без да ја наруши институционалната непристрасност на државата. Така, религиското образование се појавува како простор во кој слободата,

достоинството и одговорноста на личноста можат да бидат афирмирани во рамките на современиот образовен систем.



# 2. ИСТОРИСКИ КОНТЕКСТ НА РЕЛИГИСКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

## 2.1. Развој на религиското образование во Европа

Историскиот развој на религиското образование во Европа претставува сложен процес на трансформација, кој се движи од институционално повластеното црковно образование, преку радикалните секуларистички исклучувања, па сѐ до денешните модели на позитивна неутралност. Овој хронолошки пат е борба за дефинирање на улогата на религијата во јавниот простор и образованието на модерниот граѓанин.

Корените на современата дебата за религиското образование во Европа лежат во втората половина на 18 век. Во контекст на теоретските премиси за кои стана збор во првата точка од овој труд, Француската револуција (1789) означи радикален раскин со „Стариот режим“ (Ancien Régime), во кој образованието беше подредено на институционалните и догматските интереси на римокатоличката црква. Со воспоставувањето на републиканските вредности, за

првпат се наметна концептот на лаицитет (laïcité), кој бараше целосна еманципација на знаењето од црковната власт. Овој период го постави темелот на модерната секуларна држава, каде државните институции мораа да бидат лишени од религиозниот авторитет за да се заштити слободата на поединецот.[30] Ваквиот негативен секуларизам во Франција кулминираше со Законот од 1905 година, со кој религијата беше целосно исклучена од јавното училиште, поставувајќи модел, кој и денес е предмет на дискусија во европската педагогија.

Додека Франција се движеше кон строга сепарација, остатокот од Европа (особено германските и скандинавските земји) разви поинаков пристап. Во 19 век, при формирањето на националните држави, религијата беше препознаена како важен елемент за утврдување на националниот идентитет и моралниот интегритет на граѓаните. Така, голем број европски земји покажаа дека секуларизмот не мора нужно да значи исклучување, туку може да значи и функционална соработка во корист на образованието.

Првиот сериозен чекор кон меѓународно етаблирање на оваа рамнотежа се случи во повоениот период, преку воспоставувањето на правниот легитимитет на слободата на мислата, совеста и религијата. Клучниот столб на овој процес стана Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП), каде што преку членот 2 од Првиот протокол експлицитно се афирмира правото на родителите да им обезбедат образование на своите деца во согласност со нивните сопствени верски и философски убедувања. Оваа одредба создаде трајна правна основа за присуството на

30 Andrew Copson, *Secularism: Politics, Religion, and Freedom*, Oxford University Press, Oxford 2017, 3–6.

религиските содржини во јавните училишта, но исто така наметна и строга обврска за државите: наставата мора да се реализира на начин што ги почитува објективноста, критичката мисла и плуралистичкиот карактер на општеството. Во таквиот правен амбиент започна постепена, но сигурна трансформација: премин од класично конфесионално воспитување кон современ пристап што го интегрира научното проучување на религиите.

Иако оваа правна рамка егзистираше со децении, вистинскиот катализатор за поексплицитна и поитна дебата на оваа тема во Европа се случи на почетокот на 21 век. Имено, трагичните настани од 11 септември 2001 година во САД, како и нивните последователни безбедносни и социјални рефлексии на европското тло, дејствуваа како драматичен повик за будење на едукаторите и политичарите. Овој глобален пресврт ја наметна свеста дека деценискиот религиозен вакуум и игнорирањето на верскиот феномен во јавните училишта ги оставило младите генерации без критички алатки за разбирање на различностите, создавајќи плодна почва за предрасуди, стереотипи и меѓуетнички конфликти.[31]

Токму под влијание на оваа нова геополитичка реалност, во рамките на европските институции, а пред сè во Советот на Европа, фокусот постепено се помести: дилемата дали на религијата, воопшто, ѝ е местото во училиштето беше заменета со прашањето на кој начин нејзиното присуство може педагошки да се осмисли во служба на дијалогот и општествената

31 Robert Jackson, „The Contribution of Teaching about Religions and Beliefs to Education for Democratic Citizenship in Europe and Beyond: Consequences of the REDCo-project", *Religion in Education: A Contribution to Dialogue or a Factor of Conflict?,* Presentation in the European Parliament, уред. Wolfram Weisse 2008, 30.

стабилност. Така, религијата во оваа нова перспектива престана да се набљудува како безбедносен ризик или средство за догматска инструментализација. Напротив, таа беше препознаена како жива духовна, историска и културна реалност што го обликува идентитетот на модерниот граѓанин.

Ваквите современи предизвици, засилени со брзорастечката миграција и културниот плурализам, оправдано го наметнуваат централното прашање на модерната педагогија: како можат религиските содржини ефективно да коегзистираат во училишниот систем, без притоа да се нарушат личните уверувања на учениците? Одговорот на ова прашање иницираше суштинска еволуција на моделот, при што религиската настава веќе не се перципира како инструмент за индоктринација, туку се согледува како најефикасен метод за развивање на широка религиска писменост и интеркултурна чувствителност.

Водена од ургентната потреба за намалување на ксенофобијата и социјалната исклученост, оваа образовна парадигма брзо прерасна во меѓународно движење. Согледувајќи дека објективното знаење за верските корени на различните култури е најдобар штит против радикализацијата, голем број образовни јурисдикции ширум светот веќе го интегрираа овој неконфесионален концепт во своите национални наставни програми.[32]

На европскиот континент, современиот развој на религиското образование не може да се набљудува изолирано од пошироката правна рамка на еднаков третман на граѓаните. Европските правни системи во

32 Bruce Maxwell, Paul Clarke и Marc Anderson, „Teaching and Learning About Religion in Secular Public Schools", *Law-Based Guidelines for Teachers and School Officials*, vol. 40, no. 5 (2008), 22–23.

значителна мера го имплементираат принципот на недискриминација во однос на религијата и убедувањата. Овој концеп за социјална еднаквост на религијата или убедувањето, се потпира врз три клучни столбови:

Еднаква правна заштита за поединците против какви било неправедни штети или маргинализација кои произлегуваат од нивниот верски идентитет;

Еднаков третман за самите религии, што им наметнува обврска на државните власти да не претпочитаат ниту една религиозна заедница пред друга во јавниот живот;

Еднаквост на овој принцип со останатите социјални идентитети, како што се родот, расата и етничката припадност.[33]

Ваквата правна и социјална сингуларност го подготвува теренот за она што теоретичарите го дефинираат како премин кон „интелигентен лаицитет“ (laïcité d’intelligence). Наместо религискиот феномен целосно да се игнорира во име на погрешно сфатената неутралност, современото демократско училиште е повикано да ја препознае религијата како витален дел од општествената реалност и заедничкото културно наследство.[34] Истражувањата во повеќе европски држави потврдуваат дека самите ученици го доживуваат ваквото образование како безбеден простор за отворање на длабоките егзистенцијални прашања за смислата, вредностите, страдањето и моралната одговорност - димензии кои директно придонесува-

33 Copson, *Secularism,* 5–6.

34 Jean-Paul Willaime, „Religion in the Classroom - the Challenge of a ‘laïcité d’intelligence’ in Europe and Findings of the REDCo-Project“, *Religion in Education - a Contribution to Dialogue or a Factor of Conflict?*, Waxmann, Münster 2008, 23.

ат за уривање на меѓусебните стереотипи.[35]

Впрочем, примарната задача на образованието е да му помогне на ученикот длабински да го разбере светот во кој живее. Тоа когнитивно разбирање неминовно останува фрагментирано и непотполно доколку од наставните програми се запоставаат религиските традиции, симболи и историски процеси кои цивилизациски ги обликувале Европа и светот. На ваквата перспектива се надоврзува и Роберт Џексон, кој потенцира дека религиското образование не смее да ги презентира религиите како статични или музејски системи, туку како живи, динамични традиции кои се наоѓаат во постојан меѓусебен допир. Токму преку тоа соочување со другоста, ученикот добива можност критички да го преиспита и сопствениот светоглед.[36]

Ваквиот современ научен пристап е во корелација со Препораката 1804 (2007) на Парламентарното собрание на Советот на Европа. Во овој документ експлицитно се афирмира незаменливата улога на јавното образование во надминувањето на социјалната игноранција, предрасудите и стереотипите поврзани со верските феномени.[37]

Следствено, историскиот развој на овој феномен во Европа може да се согледа како еволутивно движење: од периоди на конфесионална доминација, преку фази на радикално и круто исклучување на религијата од јавната сфера, па сè до актуелниот демократски модел во кој таа се препознава како значаен духовен, културен и вредносен ресурс. Во таа рамка,

35 Исто.

36 Robert Jackson, Kevin O'Grady, „Religions and education in England: social plurality, civil religion and religious education pedagogy", University of Warwick, Warwick 2007, 196.

37 Тања Каракамишева-Јовановска и Александар Спасеновски, *Прирачник за правото...*, 45.

современото религиско образование не претставува регресија или враќање кон минатото, туку зрел обид за одговорно интегрирање на духовното наследство во актуелниот образовен и општествен контекст.

## 2.2. Развој на религиското образование во балканските земји

По завршувањето на Втората светска војна, религиско-општествената реалност во земјите на Југоисточна Европа, а особено во рамките на југословенската федерација, доживеа радикален политички и длабоко антрополошки пресврт. Идеолошко-политичката основа на новата социјалистичка држава беше изградена врз доктрината на марксистичкиот атеизам, кој на религијата гледаше како на метафизичка заблуда и ја сметаше за „опиум" кој го спречува класното освестување на пролетаријатот. Комунистичката партија цврсто веруваше дека со радикална промена на материјалните услови на живеење и со воспоставување на социјалистичките производни односи, религијата природно ќе исчезне како реликвија од минатото. Во тогашниот идеолошки дискурс, таа беше официјално дефинирана како догматски систем на погрешни верувања кој произлегува од економската и духовната заостанатост на луѓето.[38] Ваквата теоретска претпоставка набрзо прерасна во државна стратегија за систематско истиснување на секоја форма на сакралност од јавниот простор.

Оваа идеолошка матрица својот формално-правен израз го доби со донесувањето на Уставот на ФНРЈ од 1946 година. Иако овој конститутивен акт

38 Тања Каракамишева-Јовановска и Александар Спасеновски, *Право и религија*, КАС, Скопје 2020, 101.

декларативно им ги гарантираше граѓанските права на поединците, тој истовремено подигна цврст ѕид помеѓу Црквата и државните институции.[39] Членот 38 од сојузниот Устав беше дециден во намерата да го секуларизира јавниот простор, пропишувајќи дека државните училишта се целосно одвоени од Црквата – одредба која автоматски значеше укинување на религиското образование во јавната сфера. Уставот на Народна Република Македонија (НРМ) од истата година во потполност го преслика овој крут модел во својот член 37.[40] На верските заедници формално им беше допуштено да организираат сопствени верски училишта (семинарии) за кадар, но под услов тие да бидат ставени под директен државен надзор. Истовремено, секој обид за какво било религиозно влијание врз населението надвор од верските објекти беше строго санкциониран како противдржавно делување.

Имплементацијата на овие ригидни правни норми во специфичниот југословенски контекст резултираше со сериозен внатрешен конфликт во праксата. Додека државата во своите програми проповедаше хуманизам, социјална еманципација и човеково самоостварување,[41] таа истовремено вршеше социјална маргинализација на верниците. Така, иако југословенската марксистичка мисла постојано се обидуваше да го балансира радикалниот идеолошки прекин со Црквата со потребата за социјална кохезија, сепак,

39 *Устав на Федеративна Народна Република Југославија*, (1946), Глава V, чл. 25. Службени лист Федеративне Народне Републике Југославије, год. II, број 10, Београд.

40 *Устав на Народна Република Македонија*, (1946), Глава V, член 37, Службен весник на Народна Република Македонија, год. III, бр. 1, Скопје.

41 Erich Fromm и Karl Marx, *Marx's Concept of Man*, Bloomsbury Academic, New York 1994, 2.

тоа резултираше со агресивно отстранување на религијата од образовниот систем.[42] На тој начин, државниот атеизам се трансформираше во нова форма на човеково отуѓување: наместо религиозната догма, наметната беше политичка догма во која партискиот апарат го узурпираше местото на трансцендентното.

Ваквиот институционален притисок во еднопартискиот систем го роди феноменот на социјален мимикризам, според кој граѓаните беа принудени да водат двоен вредносен живот: јавно да ги прифаќаат и манифестираат социјалистичките начела за да ги сочуваат своите работни места и социјален статус, додека приватно и во строга тајност да ги практикуваат своите верски традиции.[43] Оваа поделеност создаде општество во кое владееше системска стигматизација; верникот беше третиран како личност во социјална заблуда, како интелектуално неподобен елемент за напредок во социјалистичката хиерархија. Ваквите неформални општествени санкции честопати беа порепресивни и од самите закони, исклучувајќи ги религиозните поединци од процесите на „изградба на иднината“, поради нивниот светоглед кој однапред беше прогласен за ретрограден.

Овој повеќедецениски период на идеолошко едноумие продуцираше длабок религиозен вакуум во општественото ткиво. Затоа, кога во почетокот на 90-тите години на минатиот век започнаа процесите на транзиција и демократизација, наследниците на југословенскиот систем беа затекнати од силниот интензитет на религиозната ревитализација. Оваа нагла

42 Anton Stres, „Marksistička teorija religije u Jugoslaviji juče i danas“, *Bogoslovska smotra*, vol. XLV, 1976.

43 Dragana R. Ćiparizović, *Religioznost i tradicija*, Institut za sociološka istraživanja Filozofski fakultet, Beograd 2006. 34-40.

експлозија на религиозноста во секојдневната пракса јасно покажа дека уставно гарантираните слободи во поглед на практикување на верата, во претходниот режим во еден долг временски период биле систематски прекршувани.[44]

Денес, по неколку децении од падот на социјализмот, балканските земји сè уште се наоѓаат во специфична фаза на редефинирање на односите меѓу државата, Црквата и училиштето. Во овој контекст, вистинска општествена еманципација не може да се постигне со едноставна и механичка замена на поранешниот државен атеизам со некаков нов државен теизам. Напротив, согласно концептите на Ерих Фром за развој на здраво општество, еманципацијата бара создавање на автентични институционални услови во кои секој поединец ќе може слободно да го изрази својот конструктивен верски идентитет, без страв од каква било стигма или санкција.[45] Оттука, религиското образование на Балканот денес не е само теолошко прашање, туку претставува примарен тест за демократскиот капацитет на државите да ги интегрираат различностите во една заедничка граѓанска рамка.

Реализирањето на овој тест во пракса, сепак, се соочува со сериозни историски оптоварувања. Процесот на транзиција од некогашниот репресивен секуларизам кон современ модел на позитивна неутралност сè уште е длабоко обележан од минатото. Додека балканските општества се обидуваат на хартија да ги имплементираат европските стандарди, тие истовремено се соочуваат со реален колективен

---

44 Gorana Ognjenović, Jasna Jozelić, *Politicization of Religion, the Power of State, Nation, and Faith: The Case of Former Yugoslavia and its Successor States*, Palgrave Macmillan, New York 2014. 19

45 Erich Fromm, *Zdravo društvo*, Kosmos izdavaštvo, Beograd 2016.

страв дека јавното училиште повторно може да биде инструментализирано за потребите на одредена догма - овојпат не партиска, туку религиозна. Токму поради овие длабоки внатрешни противречности, развојот на религиското образование на Балканот останува еден од најкомплексните и најчувствителните социјални процеси во XXI век.

## 2.3. Историски преглед на религиското образование во Р.С. Македонија

Развојот на религиското образование во македонскиот контекст претставува сложен историски процес, кој не може да се набљудува изолирано од пошироките политички, општествени и културни превирања на Балканот. Напротив, корените на македонската образовна генеза се органски поврзани со дејствувањето на Црквата и верските институции, кои низ вековите биле единствените чувари на писменоста и културниот код.

Во долгиот период на отоманското владеење, во услови на отсуство на сопствени државни институции, образованието на христијанското население во Македонија се одвивало исклучиво во рамките на црквите и манастирите. Преку специфичната форма на т.н. ќелијни училишта, македонските манастири (како Бигорскиот и други) станале вистински духовни, просветни и културни јадра. Во оваа рана фаза, писменоста и религијата егзистирале како синоними: да се биде образован човек во тогашното општество значело, пред сè, да се има темелно познавање на светите книги и литургискиот јазик. Во овој период, Црквата дејствувала како еден вид сурогат-држава која го организирала целокупниот духовен и инте-

лектуален живот на народот,[46] а образовниот процес во ќелијните училишта бил клучниот механизам кој спречил целосна културна и јазична асимилација.

Постепениот премин кон посовремените форми на едукација се случува со почетокот на македонската преродба во XIX век. Во овој бурен период, верското образование ја надминува својата првична, строго теолошка рамка и добива силно изразена национална и еманципаторска димензија. Религијата и едукацијата станале најмоќната алатка за зачувување на идентитетот, традицијата и мајчиниот јазик. Токму преку училиштата кои никнале во рамките на црковно-училишните општини се поставиле темелите на модерната македонска свест. Верскиот карактер на овие училишта не бил пречка за нивната модернизација, туку напротив, тој претставувал клучен фактор за нивната опстојба и за зачувување на културната и јазичната посебност во тогашниот сложен балкански контекст.

Овој историски континуитет недвосмислено покажува дека македонското училиште е родено во пазувите на Црквата. Тоа било место за стекнување фактографски знаења, но и автентична средина каде што се калел моралниот и националниот интегритет. Ваквата цврста традиција на симбиоза помеѓу верата и образованието не се изгуби дури ни со големите геополитички пресврти на почетокот од XX век. Поточно, со дефинитивниот пад на Отоманската империја и влегувањето на Македонија во нови државно-правни рамки, најпрво како дел од Кралството на Србите, Хрватите и Словенците, а подоцна и Кралството Југославија, овој соживот доби нова форма. Наместо во

46 Тања Каракамишева-Јовановска и Александар Спасеновски, *Право и религија*.

преродбенските народни училишта, тој продолжи да егзистира на институционално ниво, преку законски уредената и редовна настава по веронаука.

Сепак, со воспоставувањето на социјалистичкиот поредок по Втората светска војна, Македонија (како федерална единица во рамките на Југославија) го прифаќа радикалниот модел на строга сепарација на Црквата од државата, што доведе до остар идеолошки прекин со минатото. Уставот на НР Македонија од 1946 година, во својот член 37, децидно ја прекина врската помеѓу Црквата и јавното образование, означувајќи го почетокот на деценискoто отсуство на религијата од училишните клупи.

Нова фаза во овој процес започнува непосредно по Петтиот конгрес на СКЈ во 1948 година. Овој конгрес претставува пресвртница бидејќи на него официјално беа вобличени политичките насоки за етаблирање на марксизмот и ленинизмот како врховни едукативни принципи. Целта на државата во овој миг била агресивно пропагирање и ширење на државниот атеизам како основен научен принцип во борбата против идеализмот и метафизиката, кои претходно често се забележувале во наставата од областа на природните и општествените науки.[47]

Со ова започна процесот на конкретна операционализација на атеизацијата во пракса. Републичките органи на управата задолжени за образование пристапија кон темелна идеологизација на наставните програми. Марксизмот престана да биде само политичка теорија и стана темелна научна основа на секој предмет, додека дијалектичкиот материјализам беше наметнат како единствен легитимен метод за

47 Види повеќе во: Тања Каракамишева-Јовановска и Александар Спасеновски, *Право и религија*.

објаснување на потеклото на животот и светот.[48]

Во ваков амбиент, каде јавното училиште стана инструмент на партиската доктрина, црквите и верските заедници се обидоа да организираат алтернативна настава по веронаука во сопствените простори. Меѓутоа, водството на Комунистичката партија експресно ги спречи овие обиди. Власта парадоксално ја забрани оваа вонлабораториска настава со тврдење дека веронауката веќе се изучува во државните училишта на факултативна основа,[49] иако во реалноста секој обид за нејзино практикување бил социјално и политички санкциониран. Верските лица беа ограничени да ги подучуваат верниците единствено во рамките на храмовите и исклучиво за време на редовните богослужби. Овој цврст став на власта, всушност, претставуваше директен упад во внатрешната автономија и традиционалниот корпус на права на самите Цркви и верски организации.[50]

Процесот на тотално исклучување на религијата од образовниот систем правно се заокружува со донесувањето на Законот за правната положба на верските заедници од 1953 година, чии дебати започнуваат уште во 1951 година.[51] Иако членот 4 од овој закон формално предвидувал дека катехизацијата во храмовите е слободна, административните и по-

48 Miroslav Akmadža, *Ometanja i zabrane vjeronauka od strane komunističkog režima u Zagrebačkoj nadbiskupiji od 1945. do 1966. godine*, Hrvatski institut za povijest, Zagreb 2003. 347-443.

49 Katarina Spehnjak, „Problemi vjeronauka u školama u Hrvatskoj 1945–1952", *Dijalog povjesničara/historičara,* Friedrich Naumann Stiftung, Zagreb 2000, 601–616.

50 Тања Каракамишева-Јовановска и Александар Спасеновски, *Право и религија*, 139

51 Закон за правната положба на верските заедници, *Службен лист на Федеративна Народна Република Југославија*, год. XIX, бр. 22, Белград, 27.05.1953.

литичките притисоци ја правеа суштината сосема поинаква. Овој период својата законска кулминација ја доживува со Општиот закон на ФНРЈ за школството од 1958 година,[52] кој дефинитивно го оневозможи развојот на каков било облик на религиско образование. Членот 1 од овој закон јасно дефинираше дека државата ги основа училиштата со единствена цел:

„...Воспитување и образување на граѓаните во интерес на сестраниот развиток на социјалистичкото општество и личноста на поединецот.“ [53]

На тој начин, религијата беше целосно истисната на маргините на општествениот живот, а образовниот систем стана херметички затворен за секој духовен или трансцендентален дискурс. Вековната традиција на македонското училиште, родено во црковните ќелии, беше насилно заменета со монолитниот социјалистички модел. Така, социјалистичкиот секуларизам во Македонија не значеше само одвоеност помеѓу Црквата и државните институции, туку и активно институционално потиснување на религискиот поглед на светот. Оваа духовна и културна празнина траеше речиси половина век, создавајќи генерации кои беа лишени од основни познавања за сопствената религиска култура, етика и историја.

Со стекнувањето на државната независност во 1991 година, прашањето за деидеологизација на образованието и евентуалното враќање на религиските содржини во наставниот процес стана неизбежен сегмент од транзицијата и демократизацијата. Гледано од денешна перспектива, ваквото воведување на

52 *Општ закон за школството*, Службен лист на ФНРЈ, год. XIV, бр. 28, Белград, 16.07.1958, 746–761.

53 Тања Каракамишева-Јовановска и Александар Спасеновски, *Прирачник за правото...*, 139.

некаков облик на религиска настава во постсоцијалистичките држави најчесто се толкува како обид за надминување на историската маргинализација на верските слободи и за воспоставување рамнотежа меѓу правото на избор и јавниот образовен систем.[54]

Сепак, овој реформски чекор во Република Македонија се соочи со сериозни законски, уставни и политички предизвици. Прашањето за модалитетот на религиското образование се наметна како исклучително чувствителна тема во јавниот дискурс, отворајќи комплексни дебати за границите на секуларноста, мултиконфесионалниот плурализам и уставното уредување на современата македонска држава.

Токму оваа бурна дебата околу застапеноста на овие содржини во државните училишта јасно покажува дека Македонија сè уште го бара својот оптимален модел на интелигентен лаицитет. Додека одредени јавни чинители во религиското образование гледаат потенцијална закана за секуларниот карактер на државата, други укажуваат на потребата од стабилно и трајно законско решение, кое ќе го усогласи Уставот со реалните духовни и културни потреби на граѓаните. Главниот предизвик за иднината останува: како во рамките на систем кој сè уште ги носи лузните од социјалистичкото минато да се понуди објективно знаење за религијата кое ќе го едуцира и оплемени ученикот, целосно заштитувајќи го од каква било форма на идеолошка или верска индоктринација.

## Заклучни согледби

Историската анализа на религиското образова-

54 Види поопширно во: Тања Каракамишева-Јовановска и Александар Спасеновски, *Прирачник за правото...*

ние покажува дека неговиот развој не е исклучиво педагошко прашање, туку одраз на пошироките политички, идеолошки и културни процеси што го обликувале европскиот и балканскиот простор.

На европско ниво, може да се забележи постепена еволуција од модели на строга институционална дистанца кон концепти на позитивна неутралност и промислена секуларност, при што религиското образование се согледува како дел од демократската култура и плуралистичката писменост. Денес, во многу европски држави, религиското образование се разбира како можност за развивање интеркултурен дијалог, критичка мисла и одговорно граѓанство.

Балканското искуство, обележано со периодот на државен атеизам во југословенскиот контекст, остави длабоки последици врз религискиот и културниот идентитет. Системското потиснување на религијата од јавниот простор не доведе до нејзино исчезнување, туку до нејзино маргинализирање, што по деведесеттите години резултираше со засилена, но често недоволно институционално артикулирана религиска ревитализација.

Македонското искуство, пак, ги содржи специфичностите на оваа балканска транзиција. Од историската поврзаност на образованието со црковно-манастирските центри, преку периодот на идеолошка еднодимензионалност, па сè до современите правни и образовни реформи, патот кон стабилен и долгорочен модел на религиско образование останува отворен процес.

Во таа насока, иднината на религиското образование во Северна Македонија ќе зависи од способноста на институциите да воспостават рамнотежа меѓу секуларниот карактер на државата и правото на граѓа-

ните на верска и културна самоидентификација. Тоа подразбира создавање стабилна правна и педагошка рамка во која религиското образование нема да биде маргинален додаток, туку внимателно осмислен дел од образовниот процес, насочен кон развој на религиска самосвест, етичка одговорност и почитување на различностите.



# 3. КОМПАРАТИВНА АНАЛИЗА НА РЕЛИГИСКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

## 3.1. Религиското образование во избрани европски земји (Германија, Австрија, Франција, Англија)

Религиското образование во европскиот образовен простор не претставува единствен и унифициран систем, туку израз на историските искуства, правните традиции и културните идентитети на одделните држави. Начинот на кој една земја го уредува присуството на религијата во јавните училишта претставува чувствителен показател за нејзиното разбирање на секуларноста, на слободата на вероисповед и на улогата на религијата во јавната сфера.

Иако современа Европа се темели врз заеднички вредности како што се човековите права, плурализмот и меѓукултурниот дијалог, сепак, конкретните образовни решенија во областа на религиската настава значително се разликуваат. Во некои држави таа е интегрален дел од јавниот систем како израз на позитивната верска слобода, во други, пак, јавниот простор настојува да ја задржи својата строга институционална неутралност, оставајќи ја верската поука

надвор од државното училиште. Меѓу овие две тенденции се развиваат и посредни, плуралистички модели.

Во европската практика можат да се издвојат три влијателни парадигми:

Конфесионалниот модел (Германија и Австрија) – модел на соработка помеѓу државата и верските заедници, при што религиското образование се разбира како дел од остварувањето на правото на позитивна верска слобода. Државата обезбедува институционална рамка, додека црквите и верските заедници учествуваат во дефинирањето на содржината и идентитетот на наставата.

Лаицистичкиот модел (Франција) – заснован врз принципот на строга институционална одвоеност меѓу државата и религијата. Јавното училиште се поима како простор на граѓанска еднаквост и неутралност, при што религиските содржини или се отстранети од наставниот план, или се обработуваат во рамки на историски, културолошки и општествени предмети.

Неконфесионалниот (феноменолошки) модел (Англија) – насочен кон запознавање со различните религиски традиции како дел од културното наследство и современата општествена реалност. Тука акцентот е ставен на разбирањето на религискиот плурализам и развивањето способност за дијалог и почит кон различноста.

Анализата на овие три модели овозможува подлабоко согледување на врската помеѓу уставниот концепт на секуларност и конкретните образовни политики: прашањата на финансирање, избор и обука на наставниот кадар, статусот на предметот и неговата крајна педагошка цел. Во зависност од кон-

текстот, религиското образование може да има за цел конфесионално продлабочување на верата, културно-информативна едукација или поттикнување на критичка и дијалошка свест кај учениците.

Овие европски искуства претставуваат значајна аналитичка рамка за споредба со балканските образовни системи, каде историското наследство, религиската традиција и транзициските процеси создаваат посебни, често хибридни решенија. Токму преку ваквата компаративна перспектива станува возможно подлабокото и пообјективно вреднување на сопствениот образовен контекст.

### 3.1.1. Сојузна Република Германија: Модел на функционално партнерство и конфесионална соработка

Германскиот модел на религиско образование претставува еден од најкомплексните и најсилно правно втемелените системи во европскиот образовен простор. Тој е производ на тековните образовни политики, но истовремено и директен резултат на повоената општествена реконструкција и желбата да се воспостави долгорочен баланс помеѓу државната неутралност и заштитата на колективните верски права, преку концептот на позитивна религиозна слобода.

Основата на германскиот модел е утврдена во Сојузниот Устав - Основниот закон (Grundgesetz) од 1949 година. Во Уставот, според член 7, став 2 и 3, религиското образование се дефинира како „редовен наставен предмет“ во државните училишта (ordentliches Lehrfach).[55] Оваа одредба е важна, би-

55 *Basic Law for the Federal Republic of Germany*, (1949), Federal Law Gazette,

дејќи го издигнува предметот над нивото на изборен курс, правејќи го интегрален дел од државниот курикулум.

Сепак, германската држава не располага со еднострана надлежност во определувањето на содржината на религиското образование. Токму тука централно место зазема специфичниот концепт Res Mixta, односно „заедничка“ или „споделена надлежност“ помеѓу државата, црквите и верските заедници. Во рамките на овој модел, државата го задржува уставниот надзор врз образовниот систем, организацијата на наставата и педагошките стандарди, додека црквите и верските заедници се одговорни за теолошката содржина и нејзината усогласеност со сопственото верско учење. Наставната содржина мора да биде во согласност со догматските и етичките принципи на конкретната црква или верска заедница, што обезбедува конфесионална автентичност во рамките на јавниот систем.[56]

Оваа двојна структура воспоставува внимателна рамнотежа: од една страна ја гарантира институционалната неутралност и правната одговорност на државата, а од друга страна го штити интегритетот на верата од редукција на религијата на општа морална или идеолошка категорија. На тој начин се избегнува опасноста религиското образование да се претвори во инструмент на државна идеологија или во форма на т.н. „граѓанска религија“, лишена од својата црковна и духовна конкретност.

Важна особеност на германскиот систем е него-

Art. 7, Sec. 2 and 3, https://www.gesetze-im-internet.de/englisch_gg/englisch_gg.html, (пристапено на 10.02.2026).

56 Martin Rothgangel, Hans-Georg Ziebertz (ур.), „Religious Education at Schools in Germany“, *Religious Education at Schools in Europe*, Vienna Forum for Theology and the Study of Religions, Lit Verlag, Vienna 2020, 120.

виот конфесионален карактер. Наместо единствен предмет за сите ученици, религиското образование се организира според верската припадност, овозможувајќи им на учениците да ја изучуваат сопствената вера во институционална рамка на јавното образование. Со тоа се почитува правото на позитивна верска слобода, но и принципот на плурализам во едно мултирелигиско општество.

Наставниот кадар има посебен статус. Наставниците се образуваат на државни универзитети, под исти академски критериуми како и наставниците по другите предмети, но истовремено мора да поседуваат и црковна легитимација за поучување – missio canonica во католичкиот контекст и vocatio во протестантскиот. Оваа „двојна легитимација" обезбедува синтеза помеѓу академската компетентност и еклисијалната одговорност, гарантирајќи дека наставата е и педагошки квалитетна и теолошки веродостојна.[57] Воедно, германскиот уставен поредок предвидува и заштита на совеста на наставникот. Согласно член 7, став 3 од Основниот закон, ниту еден наставник не може да биде принуден да предава религиско образование против својата волја. Со тоа се потврдува дека и во рамките на конфесионалниот модел, личната слобода на совеста останува неприкосновено начело.[58]

Но, дали постојат заеднички карактеристики споделени од барем одреден број сојузни германски држави, или моделот користен во конкретна држава мора да биде исклучив и да се цени само во сопстве-

57 *Basic Law for the Federal Republic of Germany*, (1949), Federal Law Gazette Art. 7, Sec. 3, https://www.gesetze-im-internet.de/englisch_gg/englisch_gg.html, (пристапено на 10.02.2026).

58 Rothgangel and Ziebertz, 'Religious Education at Schools in Germany', 132.

ниот контекст?[59]

Бидејќи образованието во Германија е во надлежност на 16-те сојузни држави (Länder), моделот варира значително според регионалниот историски контекст. Така на пример, во Баварија и Баден-Виртемберг постои конфесионален модел. Наставата се смета за главен елемент на културниот идентитет на овие традиционално христијански региони, а соработката со црквите е детално регулирана преку државни договори (конкордати).[60] Сепак, доминантноста на католичкото и протестантското религиско образование во Германија, не ги запоставува и другите цркви и верски заедници, на кои им е овозможено да имаат ваков вид на образование во различни региони во земјата. На пример, во Баден-Виртемберг постои и православно религиско образование, но исто така и во Баварија, Хесен и Северна Рајна-Вестфалија, додека, пак, во различни делови на Германија застапено е и будистичко, еврејско и исламско образование.

Хамбург го имплементира моделот „Религиско образование за сите". Како што објаснува Јонас Колб, овој модел се заснова на дијалошки пристап, кој има за цел да одговори на предизвиците на религиозниот плурализам во училницата.[61] Во Хамбург се претставени околу 106 различни религиозни групи, што го прави овој модел неопходен со оглед на големата раз-

59 Friedrich Schweitzer, „Comparing Religious Education in Schools in European Countries: Challenges for International Comparative Research", *Religious Education at Schools in Europe*, ed. Martin Rothgange, Lit Verlag, Vienna 2014, 12.

60 Rothgangel and Ziebertz, 'Religious Education at Schools in Germany', 132

61 Jonas Kolb, „Modes of Interreligious Learning within Pedagogical Practice: An Analysis of Interreligious Approaches in Germany and Austria", *Religious Education*, vol. 116, no. 2, Routledge 2021, 149.

новидност на ученици, од кои скоро половината се со имигрантско потекло.[62]

Берлин и Бранденбург негуваат секуларен пристап. Во Берлин, после социјалните дебати за интеграција, воведен е задолжителен предмет „Етика“ за сите ученици. Конфесионалната веронаука тука останува само како факултативна активност што се одвива по завршувањето на редовната настава, што претставува исклучок од општиот германски модел.[63]

Со цел да се овозможи институционализирано верско образование за големата муслиманска популација под државен надзор, Северна Рајна-Вестфалија го воведе исламското религиско образование како целосно рамноправен предмет. Во поглед на тоа, Кифер, Готвалд и Укар истакнаа дека целта на часовите е да се дискутира за прашања од областа на верата, за социјални и етички теми, како и за прашања за смислата, односно да им се помогне на учениците да развијат сопствен идентитет, да ја зголемат нивната способност за критичко размислување и рефлексија, како и да придонесат за постигнување поголема социјална и општествена интеграција.[64]

Постојат суштински разлики во наставните планови на двете најголеми заедници. Така на пример, католичкиот курикулум е фокусиран на еклисиологијата, како и социјалното учење на Црквата и природното право. Воопшто, за германофоното католичко население, целта на религиско образование во училиштата е т.н. „литургиска формација“, каде

62 Rothgangel, Ziebertz, „Religious Education at Schools in Germany“, 131.

63 Vicente Laurent-Bedmar, Lucía Torres-Zaragoza and Encarnación Sánchez-Lissen, ‘The Use of Religious Signs in Schools in Germany, France, England and Spain’, *Religions*, vol. 14, no. 101, Basel, Switzerland 2023. 7-8.

64 Rothgangel, Ziebertz, „Religious Education at Schools in Germany“, 134.

учениците учат за значењето на обредите и за традицијата како жив континуитет на верата.[65]

Протестантскиот курикулум има повеќе херменевтички и егзистенцијален пристап. Се нагласува индивидуалниот однос со Библијата (Sola Scriptura) и слободата на Христијанинот да ги преиспитува моралните норми. Овој модел е често пофлексибилен во однос на современите етички дилеми и е поотворен за дијалог со нерелигиозните светогледи.[66] Во овој дух е и препораката од Евангелистичката црква во Германија, која носи наслов „Црквата и младите“: „Младите луѓе денес растат во плуралистички животни ситуации, кои бараат негување на индивидуалноста. Со оглед на различноста на опциите за начин на живот кои им се достапни, младите имаат можност да пронајдат свој модел на учество во општеството и да развијат сопствен животен план: Општеството со повеќе опции е неумоливо во своите барања за одлуки и форми на изразување.“[67]

Одредени автори, како Тим Јенсен, упатуваат на одредена критика кон овој германски систем. Според Јенсен, државното образование треба да се заснова на „Study of religions“ (Наука за религиите), а не на теологија која е втемелена во „вистината“ на само една црква или верска заедница.[68] Германскиот образовен систем, пак, на ваквите критики одговара со концеп-

65 Daniel Seper, „Learning from Experience: Liturgical Formation as a Central Component of Religious Education in Schools“, *Religions*, vol. 14, no. 1506, Basel, Switzerland 2023, 5.

66 Rothgangel, Ziebertz, „Religious Education at Schools in Germany“, 134.

67 Ziebertz, Hans-Georg, Boris Kalbheim, Ulrich Riegel, *Religiöse Signaturen heute: Ein religionspädagogischer Beitrag zur empirischen Jugendforschung*, Gütersloh/Freiburg im Breisgau, Gütersloher Verlagshaus/Herder, 2003. 118

68 Tim Jensen, „'Jensen's Scientific Approach' to Religion Education“, *C-E-P-S Journal*, vol. 9, no. 4, Leibniz-Institut für Bildungsforschung und Bildungsinformation Informationszentrum (IZ) Bildung 2019, 35.

тот на „позиционирана неутралност“, односно со вербата дека ученикот ќе развие подобра религиска писменост доколку е соочен со автентичен верски став, подложен на критичка педагошка рефлексија.

### 3.1.2. Република Австрија: Религиско образование за промоција на дијалог и соработка

Лоцирана во центарот на Европа, Австрија има долга традиција на миграција, што во поновата историја доведе до силен пораст на јазичната, културната и социјалната хетерогеност во земјата. Оваа длабока општествена трансформација директно се рефлектира и во австрискиот образовен систем, каде што училниците станаа вистински огледала на глобализираниот свет. На пример, во последната декада, процентот на ученици чиј мајчин јазик не е германскиот е значително зголемен, со што скоро една третина од учениците во пониското образование дома зборуваат различен јазик од официјалниот јазик на наставата.[69]

Иако овој висок степен на плурализам е карактеристика на модерното австриско општество, институционалниот контекст на религиското и етичкото образование во Република Австрија е детерминиран од многу поспецифичен историски развој. Имено, актуелната практика каде што традиционално црквите и другите религиозни заедници заземаат цврста и силна позиција во рамките на државниот образовен систем, влече корени од минатиот век. Основниот правен стожер за ваквата поставеност е „Вториот

69 Jasmin Peskoller, „Unity in diversity: Exploring intercultural teaching and learning practices in secondary education and teacher training in Austria“, во: Interculturality: Teaching ‘Otherwise’, ed. Fred Dervin, Mei Yuan, и Sude (London and New York: Routledge, 2023), 37.

конкордат", склучен во 1933 година помеѓу тогашните австрофашистички власти и Светата Столица, а подоцна рецертификуван од страна на Демократската Република Австрија во 1957 година.[70] Правата и обврските кои првично произлегувале од овој Конкордат, со текот на времето се пренесени и на останатите легално признати религиозни заедници во земјата. Како директен резултат на оваа комплексна легислатива, денес во австриските државни училишта се нудат посебни часови по религиско образование за дури осум различни верски заедници и религиозни групи (католици, православни, протестанти, муслимани, Евреи, алевити, будисти, слободни цркви), кои се организирани на чиста конфесионална основа.

Сепак, како што посочивме погоре, растот на населението и интензивните глобализациски процеси во поновата австриска историја со текот на времето придонесоа за губење на некогашната хомогеност на училишните класови.[71] Овој тренд ја наметна потребата од редефинирање на традиционалниот модел на веронаука, но иницираше и сериозни дебати за начинот на кој државата треба да менаџира со религиозниот плурализам во училниците.[72] Во тие рамки, државните образовни политики почнаа да го третираат културниот и јазичниот диверзитет во јавните училишта не како хендикеп, туку како збогатување

70 „Austria: Concordat of 1933", Concordat Watch, достапно на: https://www.concordatwatch.eu/showtopic.php?org_id=921&kb_header_id=1811 (пристапено на 27 јуни 2026).

71 Karsten Lehmann, „Ethics education: Empirical research results from Austria", Religions 2024, бр. 15(4) (2024).

72 Elisabeth Waldl, „Austrian education on religion in a transformation process", European Academy of Religion and Society (EARS), достапно на: https://europeanacademyofreligionandsociety.com/education/austrian-education-on-religion-in-a-transformation-process/ (пристапено на 27 јуни 2026).

на наставниот процес. Како прв структуриран одговор на тоа, интеркултурното учење уште од 1992 година беше официјално воведено како еден од темелните, интердисциплинарни наставни принципи во австрискиот курикулум за средно образование, со цел градење кохезија, поттикнување отворен дијалог за различните гледишта и надминување на етноцентричните перспективи.[73]

Чекор понатаму во оваа насока беше направен во 2021 година, кога австриските образовни власти, соочени со предизвиците на растечкиот диверзитет и сè поголемиот број ученици без формална религиозна припадност, официјално го воведоа Етичкото образование како задолжителен алтернативен предмет во повисоките средни училишта.[74] Според официјалната регулатива, овој предмет се посетува во обем од два наставни часа неделно, и тоа за сите ученици кои не посетуваат конфесионална веронаука, со што системот се стреми да обезбеди сеопфатно морално и вредносно усовршување на младите во јавното образование.[75] Ваквото етичко образование има примарно философска перспектива и е замислено да функционира паралелно, а не во директен конфликт или натпревар со религиозните предмети. Неговата цел, дефинирана од државната рамка, вклучува поттикнување на самостојна рефлексија за претпоставките на однесувањето, ориентација во централните прашања за егзистенцијата, како и развој на способноста за аргументиран и етички дијалог

73 Jasmin Peskoller, „Unity in diversity...“, 38.

74 Federal Ministry of Education, Science and Research of the Republic of Austria, „The standard subject Ethics“, достапно на: https://www.bmb.gv.at/en/Topics/school/ev_sl/tfas/ethics.html, (пристапено на 27 јуни 2026).

75 Исто.

во едно плуралистичко општество.[76]

Како одговор на овој нов и комплексен соживот на двата системи, во австрискиот образовен простор почнаа да се развиваат и емпириски да се тестираат иновативни и колаборативни дидактички формати. Застапените модели имаат за цел да овозможат средба и дијалог помеѓу различните конфесионални групи и групите кои посетуваат етичко образование, со што фокусот се префрла од традиционална верска поука кон отворен меѓурелигиски и етички дискурс.[77] Типичен пример за ваков иновативен формат е проектот „Ден на интеррелигиски средби" (IED) спроведен во Виена, кој отвора специфичен простор за дискусија за религијата и овозможува етичкиот подистанциран пристап да се соочи со теолошките наративи. Во овие рамки, учениците по етичко образование често ги претставуваат своите практики преку секуларни или културолошки феномени, што понатаму поттикнува поширока социјална генерализација на дискусијата. Сепак, теренските набљудувања нотираат и одредени предизвици, каде што во заедничките рефлексии теолошките конструкции на религијата имаат тенденција да доминираат, принудувајќи го етичкиот пристап привремено да се повлече во корист на религиозната логика.[78]

Паралелно со овие обиди, во австрискиот систем се етаблираат и напредни модели на соработка во

76 Исто.

77 Elisabeth Waldl, „Austrian education on religion in a transformation process", European Academy of Religion and Society (EARS), достапно на: https://europeanacademyofreligionandsociety.com/education/austrian-education-on-religion-in-a-transformation-process/ (пристапено на 27 јуни 2026).

78 Karsten Lehmann, „Ethics education: Empirical research results from Austria", Religions, бр. 15(4), 2024.

самата конфесионална настава, како што е моделот на Кооперативно религиозно образование (KORU), успешно имплементиран во стручните училишта во покраината Форарлберг. Овој модел се заснова на тимско предавање (team teaching) помеѓу наставници по католичка и исламска религија, со активно вклучување на малцинските заедници и примена на дидактика насочена кон интеракција и олеснување на дијалогот. Емпириските евалуации на KORU моделот покажуваат исклучително позитивни ефекти во градењето на училишната заедница и намалувањето на предрасудите преку отворен дијалог каде секое мислење се почитува. Иако поради временските ограничувања фактографското теолошко знаење на учениците за другите религии често останува на површинско ниво, сепак, моделот успешно развива свест за корисни социјални дејства (како на пример, самоцензура при употреба на дискриминаторски термини). Дополнително, стекнатите вештини за меѓусебно разбирање наоѓаат директна примена и релевантност надвор од училницата, односно на работните места во процесот на стручна пракса.[79]

И покрај ваквата напредна нормативна и стратешка поставеност, практичната имплементација на споменатите модели се соочува со сериозни предизвици на теренот. Големите меѓународни студии, како TALIS,[80] откриваат фрапантни податоци дека само мал процент од наставниците во австриските

---

79 Sonja Danner и Halid Akpinar, „Cooperative Religious Education (KORU) at Vocational Schools in Vorarlberg“, in Religions 15 (1339), 2024.

80 Schmich, J., & Itzlinger-Bruneforth, U. (2019). Talis 2018 (Band 1), Rahmenbedingungen des schulischen Lehrens aus Sicht von Lehrkräften und Schulleitungeni m internationalen Vergleich. Graz: Leykam. https://www.iqs.gv.at/_Resources/Persistent/d3b0c71d9d54f1503e8267eb3916782560fc2e/TALIS-2018_Gesamt_final_Web.pdf.

средни училишта се чувствуваат соодветно подготвени за работа во мултикултурната средина, додека скоро половина од нив се соочуваат со секојдневни потешкотии при прилагодувањето на методологијата кон потребите на дивергентната ученичка популација. Оваа реалност упатува на заклучокот дека во австрискиот систем сè уште доминира т.н. „монолингвален и монокултурен хабитус“, каде наставниот кадар понекогаш е принуден да го игнорира реалниот диверзитет, како и несвесно да навлегува во замката на есенцијалистичко толкување на културата и идентитетот на учениците, со што се поттикнува процесот на „другост“ (othering) наместо вистинска инклузија.[81]

Ваквиот монокултурен притисок и распределбата на теми предизвикува дополнителни дилеми во практиката, кои честопати водат кон своевидна криза на идентитетот кај самите ученици кои посетуваат етичко образование. За разлика од нивните врсници кои следат верско образование и преку него споделуваат длабоки лични и емоционални врски, учениците што слушаат етичко образование често изразуваат непријатност и несигурност, посочувајќи дека отсуството на активно споделена верска практика ги принудува да заземат позиција на „надворешни набљудувачи“ и да пристапат кон темите од дистанцирана, историографска, социо-економска или културолошка перспектива. Оваа позиција на дистанцирани аналитичари е потврдена и од емпириските теренски истражувања, кои го мапираат реалниот амбиент во австриските училници, укажувајќи дека овие ученици на специфичен начин го артикулираат својот се-

81 Jasmin Peskoller, „Unity in diversity...“, 39.

куларен идентитет кога се соочени со религиозните наративи на нивните врсници.[82]

Оттука, австриskiот пример јасно покажува дека современиот образовен систем се наоѓа пред постојан баланс: како на учениците да им се овозможи слободно артикулирање на нивните динамични идентитети во безбедна училишна средина, без притоа да се наметнат престроги стереотипи или вештачки поделби по линија на религиската или националната припадност.

### 3.1.3. Република Франција: Моделот на строга неутралност (Laïcité) и неговите предизвици

Процесот на воспоставување на секуларното образование во Франција не беше изолиран феномен, туку дел од поширокиот европски тренд на градење на модерните нации. Во текот на овој обемен процес, особено во XIX век, новите национални држави започнаа да ги градат сопствените училишни системи како клучен инструмент на обединетата национална политика. Преку формалното образование, државните власти обезбедуваа социјална и културна интеграција, но и активно се стекнуваа со политичка моќ и лојалност кај населението. Како резултат на оваа трансформација, академското знаење и вештини постепено се наметнаа како неопходност за учество во општествениот живот, претворајќи го модерното општество во прва социјална формација, која е целосно обликувана од високата национална култура.[83]

82 Karsten Lehmann, „Ethics education...“

83 Simon Gordt, „Division or partition? The secularization of institutional control in the English and French school systems“, во: *Paedagogica Historica*, vol. 59, no. 5, Taylor & Francis 2023, 885.

Овој период, често нарекуван „век на училиштето“, означи пресвртница во која образовниот систем постепено се преобликуваше од доминантно конфесионална во јавна институција. За разлика од традиционалните училишта, кои со векови беа под силно влијание на Црквата и примарно насочени кон подготовка на свештенички кадар, модерното образование стана предмет на интензивна етатизација - процес кој прерасна во една од главните одлики на модерноста. Во францускиот контекст, ваквиот развој кулминираше со радикална секуларизација, при што државата го презеде целосниот институционален авторитет во образовната сфера.[84]

Клучната преломна точка во оваа институционална трансформација беше достигната со донесувањето на Јул Фериевиот закон (1881/1882), кој ги постави темелите за бесплатно, задолжително и секуларно образование, со што религиозната настава беше официјално отстранета од државните курикулуми.[85] Државата свесно воведе „Морално и граѓанско образование“ (Enseignement moral et civique), со јасна цел да образува лојални граѓани на Републиката, а не верници на една конкретна верска заедница.

Ваквата институционална промена беше придружена со интензивни парламентарни дебати, во чии рамки државата започна да се концептуализира како своеврсна секуларна замена за Црквата во морално-патриотското воспитување на нацијата. Имено, низ овој трансформативен дискурс, самиот извор на моралот и општествените вредности беше целос-

84 Исто.

85 Philippe Gaudin, „Neutrality and impartiality in public education: the French investment in philosophy, teaching about religions, and moral and civic education“, *British Journal of Religious Education*, vol. 39, no. 1, Routhledge, Taylor & Francis 2017, 94.

но изместен: наместо да се темели врз трансцендентното и божественото откровение, тој започна да се дефинира преку категоријата на автономниот човечки разум и исполнувањето на граѓанската должност кон модерната држава.[86]

Токму овие историски и философски столбови го трасираа патот за понатамошната еволуција на францускиот образовен модел во текот на XX и XXI век. За да одговори на предизвиците на современиот религиозен плурализам, францускиот пристап разви модел познат како „интелигентен лаицизам“ - концепт кој не подразбира целосно игнорирање на религијата, туку нејзино трансформирање од предмет на догматско верување во предмет на научна анализа и знаење. Притоа, државата инсистира на две фундаментални дистинкции:

Неутралност (Neutralité): Државата задржува строго неутрална позиција и не зазема страна помеѓу различните религии, ниту пак помеѓу религијата и атеизмот;

Непристрасност (Impartialité): Наставниците се должни да ги презентираат фактите објективно, без да го наметнуваат сопствениот светоглед.

Соодветно на ова, класичната веронаука беше супституирана со концептот на „настава за религиозните факти“ (enseignement des faits religieux). Овој пристап поаѓа од претпоставката дека религијата е неоддвоив дел од човечката култура, историја и уметност. Поради тоа, религиозните феномени не се предаваат преку посебен верски предмет, туку се

86 Lise Van der Eyk, „What the relationship of religion and culture means for the role of the State in society: Parliamentary debates on education during the 'Kulturkampf' in Prussia, France and the Netherlands“, *Symposium,* vol. 6, no. 1, Sciendo 2024, 55.

проучуваат интегрирано низ веќе постоечките дисциплини: во историјата (преку развојот на цивилизациите), во литературата (преку анализа на библиски или курански мотиви) и во философијата.[87]

Еден од најинтересните аспекти на францускиот образовен систем е неговата географска некохерентност. Така на пример, во регионите Алзас-Мозел, државата сè уште го финансира и организира конфесионалното религиско образование. Ова е резултат на фактот што кога во 1905 година беше донесен Законот за одвојување на Црквата од државата, овие територии биле дел од Германското царство. По нивното враќање под француски суверенитет (1918), локалното население го задржало правото на конфесионална настава, што денес претставува единствен правен исклучок во инаку строгиот секуларен систем на Франција. Во државните училишта во овој регион, религиското образование е задолжителен предмет.[88]

Клучното прашање кое стана централна точка на дебатите за интеграција и национален идентитет во Франција е поврзано со верските симболи во училиштата. Во оваа смисла, Франција заседе најригиден став меѓу сите европски држави.

Имено, со Законот од 2004 година, во државните училишта е забрането носењето на симболи или облека со која учениците очигледно ја покажуваат својата верска припадност. Ова ги вклучува: исламскиот превез (хиџаб), еврејската кипа, големи христијански крстови и турбани. Според француските власти, целта на оваа забрана е да се заштитат учениците од притисок на врсниците и да се зачува училиштето како

87 Gaudin, 'Neutrality and impartiality in public education'. 95

88 Llorent-Bedmar, Torres-Zaragoza, Sánchez-Lissen, „The Use of Religious Signs in Schools...", 8–10.

„неутрален простор“ каде секој ученик е првенствено граѓанин. Француските наставници во споредба со нивните колеги во Англија, покажуваат многу повисоко ниво на поддршка за оваа забрана, гледајќи ја како заштитен механизам за републиканските вредности.[89] Сепак, критичарите, како на пример Тим Јенсен, истакнуваат дека ваквиот пристап понекогаш се граничи со „доктринарен секуларизам“, кој може да ја ограничи слободата на изразување на религиозниот идентитет.[90]

Иако концептот за предавање на „религиозните факти“ е замислен како објективен, реалноста во француските училници е многу посложена. Во мешаните средини, наставниците често се воздржуваат или се чувствуваат неподготвени да дебатираат за прашања поврзани со исламот или холокаустот. Тука излегува на површина парадоксот на францускиот модел: додека декларативно се залага за интеграција, строгата секуларност и отсуството на отворен религиски дијалог ризикуваат да ги отуѓат малцинските групи наместо да ги обединат.[91]

### 3.1.4. Англија: Модел на плуралистичко партнерство, државна религија и училишна автономија

Англискиот систем на религиско образование и третманот на религијата во јавната сфера се карактеризираат со уникатност: иако Англија има официјална државна религија (Англиската црква), таа се смета

89 Исто, 8-10.

90 Jensen, „'Jensen's Scientific Approach' to Religion Education“, 35.

91 Luzio Uriarte, Lidia Rodríguez, „Religion at School in Secular Europe“, *Religions*, vol. 14, no. 700, MDPI Basel Switzerland 2023, 7.

за една од најтолерантните европски нации во однос на верскиот плурализам и носењето на религиозни обележја.[92] За разлика од францускиот секуларизам, англискиот модел силно ја брани инклузијата на малцинските заедници преку правни рамки, кои ја штитат слободата на совеста.

Специфичниот развој на образовниот модел во Англија резултираше со воспоставување на т.н. „двоен систем" (dual system), кој претставува карактеристична симбиоза каде државата, покрај тековното обезбедување на класични јавни училишта, истовремено ги дозволува и материјално ги финансира училиштата поддржани од Црквите и верските заедници.[93] Корените на ваквиот баланс датираат уште од процесот на национализација на образованието во текот на XIX век – процес, што во англискиот контекст немал за цел насилно потиснување или маргинализација на религијата од јавната сфера.[94] Напротив, државната стратегија била насочена кон нејзина креативна инструментализација за потребите на градењето на нацијата, со што училиштето се трансформирало во јавна институција која истовремено успеа да го зачува и репродуцира традиционалниот верски идентитет.

Специфичност на англискиот систем е големата децентрализација. Секое училиште има можност самостојно да ги донесе своите внатрешни прописи, вклучително и оние за училишните униформи. Ова значи дека учениците и семејствата мора или да се усогласат со правилата на конкретното училиште,

92 Llorent-Bedmar, Torres-Zaragoza, Sánchez-Lissen, „The Use of Religious Signs in Schools", 10.

93 Gordt, 'Division or partition?', 883.

94 Исто.

или да изберат друго училиште кое подобро одговара на нивните потреби.[95]

За разлика од Германија, Австрија и Франција, англиското законодавство дозволува религиското образование да се прилагоди на локалната демографија. Според законот од 1988 година, во населби каде што мнозинството ученици се муслимани, часовите по религија можат да бидат базирани на исламот, под услов да не се запоставаат другите религии. Овој модел на соработка вклучува муслимански асоцијации, кои работат директно со локалните образовни власти.[96]

Англиските државни училишта се законски обврзани секојдневно да организираат колективно богослужение, кое мора да биде од претежно христијански карактер. Истражувањата покажуваат дека иако законот постои, многу училишта (особено средните) имаат потешкотии да го спроведат овој услов поради големата верска разновидност кај учениците. Сепак, родителите имаат законско право да ги повлечат своите деца од овие активности, како и од самите часови по религиско образование.[97]

Во Англија постои постојан притисок религиското образование да се трансформира во предмет наречен „Религија и светогледи“, кој би вклучил и нерелигиозни погледи на светот (на пример: хуманизам) како рамноправни со традиционалните религии.[98] Ова го одразува фактот дека Англија станува

95 Llorent-Bedmar, Torres-Zaragoza and Sánchez-Lissen, „The Use of Religious Signs in Schools“, 11.

96 Исто. 10-12.

97 Llorent-Bedmar, Torres-Zaragoza and Sánchez-Lissen, „The Use of Religious Signs in Schools“, 8.

98 Исто. 10.

сè повеќе секуларно општество, каде што бројот на луѓе кои не се идентификуваат со ниедна религија постојано расте.

## 3.2. Религиското образование во избрани балкански земји (Србија, Грција, Бугарија, Хрватска)

Со цел да се разбере на кој начин универзалното право на верско образование се реализира во конкретни балкански држави, неопходно е да се направи детална компаративна анализа на нивните специфични модели и практики. Иако сите земји на Балканот формално ги прифаќаат меѓународните документи за човекови права, начинот на кој тие ги толкуваат и имплементираат нивните одредби на терен значително варира. Во тој контекст, политичката традиција, комплексната историја на односите меѓу Црквата и државата, како и конкретниот уставен поредок, заземаат пресудна улога во дефинирањето на тоа дали и на кој начин религиското образование ќе биде интегрирано во јавниот образовен систем.

Историско-политичките специфики условија развој на различни пристапи на Балканот, кои се движат од силен конфесионален модел, па сè до воведување алтернативни предмети. Затоа, во продолжение низ компаративна призма ќе ги разгледаме моделите на Грција, Србија и Бугарија како земји со доминантно православна традиција, но ќе го анализираме и моделот на Хрватска како претставник на римокатоличкиот културно-историски пејзаж. Преку ваквиот опфат, целта е да се утврдат клучните сличности, разлики и предизвици со кои се соочуваат овие регионални образовни системи на полето на религиозна-

та настава.

### 3.2.1. Република Србија: Модел на двојна алтернатива и правна симетрија

За да се разбере генезата на актуелниот српски модел на религиско образование, неопходно е да се анализира специфичниот историски развој во втората половина на минатиот век. Периодот по Втората светска војна во Србија беше обележан со целосна маргинализација на религијата и нејзино систематско потиснување од јавната сфера – процеси во кои Православната црква беше потполно исклучена од можностите за одлучување при наглите измени на статусот на верските содржини. Ревизиите на наставните планови во социјалистичкиот систем, спроведени без никаков институционален дијалог со црковните авторитети, создадоа повеќедецениски дисконтинуитет во религиското образование и описменување на населението.[99]

Крахот на ваквиот социјалистички модел и општествено-политичките промени на почетокот на новиот милениум наметнаа итна потреба од надминување на ова наследство. Во тој контекст, реинституционализацијата на религијата во српскиот образовен систем во 2001 година претставуваше не само педагошка реформа, туку и длабок политички чин на тогашната власт, насочен кон демократизација на општеството и симболично помирување со долго негираната традиција.[100]

---

99 „Устав Републике Србије", *Службени гласник РС*, бр. 98/2006, член 11.

100 Milan Vukomanović, „Serbian Orthodox Church: Between Traditionalism and Fundamentalism", *Journal of Fundamentalism in the Modern World (vol. 1: Fundamentalism, Politics and History: The State, Globalization and*

Како резултат на оваа трансформација, во Србија се воспостави класичен модел на современ секуларизам, заснован на јасна одвоеност помеѓу државата, Црквите и верските заедници. Актуелниот Устав на Република Србија ја прогласува државата за световна (секуларна) и прецизира дека ниту една религија не може да се воспостави како државна или задолжителна.[101] Со тоа се гарантира рамноправност на сите вероисповеди и институционална неутралност на државата кон религијата. Овој пристап го позиционира српскиот модел како јасно секуларен, без симболичка или уставна предност за која било конкретна религија.[102]

Ваквите уставни начела на неутралност и секуларност наметнаа потреба од креирање специфична образовна политика која ќе ја почитува одвоеноста на Црквата од државата, но истовремено ќе им излезе во пресрет на верските потреби на граѓаните. Во оваа смисла, спецификата на современиот српски модел на религиско образование се содржи во воведувањето на т.н. „двоен алтернативен систем". Имено, верската настава не беше вратена во училишните клупи како единствен предмет, туку во строга корелација со Граѓанското образование. Со овој пристап, учениците се обврзани да изберат еден од овие два предмети, кој по изборот го добива статусот на задолжителен предмет за тековната учебна година. Дуалистичкиот модел е стратешки дизајниран за да воспостави рамнотежа меѓу барањата на црквите и традиционални-

---

*Political Ideologies), ed. by Ulrika Mårtensson et al, London and New York: I. B. Tauris)* 2011. 148-149

101 „Устав Републике Србије", *Службени гласник РС*, бр. 98/2006, член 11.

102 „Устав Републике Србије", Службени гласник РС, бр. 98/2006, член 11.

те верски заедници и либерално-граѓанскиот сектор, истовремено гарантирајќи ја законски заштитената слобода на избор.[103]

Во однос на самиот избор на предметот, истражувањата откриваат дека улогата на родителите е исклучително важна, но таа честопати е мотивирана од идентитетски, наместо од чисто духовни причини. Некои од родителите го гледаат изборот на религиската настава како начин на детето да му се пренесе морален код и чувство на припадност кон заедницата, во услови на општествена транзиција. Така, додека државата нуди слободен избор, во семејниот контекст тој избор често е рефлексија на семејната традиција, каде религијата главно се доживува како културен супстрат на нацијата.[104]

Важно е да се нагласи дека српскиот модел на религиско образование не е ексклузивно православен. Државата законски дефинира дека сите уставно признаени верски заедници имаат право да организираат сопствена настава. Овој плурализам овозможува, на пример, во мултиетничките региони на Војводина или Санџак, децата да посетуваат верска настава што е во целосна согласност со нивното домашно воспитание, додека државата во целост ги покрива трошоците за платите на соодветните вероучители.

Во моментов, во јавниот образовен систем на Србија, веронауката (официјално именувана како Верска настава) е целосно институционално интегрирана како изборен предмет. Нејзиното секојдневно функционирање е регулирано преку блиска соработка меѓу државните органи, црквите и традицио-

103 Zorica Kuburić, Sladjana Zuković, *Verska nastava u školi*, CEIR and SPDV, Novi Sad 2010. 155-170.

104 Исто.

налните верски заедници, при што постои соодветно стручно тело при Владата кое го следи квалитетот на наставата, одобрувањето на учебниците и примената на наставните програми. Со тоа се воспоставува јасна правна и организациска рамка, која обезбедува јавна одговорност и транспарентност на образовниот процес.[105]

Овој партнерски модел е плод на подолг и сложен дијалог меѓу државата, црквите и верските заедници, што особено се рефлектира во професионалниот статус на вероучителите, кои се наоѓаат во специфична позиција што подразбира усогласување на две легитимни рамки на одговорност: од една страна, тие се должни да ги исполнуваат сите државни педагошки, дидактички и професионални стандарди што важат за наставниот кадар во јавниот систем; од друга страна, нивното право да ја изведуваат наставата директно произлегува од канонското одобрение и довербата на црквата или верската заедница на која припаѓаат. Оваа двојна основа не претставува конфликт на припадност, туку израз на модел во кој се почитуваат и автономијата на верските заедници и нормативната рамка на државата.[106]

Токму поради оваа специфична двојна природа, позицијата на вероучителите со години остана нерегулирана, па затоа долготрајниот процес на нивна институционална интеграција доби своја правна завршница со законските измени во 2024/2025 година, со кои тие конечно беа изедначени со останатите наставници во однос на работно-правниот статус. Со стекнувањето право на постојан работен однос се надмина нивната повеќегодишна правна и профе-

105 Kuburić Z., Zuković S., Verska nastava u školi, 155-170.

106 Исто

сионална несигурност, што претставува значаен чекор кон стабилизирање на предметот и кон јакнење на неговата институционална одржливост во рамките на јавниот образовен систем.

Покрај овие кадровски и системски реформи, специфичниот карактер на предметот се рефлектира и на ниво на непосредната педагошка практика; имено, од педагошки аспект, специфика е и тоа што во Србија веронауката се оценува со описно оценување (на пример: „се истакнува", „добар", „задоволува"). Ваквиот начин на вреднување се покажа како посоодветен за природата на предметот, бидејќи спречува религијата да стане извор на училишен стрес или само уште една бројка во општиот просек. Напротив, таа примарно поттикнува фокусирање на духовниот и моралниот развој на ученикот.[107]

### 3.2.2. Република Грција: Модел на државна религија во либерална демократија.

Грција претставува класичен пример за модел на државна религија, каде што Источноправославното христијанство е уставно прогласено за „доминантна религија" во државата. Оваа формулација оди многу подалеку од симболичко признание: таа ја позиционира Православната Црква на Грција како суштински дел од државниот и националниот идентитет, што директно се рефлектира и врз образовниот систем како главен столб за зачувување на националната кохезија. Токму поради ваквиот специфичен историски развој, додека повеќето европски земји по Втората светска војна се движеа кон неутралност,

107 Kuburić Z., Zuković S., Verska nastava u školi, 155-170.

Грција ја зацврсти институционалната врска меѓу државата и Црквата во сите општествени сфери.

Специфичноста на религиското образование во Грција извира директно од нејзиниот Устав. Членот 3 експлицитно наведува дека „доминантна религија во Грција е онаа на Источноправославната црква на Христос“. Сепак, за образованието е важен членот 16 (став 2), кој пропишува дека една од главните цели на државното образование е „развојот на националната и религиозната свест кај Грците“.[108]

Оваа уставна одредба го прави религиското образование во Грција суштински поинакво од она во останатите европски земји. Во Грција, веронауката не е само право на поединецот да научи за својата вера, туку е уставна обврска на државата да ги воспитува младите како православни христијани.

Во Грција, православниот катехизис се учи во континуитет од прво одделение во основното образование до крајот на средното образование, а предметот е задолжителен за сите ученици. Традиционално, наставната програма е конфесионална. Учебниците се фокусирани на литургискиот живот, Светите тајни и историјата на Грчката православна црква, како чувар на нацијата. Наставниците по веронаука се дипломирани студенти на Теолошките државните факултети во Атина или Солун, но работат во тесна соработка со Црквата. Нивната плата, исто како и платата на свештениците, целосно ја покрива државниот буџет.

Иако грчкиот правен поредок формално гарантира слобода на вероисповед и признавање и на други религиозни заедници, нивната правна и општестве-

108 *The Constitution of Greece*, (https://www.hellenicparliament.gr/UserFiles/f3c70a23-7696-49db-9148-f24dce6a27c8/THE%20CONSTITUTION%20OF%20GREECE.pdf.), (пристапено на 17.02.2026).

на положба не е симетрична со онаа на Православната црква, која има посебен уставен статус како доминантна религија во земјата. Во образовниот систем тоа се рефлектира преку конфесионалниот карактер на наставата по веронаука, која традиционално е насочена кон православното предание.

Во текот на последната деценија, особено за време на владата на Алексис Ципрас и коалицијата СИРИЗА, беше иницирана реформа со цел преобликување на предметот. Намерата беше веронауката да се придвижи од класичен катехизиски модел кон поширок религиолошки пристап, кој би опфатил и содржини за други религиски традиции, со нагласен историски и социолошки аспект. Овој обид беше образложуван како настојување за поголема инклузивност во услови на зголемен културен и религиски плурализам во современото грчко општество.

Реформата, сепак, предизвика силни реакции во јавноста и во црковните кругови. Ерархијата на Црквата на Грција изрази загриженост дека предложените измени го релативизираат православниот карактер на наставата и не се во согласност со уставната одредба за развој на „религиозна свест" кај учениците. Прашањето беше изнесено пред Советот на државата на Грција (Врховниот управен суд), кој во неколку пресуди ги поништи реформските решенија.[109],[110] Во образложението се истакнува дека, имајќи го предвид уставниот контекст и доминантната религија, наставата по веронаука треба да го задржи својот православен карактер за мнозинството ученици, а не

109 Council of State (Plenary), Decision No. 660/2018 (Greece), достапно на: https://www.adjustice.gr/webcenter/faces/wcnav_externalId/searchcaselaws?_adf.ctrl-state=7nxj0spo8_109&_afrLoop=37151505940465208#! Пристапено на: 10 март 2026.

110 Исто, No. 926/2018

да се сведе на неутрално и општо информирање за сите религии.

Сепак, после една подолга дебата,[111] најновите измени во Законот за образование допуштија ослободување од изучување на предметот, што претставува обид за почитување на слободата на совеста во рамките на мнозински конфесионален модел.[112] Така, оние ученици кои нема да ја изучуваат Православната веронаука, ќе мора да посетуваат часови изучувајќи го предметот „Етика“,[113] кој има плуралистичка содржина.

Во поширока перспектива, влијанието на Православната Црква во Грција ја надминува непосредната рамка на училницата. Нејзиното присуство е видливо во јавниот симболички простор, во државните церемонии, како што е традиционалниот благослов на почетокот на учебната година, како и во јавните дебати околу наставните програми и учебниците по историја. Оттука, грчкиот модел претставува пример на тесна историска поврзаност меѓу националниот идентитет, уставниот поредок и богатото православно предание, што значително го обликува и статусот на религиското образование.

111 Council of State (Plenary), Decision No. 1478/2022 and 1479/2022 (Greece), достапно на: https://www.adjustice.gr/webcenter/faces/wcnav_externalId/search-caselaws?_adf.ctrl-state=7nxj0spo8_109&_afrLoop=37162233027255497# Пристапено на: 10 март 2026.

112 Council of State (Plenary), Decision No. 2417/2025 and 2418/2025 (Greece), достапно на: https://www.adjustice.gr/webcenter/faces/wcnav_externalId/search-caselaws?_adf.ctrl-state=7nxj0spo8_109&_afrLoop=37162233027255497# Пристапено на: 10 март 2026.

113 Council of State (Plenary), Decision No. 217/2026 (Greece), достапно на: https://www.adjustice.gr/webcenter/faces/wcnav_externalId/search-caselaws?_adf.ctrl-state=7nxj0spo8_109&_afrLoop=37163359261233695# Пристапено на: 10 март 2026.

### 3.2.3. Република Бугарија: Динамичен модел на кооперативен секуларизам

Во Република Бугарија е воспоставен модел на умерен секуларизам кој ја признава историската и културната улога на источноправославното христијанство, без формално воспоставување на државна религија. Уставот гарантира слобода на совеста и вероисповед и ја утврдува одвоеноста на религиозните институции од државата, но истовремено ја дефинира Православната црква како традиционална религија во земјата.[114] Ова уставно решение создава специфична рамнотежа: државата останува секуларна, а православието задржува симболичка и културна централност во националниот идентитет. Ваквиот аранжман, всушност, претставува средишна позиција помеѓу строгиот лаицитет и моделот на државна религија, задржувајќи ја институционалната одвоеност преку забраната за политичко делување на верските заедници, но истовремено дозволувајќи историско признание. Одредени автори забележуваат дека ваквиот модел е резултат на долг и комплексен процес на дефинирање на границата помеѓу националниот идентитет и верската неутралност.[115]

Оваа деликатна уставна рамка доби своја практична динамика на почетокот на новиот милениум, кога се појави потреба од појасна артикулација за местото на религијата во јавната сфера. Имено, во 2000 година, Православната црква во Бугарија иницираше

114 *Constitution of the Republic of Bulgaria* (1991), Art. 13, https://www.parliament.bg/en/const), (пристапено на 15.02.2026).

115 Kostadin Nushev and Valentin Kozhuharov, „Religious Education at Schools in Bulgaria“, In book: Religious Education at Schools in Europe, 2020, 95-122.

низа активности за реафирмирање на својата улога во општеството, вклучително и во образованието, преку координирање на наставни програми и учебници во директна соработка со Министерството за образование. Како логичен резултат на овие заложби, нешто подоцна беше потпишан и официјален Меморандум за соработка меѓу Министерството за образование и Бугарската православна црква, со што се овозможи институционално и континуирано учество на Црквата во воспитно-образовниот процес.

Во рамките на јавниот образовен систем, овој кооперативен модел се материјализираше преку законско воведување на можноста за изучување на религијата како изборен предмет во државните училишта. Предметот се реализира во различни форми – конфесионална (Православие или Ислам) и неконфесионална, ориентирана кон религиска култура и етика.[116] Ваквата поставеност овозможува истовремено почитување на традицијата и отвореност кон плурализмот, без воведување задолжителен верски предмет за сите ученици.

Иако предметот не е задолжителен, Бугарската православна црква има стабилна институционализирана улога во сите фази од религиското образование - од иницирање на политики до поддршка на спроведување. Во Бугарија, веронауката е организирана како изборен предмет со две насоки:

Конфесионална: учениците учат специфично за православието или исламот.

Неконфесионална: фокусот е на религиската

116 Nonka Bogomilova, „Problems of Teaching Religion in Public Schools in Bulgaria Today: Retrospective and Prospective", *Occasional Papers on Religion in Eastern Europe*, vol. 35, no. 1, art. 2, (2015), https://digitalcommons.georgefox.edu/cgi/viewcontent.cgi?article=1911&context=ree, (пристапено на 15.02.2026).

култура и етика.[117]

Иако оваа поставеност долго време функционираше како стабилен компромис, потребата за натамошно балансирање помеѓу традицијата и современите предизвици доведе до нови законски иницијативи во модерната бугарска историја. Имено, во текот на 2024 и 2025 година, прашањето за религиското образование повторно стана предмет на засилена јавна и политичка расправа. Министерството за образование предложи воведување предмет со работен наслов „Добродетели и религии“, кој би ги интегрирал моралните вредности и религиската традиција во поширок воспитен контекст. Предлогот предизвика разновидни реакции – од поддршка како обид за морална реафирмација во образованието,[118] до загриженост за можната промена на балансот меѓу секуларноста и традицијата.[119] Така, во октомври 2025 година, бугарскиот парламент ги усвои измените на Законот за предучилишно и училишно образование, со кои се создаде можност религиското образование да добие посистемска позиција во наставниот план, преку избор меѓу конфесионални и неконфесионални варијанти.[120]

117 „Закон за предучилищното и училищното образование“, *Държавен вестник*, бр. 79 (13 октомври 2015, в сила от 1 август 2016).

118 Orthodox Times, “The Patriarchate of Bulgaria Welcomed the Introduction of Religion–Orthodoxy as a Mandatory School Subject,” 2025, https://www.bta.bg/en/news/bulgaria/983589-parliament-passes-first-reading-revisions-introducing-virtues-and-religions-scho, (пристапено на: 15.02.2026).

119 Ombudsman of the Republic of Bulgaria, “The Ombudsman: The Introduction of the Subject ‘Virtues and Religions’ Still Polarizes Society,” 2025, https://www.ombudsman.bg/en/n/the-ombudsman-the-introduction-of-the-subject-virtues-and-religions-still-pol-2356, (пристапено на 15.02.2026).

120 Bulgarian News Agency (BTA), “Parliament Passes First-Reading Revisions Introducing Virtues and Religions School Subject,” October 8, 2025, https://www.bta.bg/en/news/bulgaria/983589-parliament-passes-first-

Сепак, ова законско решение брзо се соочи со сериозна правна завршница, кога Уставниот суд на Бугарија ги прогласи овие законски измени за неуставни, оценувајќи дека ваквата формулација директно ја нарушува уставно загарантираната одвоеност на верските институции од државата и секуларниот карактер на јавното образование. Оваа одлука на Уставниот суд привремено ги блокираше конструктивните институционални амбиции на Православната црква во Бугарија за задолжително или поцврсто интегрирано верско образование.

Но, и покрај судското вето, бугарското општество одново ја актуелизираше дебатата околу ова важно прашање. Тоа е тесно поврзано со најновата промена на политичката власт во земјата, која отворено дава силна поддршка за ваков вид на предмет, што го одржува ова прашање високо во општествената агенда.[121]

Така, бугарскиот модел продолжува да се развива низ тензијата на т.н. традиционален плурализам: државата уставно ја признава историската улога на Православната црква и постојано се обидува да соработува со неа во образованието, но истовремено е принудена нормативно да го зачува секуларниот карактер на институциите и да обезбеди рамноправен простор за другите религиски заедници, вклучително и муслиманската, на пример, преку соработка со Главното муфтиство. Така, наместо стабилен и

reading-revisions-introducing-virtues-and-religions-scho, (пристапено на 15.02.2026).

121 Министерски съвет на Република България, „Министер-председателят Румен Радев: Държавата и Българската православна църква споделят обща миссия за духовното здраве на нашия народ“, Министерски съвет на Република България, https://www.gov.bg/special/bg/prestsentar/novini/ministar-predsedatelyat-rumen-radev-darzhavata-i-balgarskata-pravoslavna-tsarkva-spodelyat-obshta-misiya-za-duhovnoto-zdrave-na-nashiya-narod, пристапено на 1 јули 2026.

фиксен систем, бугарскиот пристап се обликува како исклучително динамичен и политички условен облик на кооперативен секуларизам, во кој границите помеѓу признаениот јавен статус на традицијата и уставната слобода на совеста постојано се редефинираат и релативизираат на релација Парламент–Уставен суд.

### 3.2.4. Република Хрватска: Од социјалистички секуларизам кон договорен модел на религиско образование

За да се разбере денешната цврста позиција на религиското образование во Хрватска, неопходно е да се анализира периодот на комунистичкиот режим во Југославија. Имено, по 1945 година, властите спроведоа систематска елиминација на Католичката црква од јавната сфера. Веронауката беше маргинализирана, но и искористена како средство за политички притисок, за на крајот да биде исклучена од државните училишта со цел воспоставување на државно контролирана образовна политика заснована врз социјалистичката идеологија.

Државата во овој период воспостави монопол врз образовниот систем преку национализација на училишниот имот и конфискација на црковните интернати, промовирајќи го принципот дека религијата е приватна работа, што во пракса значеше нејзино целосно исклучување од образовниот процес.[122] Овој историски вакуум и долготрајното потиснување

122 Miroslav Akmadža, „Politika komunističkih režima u Jugoslaviji i Poljskoj prema Katoličkoj crkvi (1945. - 1962.): sličnosti i razlike", *Croatica Christiana Periodica*, vol. 46, no. 91, Katolički bogoslovni fakultet Sveučilišta u Zagrebu, Zagreb 2023.

на верските слободи се клучните фактори кои го објаснуваат ентузијазмот и брзината со која Хрватска ја реинтегрираше веронауката по падот на социјализмот.

Хрватскиот модел на религиско образование во државните училишта е еден од највпечатливите примери во Централна и Источна Европа, за тоа како една земја во транзиција го редефинира односот помеѓу религијата, нацијата и образованието. Од модел на строга маргинализација и атеизација во периодот на СФР Југославија, Хрватска по 1991 година премина кон систем на „позитивна соработка", кој е длабоко втемелен во меѓународното право и националниот идентитет. Веќе во учебната 1991/1992 година, Католичката црква и државата потпишаа привремени договори за воведување на веронауката, што беше перципирано како исправување на претходната институционална маргинализација на верските заедници.

Враќањето на религијата во училиштата беше дел од поширокиот процес на градење на новиот хрватски национален идентитет, каде католицизмот се афирмираше како значаен елемент во процесот на национална самоидентификација по распадот на СФРЈ. Така, воведувањето на веронауката во хрватските училишта поттикна серија социолошки истражувања, кои ја анализираа улогата на религиското образование во обликувањето на социјалните вредности во пост-социјалистичкото општество.

Вредно е да се забележи дека хрватскиот модел на религиско образование е исклучително стабилен и тежок за менување поради Договорите помеѓу Светата Столица и Република Хрватска, склучени во 1996 и 1998 година – правна цврстина карактеристична и за

државата Австрија. Овие договори, имаат статус на меѓународни договори и се над националните закони, имаат неколку клучни одредби:

Договор за соработка во воспитанието и културата - документ кој гарантира дека државата ќе обезбеди настава по католичка веронаука во сите јавни основни и средни училишта и во предучилишните установи;

Статус на предметот - каде Веронауката е дефинирана како „изборен предмет". Сепак, правната специфичност лежи во тоа што, откако родителот или ученикот ќе го направи изборот, предметот добива статус на задолжителен предмет за таа година. Ова значи дека ученикот мора редовно да посетува настава, да биде оценуван и оценката влегува во општиот успех.[123]

Еден од најкомплексните аспекти на хрватскиот систем е статусот на вероучителите. Тие треба да исполнат два главни критериуми: да имаат завршено соодветно теолошко образование на државен или црковен факултет кој е признат од државата, како и да поседуваат канонски мандат доделен од локалниот бискуп. Доколку бискупот го повлече мандатот поради доктринарни или морални причини, наставникот го губи правото да предава во државното училиште.[124] Овие критериуми создаваат специфична правна конструкција, во која јавниот образовен систем интегрира елемент на канонска легитимација. Сепак, ова често претставува точка на дебата, бидејќи вероучителите се платени од државниот буџет како

123 Ana Thea Filipović, „Religious Education at Schools in Croatia", In book: Religious Education at Schools in Europe, Martin Rothgangel and Thomas Schlag (ed.), 69-88.

124 Исто.

јавни службеници, но нивното работно место зависи од одлуката на верскиот авторитет, што е специфичен хибрид помеѓу јавниот и приватниот сектор.

Иако католичкиот модел е доминантен, Хрватска го примени принципот на мултирелигиозноста со цел да се спречат обвинувањата за дискриминација. Според член 13 од Законот за правната положба на верските заедници (2013), овозможено е секоја верска заедница со одреден број верници и историско присуство да потпише договор со Владата.[125] На барање на родителите во установите за предучилишно воспитание, програмата може да содржи верско воспитание, кое се организира согласно законот и со договор помеѓу верската заедница и Владата на Република Хрватска. Во основните и средните училишта се организира настава по веронаука како изборен предмет, согласно пропишаниот наставен план и програма, и со договор помеѓу верската заедница и Владата. Децата, односно учениците, имаат право да учествуваат во верската настава по веронаука без оглед на тоа дали учествуваат во верски активности, кои се спроведуваат надвор од образовниот систем.

Во пракса, православната христијанска веронаука е присутна главно во Источна Славонија, додека исламската веронаука е застапена во поголемите градови како Загреб, Риека и Сисак. Сепак, организациските предизвик е огромен: доколку во едно училиште има само двајца или тројца ученици со вероисповед различна од доминантната, тешко е да се организира настава, па тие често се спојуваат во меѓуучилишни групи.

125 „Zakon o pravnom položaju vjerskih zajednica", *Narodne novine*, br. 83/02, članak 13.

Во хрватските средни училишта воведен е и предметот Етика како задолжителна алтернатива на веронауката. Учениците го избираат или едниот или другиот предмет. Притоа, предметот Етика е замислен како неконфесионален, со философски пристап кон моралните дилеми.

Најголемата критика на хрватскиот систем е насочена кон основните училишта, каде што долго време не постоеше алтернативен предмет за учениците кои не сакаат да изучуваат веронаука, што според активистите за човековите права претставува форма на индиректна дискриминација и социјално исклучување. Во оваа смисла, во последната деценија, во Хрватска зајакнаа граѓанските иницијативи кои бараат ревизија на договорите со Ватикан. Нивните аргументи се фокусираат на:

Финансиска транспарентност: Државата троши огромни суми за плати на вероучители и трошоци за наставни материјали.

Идеолошка неутралност: Се тврди дека присуството на верски симболи во секоја училница и практикувањето на молитви при училишните приредби го нарушува секуларниот карактер на државата, дефиниран со Уставот.

Наставни содржини на предметот: Постои дебата дали конфесионалната веронаука треба да се замени со предмет „Религиска култура“ (слично на англискиот модел), каде сите ученици би учеле за сите религии од објективна дистанца.[126]

Од друга страна, застапниците на моделот тврдат дека религиското образование во училиштата е ва-

---

126 Siniša Zrinščak, „Religion and Education in Croatia,“, *Religion and Education in Europe: Developments, Contexts and Debates*, ed. Robert Jackson et al. Waxmann, Münster 2007, 45.

жно за моралниот развој на младите и за зачувување на културниот континуитет на хрватскиот народ, кој преживеал децении на репресија врз верата.

Како одговор на овие долгогодишни општествени притисоци и со цел да се ублажи евидентната асиметрија во основните училишта, хрватските образовни власти неодамна го воведоа предмет „Светот и јас“[127], кој сè уште е во фаза на тестирање и е достапен само за учениците во експерименталните училишта. Овој предмет се нуди како неконфесионална алтернатива за учениците кои не ја избираат веронауката.[128] Со овој чекор, државата се обиде да ги задоволи барањата на секуларниот сектор за инклузивност, без притоа да ги наруши меѓународните правни обврски преземени со договорите од Ватикан. На тој начин, хрватскиот модел и понатаму опстојува како високо институционализиран и цврсто заштитен кооперативен систем, каде балансот помеѓу силното традиционално влијание на Католичката црква и современите плуралистички барања постојано се редефинира преку интензивен јавен дијалог.

### 3.3. Идентификација на добри практики

Препознавањето на добрите практики во религиското образование претпоставува внимателно усогла-

127 „Ministarstvo znanosti i obrazovanja Republike Hrvatske“, Eksperimentalni kurikulum nastavnoga predmeta Svijet i ja za osnovne škole, Zagreb 2023, https://mzom.gov.hr/UserDocsImages//dokumenti/Obrazovanje/OsnovneSkole/Cjelodnevna-skola//Eksperimentalni-kurikulum-nastavnoga-predmeta-Svijet-i-ja-za-osnovne-skole.pdf, (пристапено на 15.02.2026)

128 „Što učiniti s učenicima koji ne pohađaju vjeronauk? Postoji li vrijedna alternativa?“, Reporter.hr, 1. srpnja 2023, https://reporter.hr/sto-uciniti-s-ucenicima-koji-ne-pohadaju-vjeronauk-postoji-li-vrijedna-alternativa/, (пристапено на 15.02.2026).

сување на две суштински вредности: почитувањето на слободата на совеста и одговорноста на училиштето да придонесува кон општествена кохезија. Религиската настава, кога е соодветно поставена, не е привилегија на одредена црква или верска заедница, туку е дел од поширокиот воспитно-образовен напор за оформување зрели, дијалошки и одговорни личности. Врз основа на европските и балканските искуства, можат да се издвојат неколку насоки што се покажале како одржливи и плодотворни.

**Моделот на задолжителна алтернатива**

Практиката покажува дека е особено корисно религиското образование да биде поставено во рамка што предвидува рамноправна алтернатива, како што се Етика или Граѓанско образование. Со тоа се избегнува ситуацијата дел од учениците да остануваат без наставна содржина, а истовремено се гарантира дека сите добиваат систематско морално и вредносно образование. Ваквиот пристап овозможува избор без стигматизација и создава чувство на еднаквост во училишната заедница. Српскиот модел, кој воспоставува симетричен однос меѓу Верската настава и Граѓанското образование, често се наведува како пример за урамнотежено решение.

**Партнерство помеѓу државата и верските заедници**

Во контекст на современата демократија, здравиот модел се темели на соработка, а не на надреденост. Државата ја задржува одговорноста за образовните стандарди, акредитацијата на наставниците,

финансирањето и институционалната рамка, додека црквите и верските заедници ја гарантираат веродостојноста на верската содржина. Така се зачувува и автономијата на верата и јавниот карактер на образованието. Во хрватскиот контекст, договорите со Светата Столица овозможуваат вероучителите да бидат полноправни членови на наставничкиот колектив, што придонесува за нивна интеграција и професионална стабилност.

**Инклузивен конфесионален модел**

Почитувањето на религиската разновидност претставува значаен индикатор за демократска зрелост. Добрата практика се состои во тоа државата да овозможи организирање на настава за сите уставно признаени цркви и религиски заедници, во согласност со законските услови. На тој начин се заштитуваат правата на малцинствата и се поттикнува меѓусебно почитување. Искуствата од Србија и Бугарија, каде повеќе религиски заедници имаат право на организирана настава, сведочат за обид да се надмине едностраниот пристап и да се афирмира културната и верска разноликост како богатство.

**Описно оценување**

Со оглед на тоа што религиското образование навлегува во сферата на личните вредности, убедувања и морални ставови, описното оценување често се покажува како посоодветно од строго нумеричкото. Таквиот пристап го насочува вниманието кон напредокот, ангажираноста и способноста за дијалог, наместо кон натпревар и формално постигнување.

Во таа атмосфера, наставата може да стане простор за размислување и внатрешно созревање, а целта да не е насочена само кон репродукција на информации.

**Педагошка автономија и професионална зрелост на наставникот**

Наставникот по религиско образование се наоѓа во пресекот на теолошката стручност и педагошката компетентност. Европските образовни стандарди нагласуваат дека религиската настава е составен дел од целокупниот воспитно-образовен систем и затоа бара методска зрелост, критичка рефлексија и чувствителност кон развојот на личноста на ученикот. Оттука, континуираната професионална дообука, особено во доменот на современите наставни стратегии, интерактивниот пристап и аналитичката обработка на содржините, претставува предуслов за квалитетна и одговорна реализација на наставниот процес.

Во целина, добрите практики не се сведуваат на едноставни модели што механички се пренесуваат од една земја во друга. Тие претставуваат резултат на внимателно приспособување кон конкретниот историски, културен и правен контекст. Токму во таа чувствителност кон контекстот се крие можноста религиското образование да придонесе и кон личниот развој на ученикот и кон општото добро на заедницата.



# 4. ПРАВНА И ПОЛИТИЧКА РАМКА ЗА РЕЛИГИСКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО Р. С. МАКЕДОНИЈА

## 4.1. Уставни основи на религиското образование во Р. С. Македонија

Темелот на секоја дискусија за религиското образование во една современа демократска држава започнува со дефинирање на слободата на совеста, мислата и религиското уверување. Во Република Северна Македонија, овој суштински принцип е вткаен во членот 19 од Уставот, каде децидно се прогласува слободата на вероисповедта. Нормативниот текст јасно утврдува дека „се гарантира слободно и јавно, поединечно или во заедница со други, изразување на верата.“[129]

Од теолошка перспектива, оваа уставна одредба ги надминува рамките на обична правна формалност, наметнувајќи се како суштинско признавање на достоинството на човековата личност. Слободата на изразување на верата директно го имплицира правото на верските заедници да го пренесуваат своето

129 *Устав на Република Северна Македонија*, https://www.sobranie.mk/content/Odluki%20USTAV/UstavSRSM.pdf, (пристапено на 17.02.2026).

учење на новите генерации. Во приватниот амбиент или во рамките на самите верски објекти, овој трансфер на духовно знаење се одвива автономно и без надворешни сопки. Меѓутоа, кога државата, како чувар на јавниот интерес, се појавува во улога на посредник што треба да овозможи ваквиот образовен процес да се реализира на институционално ниво, се отвораат низа комплексни прашања. Вистинскиот предизвик, всушност, се појавува во моментот кога ова изворно право треба нормативно да се артикулира и да се интегрира во рамките на јавниот образовен систем. Така чувствителна граница помеѓу верската автентичност и државната неутралност ја раѓа потребата од прецизно дефинирање на наставните модели, преку кои религиозната писменост ќе стане дел од официјалниот курикулум.

За да се разбере како е возможна оваа интеграција, уставната гаранција за слобода на верата мора да се анализира во нераскинлива врска со уставното уредување на односите помеѓу религиозните субјекти и власта. Институционалната одвоеност на црквите и верските заедници и државата во македонскиот правен поредок е дефинирана со Амандманот VII од Уставот. Во точка 1 од овој Амандман се прецизира дека: „Македонската православна црква, како и Исламската верска заедница во Македонија, Католичката црква, Евангелско-методистичката црква, Еврејската заедница и другите верски заедници и религиозни групи се одвоени од државата“.[130]

Во македонскиот општествено-политички контекст, вака поставениот принцип на секуларност подразбира строга забрана за меѓусебно интерфе-

130 „Амандмани IV–XVIII на Уставот на Република Македонија“, *Службен весник на РМ*, бр. 91/2001, 5019–5021.

рирање. Тоа подразбира дека државата останува настрана од доктринарните и внатрешните прашања на религиозните субјекти, додека верските институции, од своја страна, не можат да преземаат ингеренции на државната власт, ниту да партиципираат во директни политички процеси.

Сепак, овој принцип на одвоеност е главната точка на колизија во дебатата за религиското образование. Тоа произлегува од доминантната тенденција секуларизмот погрешно да се толкува низ призмата на радикалниот концепт на laïcité (целосно отсуство на религијата од јавната сфера), наместо како „позитивна неутралност" на државата. На тој начин, наместо секуларизмот да биде гарант кој ќе овозможи државата да не наметнува официјална религија, а истовремено да им помогне на граѓаните да го остварат своето уставно право на образование согласно нивните верски убедувања, тој честопати се поставува како неоснована пречка за етаблирање на религиското образование во јавните училишта.

Наспроти ваквите рестриктивни толкувања, современата правна и теолошка академска мисла предлага модел на функционална кохабитација, кој подразбира активна соработка помеѓу државните институции и верските заедници во областите од заеднички општествен интерес. Според оваа теоретска поставеност, религиското образование во државните училишта не претставува нарушување на Уставот, дури и кога е поставено како дел од редовниот наставен процес, под услов целосно да се почитува плурализмот и верскиот пејзаж на заедницата. Главниот аргумент е дека државата има позитивна обврска да го заштити идентитетот на своите граѓани, при што религиозниот идентитет се третира како неодвоив

дел од човековата личност. Оттука, академската заедница потенцира дека уставната рамка не треба да се доживува како пречка, туку како правен инструмент преку кој државата го олеснува патот до религиската поука, наместо да го попречува под превезот на пасивна неутралност.

Спецификата на ваквиот македонски модел на функционална кохабитација и позитивна секуларност добива на дополнителна јасност кога ќе се постави во компаративен контекст. Ако се осврнеме кон референтните уставни решенија на соседните и европските држави (кои се предмет на подетална анализа во точка 4 од овој труд), ќе забележиме дека кај нив односот меѓу државата и религиското образование е веќе длабоко институционализиран.

За разлика од Грција и Хрватска, каде конфесионалното религиско образование се третира како прашање на државен и културен континуитет, или Србија, каде децениските дебати го заокружија моделот на веронаука во јавните училишта, во македонскиот контекст ова прашање примарно се дефинира низ призмата на човековите права и верските слободи. Оттука, македонскиот образовен систем има потреба да најде потпора во практиките на соседните и западноевропските либерални модели, кои успешно го интегрираат верското образование во рамките на демократскиот плурализам.

Овие недоречености во толкувањето на секуларната рамка генерираат и сосема конкретни, практични импликации на теренот. Како дополнителен предизвик е професионалната интеграција во јавниот образовен систем на дипломираните теолози со завршени специјалистички студии од втор циклус по методика на религиската настава. Од социјален ас-

пект, ова создава состојба на правна несигурност. Дипломираните теолози со завршени специјалистички студии од втор циклус по методика на религиската настава во моментов се наоѓаат во еден вид образовен меѓупростор. Нивните квалификации се формално признаени од државата, но нивниот професионален ангажман е ограничен на слободниот изборен предмет „Етика во религиите“.

Сумирајќи ги уставните основи, можеме да заклучиме дека Уставот на Република Северна Македонија воопшто не претставува пречка за воведување на религиското образование, туку напротив, тој служи како негов изворен правен штит. Суштинската бариера не се наоѓа во самиот уставен текст, туку во неговото ригидно и рестриктивно толкување. Затоа, заложбата за афирмирање на ваквиот предмет во училиштата не претставува дејствување против уставниот поредок, туку претставува настојување за негово правилно и доследно толкување во духот на демократскиот плурализам и достоинството на човековата личност.

## 4.2. Законски и подзаконски акти

Иако уставниот текст по својата природа отвара простор за пошироко и пофлексибилно толкување на верските слободи, сепак, реалниот пренос на овие начела во практиката мораше да се соочи со конкретната законска материја што го уредуваше образовниот сектор. Во првите години од македонската независност, процесот на операционализација на уставните норми се одвиваше под силно влијание на наследената институционална меморија. Клучен пример за ваквата сооченост помеѓу новите уставни хоризонти

и затечената законска практика претставува тогашната примарна легислатива.

Законот за основното образование од 1995 година[131] ги постави темелите на осумгодишното образование, уредувајќи ги основните принципи, правото на образование, организацијата на наставниот процес, како и правата и обврските на учениците, наставниците и училиштата во тој период. Ова законско решение дефинираше дека основното образование и воспитание е задолжително за сите деца на возраст од 7 до 15 години, при што се гарантираше еднакво право на образование без разлика на пол, раса, социјално или политичко потекло. Новата регулатива во тој период ја уреди структурата на основното училиште, времетраењето на учебната година и организацијата на наставата, овозможувајќи пофлексибилен наставен план, а посебен акцент беше ставен на соработката меѓу училиштата и родителите.

Сепак, овој нормативен акт беше донесен во атмосфера каде сè уште доминираше наследениот концепт на марксистички секуларизам. Токму затоа, тој претрпе повеќе измени и дополнувања во текот на годините со цел усогласување со европските стандарди, што во подоцнежните фази од развојот на македонското општество доведе до негова целосна замена со нови законски решенија.

Во контекст на нашата тема, образованието во Законот од 1995 година беше дефинирано како дејност од јавен интерес, но без никаква можност за воведување верски содржини. Членот 13 од овој акт нагласуваше дека во основното училиште е забрането организирање на политичко и религиозно дејствување,

131 *„Закон за основно образование"*, Службен весник бр. 44/1995 од 20.09.1995

како и секаков вид на верско образование. Од аспект на црквите и верските заедници, ваквата поставеност беше доживувана како директно продолжение на претходниот систем, во кој на религијата ѝ беше оневозможен пристапот до јавниот простор. За тогашниот општествен амбиент, тоа значеше целосна изолација на верата од образовниот развој на детето.[132]

Со текот на времето и интензивирањето на општествените процеси на демократизација, постепено се појави насушна потреба за ревизија на ваквите ригидни позиции и за интеграција на религиското наследство во јавното образование. На тој план, почетниот чекор кон нормативно уредување на ова прашање во независна Македонија беше направен во 2002 година, преку соодветен подзаконски акт на извршната власт. Тогашното Министерство за образование и наука воведе факултативен религиски предмет наменет за учениците од трето одделение во основното образование. Оваа пионерска институционална одлука во јавниот дискурс воедно беше доживеана и како прв посериозен обид на државата да излезе во пресрет на духовните потреби на верното население.

Сепак, динамиката на верското образование во Република Северна Македонија беше под силно влијание на одлуките на Уставниот суд, кои во неколку наврати го редефинираа просторот на религијата во јавното образование. Според анализите на Каракамишева-Јовановска и Спасеновски,[133] развојот на овој процес може да се следи низ неколку главни пресвртници каде државата се обидуваше да најде

132 Тања Каракамишева-Јовановска и Александар Спасеновски, *Прирачник за правото...*, 79.

133 Исто. 79-83.

баланс помеѓу верските права и слободи и уставниот принцип на секуларност.

Првиот посериозен правен преседан се случи во ноември 2003 година, кога Уставниот суд го укина Решението на министерот за образование за воведување на веронауката.[134] Со оваа одлука, Судот за прв пат навлезе во суштинско толкување на уставните граници. Од оваа одлука произлегоа три фундаментални правни столба:

- Државата не смее да наметнува каква било форма на верско дејствување;
- Државата е должна да остане неутрална за да му овозможи на поединецот слободно да се определи за или против одредена вероисповед или изучување на светите книги.
- Ваквите активности припаѓаат исклучиво во рамките на црквите и верските заедници, а не во јавните институции.

Сепак, законодавецот направи нов обид за институционализација во 2008 година, кога Собранието го усвои новиот Закон за основното образование.[135] За разлика од претходните обиди, овојпат верското образование беше воведено како изборен предмет со законска одредба (член 26), а не со подзаконски акт, што претставуваше обид за зацврстување на правната основа на предметот. Црквите и верските заедници во оваа одредба препознаа автентично исправање на историската неправда и враќање на духовната димензија во воспитниот процес.

Меѓутоа, оваа законска еволуција беше повторно

---

134 Уставен суд на Република Македонија, *Одлука У. бр. 42/2003-0-0*, Службен весник на Република Македонија" бр. 70/92, Скопје, 5 ноември 2003.

135 „Закон за основното образование", *Службен весник на РМ*, бр. 103/2008, 3–44.

прекината во 2009 година. По иницијатива на политички субјект, Уставниот суд донесе одлука[136] со која го укина членот 26. Во своето мислење, Судот образложи неколку главни точки кои ја дефинираат секуларноста, нагласувајќи дека воведувањето веронаука во државното образование го надминува академскиот и неутрален карактер на наставата.

Но, иако Судот ја забрани веронауката како модел на конфесионално поучување, тој сепак, остави простор за секуларен и научен пристап кон религиите. Токму врз оваа правна основа, во духот на членот 25 од Законот за основно образование,[137] беше воведен задолжителниот изборен предмет „Етика во религиите“. Овој предмет е конципиран да ги изучува моралните аспекти на уставно признаените вероисповеди од една неутрална, етичка перспектива, со што се задоволува уставниот критериум за секуларност на јавните установи.[138]

Меѓутоа, развојот на образовните политики во изминатите години, во комбинација со правните ограничувања за трансформација на работниот однос на професорите кои го предаваат овој наставен предмет, укажаа на диспропорцијата меѓу декларативната заложба на државата за научно изучување на религиите и нејзината практична имплементација. Овој предизвик стана особено видлив со усвојувањето на Концепцијата за основно образование од 2021 година, со која предметот „Етика во религиите“ беше

136 Уставен суд на Република Македонија, *Одлука у.број: 202-2008-0-1*, Службен весник на Република Македонија” бр.70/1992, Скопје, 15 април 2009.

137 „Закон за основното образование“, 3–44.

138 Биро за развој на образованието, „Наставна програма по предметот Етика во религиите за V одделение на осумгодишното основно образование“, www.bro.gov.mk (пристапено на 17.02.2026).

пренасочен од позицијата задолжителен изборен во категоријата слободен изборен предмет. Ваквиот редефиниран статус во пракса ја пренесе одговорноста за опстанокот на предметот врз автономните одлуки на училиштата. Како последица на тоа, во изминатите неколку години од нејзиното спроведување, системските механизми за заштита на статусот на овој предмет, како и работната несигурност на кадарот што го предава, останаа недоволно адресирани од страна на надлежните институции.

Ваквата поставеност ја смени практичната видливост на предметот во наставата. Со оглед на тоа што неговиот избор зависи од локалните можности, одлуките на училишниот менаџмент и конкуренцијата со останатите слободни активности, застапеноста на предметот во образовниот процес значително се намали. На тој начин, првичната замисла за системско и секуларно религиозно описменување на младите денес се соочува со сериозни функционални ограничувања.

Институционалниот вакуум во образовната регулатива дополнително се усложнува кога фокусот ќе се префрли врз дејствувањето на верските заедници. Деталната анализа на Законот за правната положба на црква, верска заедница и религиозна група открива уште една специфична правна антиномија што директно го засега статусот на теолошкиот кадар во државата. Имено, иако овој закон во својата основа ги признава правото на верска поука и образовните дејности, тој истовремено поставува рестриктивни ограничувања кои го кочат нивниот целосен потенцијал.

Првиот аспект на оваа регулатива се огледува во целосното правно изедначување на образованието.

Согласно членот 22, став 2 од овој закон,[139] верските образовни установи во Република Северна Македонија се изедначени со сите останати образовни институции во земјата, при што нивните ученици и студенти ги уживаат апсолутно истите права и обврски како и нивните врсници во државниот систем. Ова значи дека државата, низ призмата на ова законско решение, де јуре ја легитимира дипломата на теолошките факултети како рамноправен социјален, академски и професионален капитал.

Меѓутоа, суштинскиот парадокс се појавува во функционалната бариера што ја поставува самиот законодавец во практиката. Иако државата формално го признава теолошкиот кадар како стручен, теолозите на македонскиот пазар на труд се наоѓаат во позиција на длабока несигурност: нивната експертиза е несомнено релевантна, но нејзината професионална примена е вештачки ограничена. Државата ги прифаќа нивните дипломи, но истовремено го рестриктира нивното присуство на катедрите во основните училишта, каде што нивната специфична експертиза би можела најмногу да придонесе за етичкото обликување на личноста. Ваквата поставеност ја потврдува тезата дека секуларизмот кај нас често се трансформира во механизам за пасивна изолација, наместо во модел за кооперативна интеграција на религиозните вредности во општеството.

## 4.3. Образовни политики и стратегии на политичките партии

139 *„Закон за правната положба на црква, верска заедница и религиозна група,“* Службен весник на Република Македонија, год.: LXIII, бр.: 113, Скопје, 20.9.2007.

Прашањето за религиското образование во македонскиот образовен систем не може да се разгледува исклучиво како педагошко или правно прашање. Неговата динамика низ изминатите децении покажува дека станува збор за тема која се наоѓа на пресекот меѓу уставниот концепт на секуларност, културниот идентитет и партиските образовни политики. Ова беше особено видливо во периодот на законските измени од 2007–2008 година, кога ставовите на политичките субјекти ја отсликуваа пошироката општествена дебата за местото на религијата во јавната сфера.

Дебатата својата примарна политичка артикулација ја доби преку судирот на двата доминантни концепта во македонскиот повеќепартиски систем, чии идеолошки предзнаци понудија дијаметрално спротивни решенија. Во програмските определби на политичката партија ВМРО-ДПМНЕ, религиското образование се појавува како дел од пошироката визија за афирмација на традиционалните вредности и културниот континуитет. Така, во рамките на изборната програма „Преродба во 100 чекори" за периодот 2006–2010 година, оваа политичка партија најави официјално воведување на Веронаука во основното образование.[140] Во тогашната парламентарна расправа, пратеникот од редовите на ВМРО-ДПМНЕ, проф. д-р Александар Спасеновски, го застапуваше концептот на задолжителен изборен предмет. Тој аргументираше дека таквиот модел овозможува почитување на верската практика на семејствата, без притоа да се наметнува каква било обврска врз оние граѓани кои не се идентификуваат преку одредена

140 *Преродба во 100 чекори*, Програма на ВМРО-ДПМНЕ за преродба 2006-2010, 76.

религиска припадност.[141] Низ оваа димензија, религиското поучување се разбираше како интегрален дел од правото на образование согласно уверувањата на родителите, реализирано во рамките на уставно дозволените можности.

Од друга страна, политичката партија СДСМ, преку јавните настапи на проф. Ѓорѓи Спасов и останатите партиски претставници, изразуваше одредени резерви кон начинот и динамиката на воведувањето на веронауката. Нивната позиција се темелеше на ставот дека училиштето мора да остане простор на граѓанска еднаквост, во кој не смеат да се генерираат потенцијални сегрегации и поделби врз основа на конфесионалната припадност. Во таа насока, како поусогласен со уставниот принцип на одвоеност на државата од верските заедници, СДСМ го предлагаше неконфесионалниот модел, примарно насочен кон изучување на религиите од културолошки и етички аспект. Во оваа аргументација се потенцираше и неопходноста од образовен процес, кој ќе придонесува кон меѓусебно запознавање и кохезија во мултиконфесионалното македонско општество.[142]

Наспроти нив, либерално ориентираните политички субјекти застапуваа лаицистичко толкување на секуларноста. Во нивните јавни позиции се нагласуваше дека образовниот простор треба да биде целосно неутрален во однос на какви било религиозни содржини, а вредносното воспитување на младите да се остварува исклучиво преку граѓанско и етичко образование.[143] Токму од овие политички кругови про-

141 Стенографски белешки од 36-та седница на СОБРАНИЕТО НА РМ/РСМ, седмо продолжение, www. sobranie. com. Mk, 266;

142 Исто. 266

143 Исто, 269-270

излегоа и конкретните иницијативи за оценување на уставноста на тогашните законски решенија пред Уставниот суд.

Во текот на следната деценија се забележуваше постепена трансформација на политичкиот дискурс. Наместо изразена поларизација, прашањето за религиското образование сè почесто останувaше на маргините на образовните реформи. Во периодот 2009–2017 година, и покрај програмската блискост на десничарските партии со традиционалните религиски вредности, не беа преземени суштински чекори за трајно и системско уредување на статусот на предметот „Етика во религиите", како и на соодветниот теолошки кадар ангажиран во неговата реализација.

По 2017 година, во услови на промена на извршната власт, се забележаа обиди за воспоставување поотворен институционален дијалог. Раководството на Министерството за образование и наука во тој период оствари средби со претставници на МПЦ–ОА и изрази јасен став дека предметот „Етика во религиите" има свое релевантно место во образовниот систем,[144] нагласувајќи дека неговата специфичност подразбира ангажирање соодветно квалификуван наставен кадар. Овој пристап укажуваше на подготвеност за државно признавање на теолошката стручност како клучен критериум во реализацијата на наставата.

Подоцнежната Концепција за основно образование, донесена во следниот министерски мандат, отвори поширока дебата за вредносната ориентација на образовниот систем. Иако реформските зафати беа

144 „Заев ги слушаше поплаките на црковниот врв", Макфакс, 2017, https://makfax.com.mk/makedonija/заев-ги-слушаше-поплаките-на-црковниот/, (пристапено на 14 февруари 2026).

насочени кон интегрирано образование базирано на компетенции, прашањето за статусот на предметот „Етика во религиите“ и на самите предавачи остана нерешено. Средбите на тогашното раководство на Министерството со претставници на Асоцијацијата на професори по Етика во религиите укажуваа на подготвеност за наоѓање решение, но тие сепак завршија без конкретни законски измени што би довеле до трајна стабилизација на нивниот работен статус.[145]

Во актуелниот период, Министерството за образование и наука во своите официјални настапи воедно ја истакнува важноста на вредносната димензија на образованието и потребата од зајакнување на моралното воспитување.[146] Сепак, барањата за враќање на претходниот задолжителен изборен статус на предметот и за системско решавање на вработувањето на професорите сè уште не се преточени во конкретни нормативни решенија. Во овој контекст, Асоцијацијата на професори по Етика во религиите, во соработка со Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, иницираше консензус меѓу сите уставно признати цркви и верски заедници, насочен кон изнаоѓање јасна законска рамка за унапредување и заштита на религиското образование во јавните училишта.[147]

---

145 „Посета од министерката за образование и наука“, *Бигорски манастир*, 2021, https://bigorski.org.mk/vesti/nastani/poseta-od-ministerkata-za-obrazovanie-i-nauka/, (пристапено на 14.02.2026).

146 „Јаневска: Градиме образование што ја јакне демократијата“, *МОН* 2026, https://mon.gov.mk/mk-MK/odnosi-so-javnost/soopstenija/janevska-gradime-obrazovanie-sto-ja-jakne-demokratijata-istrazuvacko-novinarstvo-vo-nastavata-po-gragjansko-obrazovanie, (пристапено на 14.02.2026).

147 „Асоцијацијата на професори по етика во религиите бара враќање на статусот на предметот и нивно трајно вработување“, *Рацин.*

Барањето за правна заштита добива дополнително значење во контекст на актуелниот процес на оптимизација на училишната мрежа во основното образование.[148] Иако овој обемен зафат е конципиран како системска реформа за рационализација и зголемување на ефикасноста,[149] неговата практична имплементација отвора прашања за статусот на одредени наставни предмети.

Имајќи го предвид статусот на „Етика во религиите" како слободен изборен предмет и спецификите на административните процедури при изборот на предмети, соодветниот стручен кадар, кој поседува повеќедецениско работно искуство, се соочува со професионална и статусна неизвесност. Наместо системска интеграција, процесот на оптимизација носи ризик од намалување на фондот на часови и потенцијално отстранување на овој кадар од наставниот процес. Ваквиот исход може да резултира со губење и дислокација на веќе профилираниот наставен кадар надвор од јавниот образовен систем.

Развојот на овие процеси покажува дека прашањето на религиското образование во Северна Македонија останува отворено поле на јавна политика, во кое политичките ставови се менуваат во зависност

---

*мк*, 2025, https://racin.mk/makedonija/asoczijaczijata-na-profesori-po-etika-vo-religiite-bara-vrakane-na-statusot-na-predmetot-i-nivno-trajno-vrabotuvane/, (пристапено на 14.02.2026);

148 Министерство за образование и наука, „МОН: Демографските промени бараат оптимизација на училишната мрежа и мобилност на наставниот кадар за поквалитетно образование", МОН, соопштение, 8 мај 2026, https://mon.gov.mk/mk-MK/odnosi-so-javnost/soopstenija/demografski-promeni-i-vlijanie-vrz-obrazovniot-sistem, пристапено на 19 јули 2026.

149 Министерство за образование и наука, Стратегија за образование 2026 – 2032 со Акциски план 2026 – 2028, Скопје, МОН, 2026, https://portal.mdt.gov.mk/post-body-files/strateski-dokumenti-mon-file-A3ci.pdf, пристапено на 19 јули 2026.

од пошироките реформски приоритети. Она што се забележува на теренот веќе не е едноставна поделба по идеолошка линија, туку специфичен континуитет на декларативна поддршка, кој редовно е проследен со ограничен институционален напредок. Ова упатува на потребата од подлабока стратешка визија која ќе ги усогласи уставните принципи, образовните стандарди и реалните потреби на наставниот кадар.

### 4.4. Улогата на црквите и верските заедници

Анализата на општествено-политичките процеси во Република Северна Македонија во изминатите две децении укажува на еден конзистентен и институционално артикулиран став на црквите и верските заедници во однос на религиското образование во јавниот образовен систем. За разлика од политичките субјекти, чии позиции се менуваа во зависност од идеолошките ориентации, реформските приоритети и владејачките гарнитури, ставот на верските лидери се одликува со стабилност и континуитет. Овој континуитет претставува обид за активно учество во јавниот дискурс околу образовните политики, особено во моменти кога религиските содржини беа доведувани во прашање или редуцирани во наставните програми.

Поглаварите на петте верски заедници наведени во Уставот - Македонска православна црква - Охридска архиепископија, Исламска верска заедница, Католичка црква, Евангелско-методистичка црква и Еврејска заедница - во повеќе наврати настапуваа со заеднички изјави и координирани иницијативи. Во нивните јавни обраќања се препознаваат три главни аргументациски линии: заштита на правото на

верниците на религиско образование во согласност со нивните уверувања; афирмација на воспитната димензија на религиската етика како придонес кон општествената одговорност и превенција од социјална деградација; и повикување на европските искуства, во кои религиското образование е интегрирано во различните модели на секуларни држави.

Оваа начелна кохезија и подготвеност за заедничко дејствување на верските заедници брзо се трансформираше од теоретска платформа во конкретна институционална одбрана на предметот кога се појавија реални административни предизвици. Наместо да делуваат низ призмата на сопствените догми, верските лидери покажаа висока меѓурелигиска солидарност, сфаќајќи дека маргинализацијата на етичко-религиското образование е заедничка грижа на сите верници во државата. Овој заеднички настап претставуваше значаен фактор за воспоставување институционален дијалог со извршната власт во периодот на интензивните образовни трансформации.

Воспоставената кохезија меѓу верските заедници доби практична димензија при измените на статусот на задолжително изборниот предмет „Етика во религиите" во рамките на Концепцијата за основно образование од 2021 година. Во тој контекст, реакцијата на оваа образовна реформа ги надмина рамките на академските дебати и иницираше заеднички настап на црквите и верските заедници наведени во Уставот.

Во овој период, директорот на Комисијата за односи со верските заедници и религиозните групи (КОВЗРГ), Даријан Сотировски, заедно со претставниците на МПЦ-ОА, ИВЗ, Католичката црква и Евангелско-методистичката црква, упатија заедничко обраќање до Министерството за образование и наука,

во кое наведоа:

„Верските лидери разменија мислења по однос на реформите во основното образование и едногласно бараат... вклученост на црквите и верските заедници во јавната дискусија по предлог измените во законот со цел зачувување и унапредување на наставниот предмет Етика во религиите и заштита на правата на наставниците кои го предаваат“.[150]

Она што е од суштинско значење во ова заедничко соопштение претставува отвореното предупредување да се избегнуваат избрзани решенија кои се неприфатливи за мнозинството граѓани. Со ваквиот синхронизиран настап, верските лидери повикаа на заштита на социјалната положба на предметните наставници, но и суштински се позиционираа како заштитници на етичкиот интегритет во рамките на јавниот образовен систем. На тој начин, тие јасно дадоа до знаење дека секоја идна образовна реформа мора да го почитува културниот и духовниот идентитет на заедницата, како неизоставен услов за општествен мир и социјална кохезија.

## 4.5. Улогата на Асоцијацијата на професори по Етика во религиите во лобирањето за заштитата и унапредувањето на предметниот статус.

Еволуцијата на наставниот предмет „Етика во религиите“ во образовниот систем на Република Северна Македонија неминовно ја наметна потребата од структурирано и кохезивно организирање на

150 „И верските лидери и наставници по етика на религии со реакција до Царовска“, *Skopskoeho.mk*, 2021, https://skopskoeho.mk/i-verskite-lideri-i-nastavnitsi-po-etika-na-religii-so-reaktsija-do-tsarovska/, (пристапено на 15 февруари 2026).

наставниот кадар кој непосредно ја реализира оваа специфична содржина. Процесите на чести, фрагментирани и честопати неконзистентни реформи во основното образование, придружени со бурни општествено-политички дебати околу карактерот и оправданоста на религиското образование во државата, во даден момент го доведоа овој наставен кадар во позиција на целосна правна и професионална несигурност. Во еден таков комплексен и високо централизиран институционален амбиент, формалното здружување се наметна како единствен легитимен механизам за заедничка артикулација на барањата и за заштита на интегритетот на дипломираните теолози-специјалисти.

Примарниот импулс за надминување на ваквата состојба и визијата за воспоставување на едно единствено тело дојде по иницијатива и идеја на тогашниот архимандрит, а денешен Епископ Антаниски г. Партениј, игумен на Бигорската Свештена Обител. Препознавајќи ја суштинската улога на предметот во моралното, духовното и граѓанското оформување на младите генерации, но и согледувајќи ги акутните административни предизвици со кои се соочуваа наставниците на терен, тој ја артикулираше потребата од заедничка платформа која ќе ги обедини сите професори по „Етика во религиите“ на ниво на целата држава.

Оваа благородна иницијатива доби своја формална рамка во 2017 година, кога со благослов на Светиот архијерејски синод на Македонската православна црква - Охридска архиепископија (САС на МПЦ–ОА), официјално беше основана Асоцијацијата на професори по Етика во религиите „Просветление“. Со ова дејство се даде поттик за суштинско вредну-

вање на просветителската мисија на наставниците и за нивно понатамошно општествено и институционално делување.[151]

Веднаш по формалното етаблирање на организацијата, насоките за практично остварување на програмските цели беа официјално трасирани на Првиот заеднички собир на наставниот кадар, организиран во форма на едукативен семинар.[152] Токму во рамките на овој прв семинар, чиј домаќин беше Бигорскиот манастир, епископот Партениј ја нагласи потребата од координирана акција, солидарност и тимски дух во надминувањето на бирократските пречки, истакнувајќи:

„Пред нас стои една тешка, но благородна задача: да ја издигнеме Веронауката на повисоко ниво и да се залагаме за нејзина поголема застапеност во државните образовни институции. Но, за да се постигне тоа, треба да работиме поорганизирано и тимски. Да не го сфатиме овој собир како една средба која беше и помина, туку и понатаму постојано да контактираме и споделуваме искуства, бидејќи само заедно ќе донесеме победа."[153]

Со овој чин, Асоцијацијата „Просветление" за-

151 Како основачи и членови на Управниот одбор на Асоцијацијата се јавуваат тогашниот професор на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски" во Скопје, а сегашен Митрополит Дебарско-кичевски г. Георгиј, потоа ставрофорниот протопрезвитер Бобан Митевски (во својство на претседател), монахињата Ефимија Зајковска од манастирот „Свети Георгиј Победоносец" во Рајчица (како координатор меѓу професорите), проф. Ружа Стојковиќ (како секретар) и проф. Петар Миленков.

152 „Прв семинар на наставниците по 'Етика на религиите'", Religija.mk, 2017, https://religija.mk/prv-seminar-na-nastavnicite-po-etika-na-religiite/, (пристапено на 27 јуни 2026).

153 Архимандрит Партениј, Првиот семинар на наставниците по 'Етика на религиите', Bigorski.mk 2017, https://bigorski.org.mk/vesti/nastani/2017-seminar-etika-vo-religiite/ (пристапено на 01 јули 2026)

почна активно да дејствува како легитимен претставник на професорите во директниот дијалог со креаторите на образовните политики во државата. Зад ова формално здружување денес стои речиси децениски, сложен процес на институционално лобирање пред надлежните државни органи. Раководството на Асоцијацијата го презеде товарот на преговорите под постојан притисок од нерешениот егзистенцијален статус на наставниците, чии барања во релевантните министерства честопати беа маргинализирани или третирани исклучиво низ студената призма на бирократските регулативи. Така, свесна дека поединечните и изолирани иницијативи немаат соодветна тежина во државниот апарат, Асоцијацијата уште на самиот почеток се насочи кон воспоставување релации со клучни домашни и меѓународни партнери, кои би ја подигнале преговарачката позиција на повисоко ниво.

На Асоцијацијата ѝ се припишуваат речиси сите клучни, официјални и стратешки средби со челниците на државните институции, реализирани со цел стабилизирање на оваа ризична состојба. Во изминатите десет години, нејзините претставници остварија низа интензивни средби со сите министри за образование и наука, со раководните лица во Бирото за развој на образованието (БРО), со пратенички групи во Собранието, како и со голем број градоначалници низ општините во државата. Примарниот фокус на ова упорно лобирање конзистентно останува насочен кон две клучни апликативни точки:

Трајно дефинирање на статусот на предметот во рамките на националната наставна рамка (особено во контекст на предизвиците наметнати од поновите концепции за основно образование);

Институционални иницијативи за измена на работниот статус на професорите, со цел нивна целосна интеграција во редовен работен однос преку трансформација на договорите од определено на неопределено време.

Преку континуираната работа и организираните настапи, Асоцијацијата разви капацитет да биде активен социјален партнер на образовните реформи, кој директно учествува во преговорите за заштита и унапредување на религиското образование, но и егзистенцијата и професионалното достоинство на своите членови. Изразувајќи сеопфатни правни и педагошки аргументи пред државните органи, таа прави постојани напори да докаже дека потребата од религиско образование во македонските училишта е неприкосновена, а дискриминацијата на нејзиниот наставен кадар директно се одразува врз квалитетот на самиот образовен процес.

Свесна дека институционалното лобирање мора да биде поддржано со континуирано интелектуално и стручно усовршување, Асоцијацијата, во соработка со експерти од областа на теолошките, правните, философските и педагошките науки, разви плодна образовна дејност. Со цел подигнување на дидактичките и методолошките капацитети на наставниците, но и афирмација на предметот во научната јавност, таа организираше неколку национални семинари, научни средби, практични работилници, а издаде и свој Зборник на научни трудови.

Овие настани послужија како ефикасна платформа за размена на позитивни практики, презентација на нови педагошки модели и дискусии за соочувањето со современите предизвици во училниците, како што се верскиот плурализам и етичките дилеми кај

младите. Преку овие форми на стручно усовршување, Асоцијацијата успеа да изгради силна внатрешна кохезија и синхронизирана мрежа на професионалци, кои споделуваат идентични педагошки стандарди низ целата држава. Истовремено, научните средби резултираа со јасна артикулација на ставови, кои ја демонстрираа научната оправданост и методолошката заснованост на Етиката во религиите како нераскинлив дел од хуманистичкото образование.

Еден од најзначајните аспекти на овие залагања е сместувањето на македонскиот контекст во рамките на европските вредности. Во оваа смисла, од научен аспект повеќепати беше нагласено дека секуларноста треба да се сфати како гарантирање широки, неприкосновени верски права и слободи на граѓанинот, при што државата мора да ја препознае улогата на верските заедници како конструктивни фактори во формирањето на личноста.

Клучната поддршка за Асоцијацијата во поглед на ова меѓународно репозиционирање беше добиена од страна на германската фондација „Конрад Аденауер" (Konrad-Adenauer-Stiftung – Канцеларија во Скопје), со која е воспоставено долгорочно стратешко партнерство. Во најкритичниот период на образовни трансформации, фондацијата Конрад Аденауер се етаблираше како важен меѓународен медијатор, организирајќи низа суштински дискусии, кои го редефинираа местото на религијата во јавниот образовен простор. Вклученоста на KAS му даде на прашањето неопходна европска димензија, демистифицирајќи го стравот од религиското образование како наводна форма на конфесионална индоктринација.

Наместо тоа, преку нивната платформа континуирано беше нагласувано дека религиската етика во

јавните училишта претставува алатка за социјална кохезија и демократска зрелост. Суштината на нивната аргументација се потпира на европскиот модел на позитивен секуларизам, каде државата не ја потиснува религијата, туку ја користи нејзината етичка содржина за градење на поотпорно граѓанско општество. Во дебатите поттикнати и поддржани од KAS, јасно беше нагласено дека познавањето на другиот во светло на неговиот религиски систем е најефикасниот начин за разбивање на предрасудите и за превенција од верскиот радикализам.[154]

Забележително беше учеството на оваа Фондација во периодот на воведувањето на новата Концепција за основно образование. KAS делуваше како платформа за дијалог помеѓу академската заедница, верските лидери и креаторите на политики, укажувајќи дека реформите и модернизацијата на образованието треба да го земат предвид и неговиот етичко-религиски аспект.

Со поддршката за опстојувањето на предметот „Етика во религиите", Фондацијата ја истакна потребата мултирелигискиот карактер на Северна Македонија да се рефлектира низ специфичен образовен модел, кој ќе ги интегрира етичките и духовните вредности како дел од општата култура. На тој начин, оваа поддршка претставуваше обид за институционално втемелување на образовен модел во согласност со германските, односно пошироките европски пракси на соработка меѓу државата и верските заедници.

154 „Предметот Етика во религиите мора да биде дел од новата концепција на образованието", Religija.mk, 2021, https://religija.mk/predmetot-etika-vo-religiite-mora-da-bide-del-od-novata-koncepcija-na-obrazovanieto, (пристапено на 15.02.2026).

Во рамките на ова плодно сојузништво се реализира обемен опус на едукативни настани, кои вклучуваат:

Семинари, вебинари и дигитални курсеви,[155] кои овозможија континуитет во обуката на наставниците дури и во периоди на пандемиски и логистички кризи, покривајќи теми поврзани со интеркултурниот дијалог и превенцијата од радикализам преку образованието;

Тркалезни маси,[156] настани кои послужија како исклучителен форум каде на иста маса беа седнати претставниците на Асоцијацијата, претставниците на САС на МПЦ-ОА и другите верски заедници, раководителите на секторите во државните просветни институции (МОН, БРО), пратеничките групи и меѓународните експерти. На ваквите средби се дебатираше за стратешката иднина на предметот и се носеа заеднички заклучоци испратени до власта.

Соработката со фондацијата Конрад Аденауер јасно демонстрираше дека прашањето за Етиката во религиите во државните училишта на Република Северна Македонија не е само локално или конфесионално прашање, туку е суштински дел од градењето на демократско, толерантно и плуралистичко општество со јасен предзнак на европските вредности.

Во рамки на оваа значајна соработка, наставни-

155 „Сестра Ефимија: Предметот Етиката во религиите развива дух на толеранција, соработка и солидарност“, Медиумска информативна агенција (МИА), (2021), https://mia.mk/story/sestra-efimija-predmetot-etikata-vo-religiite-razviva-duh-na-tolerancija-sorabotka-i-solidarnost, (пристапено на 10.07.2026).

156 „Тркалезна маса: ‘Етика во религиите’ да продолжи да се изучува во шесто одделение“, Слободен печат, (2023) https://www.slobodenpecat.mk/trkalezna-masa-etika-vo-religiite-da-prodolzhi-da-se-izuchuva-vo-shesto-oddelenie/ (пристапено на 10.07.2026).

ците ја истакнаа својата компетентност, посочувајќи дека доколку модерното образование навистина цели кон засилен воспитен процес, тогаш токму теолозите со завршени специјалистички студии по методика на религиската настава се оние кои ја поседуваат потребната теолошка, етичка и педагошка подготвеност. Повикувајќи се на европските стандарди, тие истакнаа дека ваквата форма на образование е присутна во сите земји на Европската Унија кои се изградени врз принципите на секуларноста, што претставува круцијален аргумент против неоснованите обвинувања за антисекуларизам.

Уште еден долгогодишен партнер на Асоцијацијата на професори по Етика во религиите е Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, кој перманетно укажува на потребата за итно решавање на статусот на овој предмет. Нивната континуирана поддршка и стручност се од големо значење, бидејќи јасно предочуваат дека Република Северна Македонија останува една од ретките држави во Европа без воспоставено системско религиско образование. Православниот богословски факултет потенцира дека ова е прашање на верска поука, како и на пошироко културно и етичко описменување, кое е стандард во современите европски демократии.[157]

Денес, долгогодишните заложби на Асоцијацијата на професори по Етика во религиите се сумирани во четири клучни и децидни барања:

Враќање на предметот „Етика во религиите“ во

157 „Зошто нема место за религискиот морал во новиот концепт за основно образование?“, Religija.mk, 2021, https://religija.mk/zoshto-nema-mesto-za-religiskiot-moral-vo-noviot-koncept-za-osnovno-obrazovanie/, (пристапено на 15.02.2026).

групата на задолжителни изборни предмети;

Воведување редовен наставен предмет со наслов „Религиозно и културно наследство“;

Наставата по овие предмети да ја водат исклучиво дипломирани теолози со завршени стручни академски студии по методика на наставата по религиско воспитание и образование;

Стекнување на право на трансформација на работниот однос од определено на неопределено работно време.

Конзистентниот ангажман на Асоцијацијата на професори по Етика во религиите „Просветление“, Фондацијата „Конрад Аденауер“ и Православниот богословски факултет во текот на изминатата деценија недвосмислено докажува дека религиското образование е суштински индикатор за демократската зрелост на една држава. Овој повеќеслоен напор дефинитивно ја демистифицира предрасудата дека присуството на религијата во образовниот систем на кој било начин го нарушува принципот на секуларноста.

Напротив, се наметнува заклучокот дека вклучувањето на религиските содржини во јавниот образовен простор, под закрила на неутрални, секуларни и плуралистички принципи, претставува обезбедување на рамноправен пристап до знаење кое ја опфаќа севкупноста на човечкото искуство. Овој модел директно придонесува за изградба на граѓани со развиен капацитет за емпатија и меѓусебно почитување, способни да ја препознаат и вреднуваат културната и верската разновидност како вреден општествен капитал. Оттука, интегрирањето на религиската етика во современиот образовен систем не треба да се третира како политичка отстапка, туку како легитимна

и неопходна цел за секое општество, кое се стреми кон вистинска инклузивност и морален интегритет на младите генерации.[158]

## Заклучни согледувања

Од направената анализа на законските измени и релевантната јуриспруденција на Уставниот суд произлегува дека прашањето за религиското образование во Република Северна Македонија не може да се сведе само на нормативно-техничка дилема. Станува збор за комплексна точка на пресек меѓу различни концепции за јавниот простор: од една страна, традиционалното разбирање на заедницата како носител на културен и духовен континуитет, а од друга страна, современиот либерално-демократски модел кој примарно го афирмира индивидуалниот избор и институционалната неутралност.

Во стремежот да се профилира како модерна европска демократија, државата во повеќе наврати го интерпретира секуларизмот во рестриктивна смисла, нагласувајќи ја потребата од дистанца меѓу јавните институции и конфесионалните содржини. Сепак, кога секуларноста се разбира исклучиво како отстранување на религиските референци од јавниот образовен простор, постои ризик да се запостави фактот дека религискиот идентитет претставува значаен елемент од историското и културното ткиво на македонското општество. Наместо неутралност која интегрира различни светогледи, може да се создаде впечаток на вредносна празнина во која религиска-

158 „Зошто е потребно религиското образование во јавните училишта?“, Religija.mk, 2025, https://religija.mk/zoshto-e-potrebno-religiskoto-obrazovanie-vo-javnite-uchilishta/, (пристапено на 15 февруари 2026).

та традиција се третира како приватна, но не и како културно релевантна категорија.

Од теолошка перспектива, трансформацијата на религиското образование во модел кој се ограничува на општа етичко-информативна рамка отвора дополнителни прашања. За теологијата, религиското знаење не е сведливо само на историски и културолошки податоци, туку има антрополошка и егзистенцијална димензија. Сепак, во услови на уставна секуларност, јавниот образовен систем природно се ориентира кон неконфесионални форми на настава. Токму тука се наоѓа чувствителната рамнотежа: како да се зачува академската и педагошката валидност на религиската содржина, а притоа да се почитува плурализмот и слободата на совеста.

Редефинирањето на предметот „Етика во религиите" како слободен изборен предмет не може соодветно да се опише како замолчување или исклучување на теолошкиот глас од јавноста. Меѓутоа, ваквата поставеност објективно го ограничува неговиот опфат и влијание во однос на претходниот задолжителен изборен статус. Тоа значи дека религиската етика останува присутна, но во маргинализирана позиција во рамките на наставната структура. Прашањето што произлегува не е дали државата има право да го уреди наставниот модел, туку дали избраниот модел оптимално одговара на општествените потреби и на мултирелигискиот карактер на државата.

Дополнителен аспект на оваа проблематика е односот кон теолошкото образование. Државата ги акредитира теолошките факултети и ги признава нивните дипломи како дел од националниот високообразовен систем. Истовремено, можностите за институционално вклучување на дипломираните

теолози во јавниот образовен сектор остануваат ограничени и зависни од променливи образовни политики. Овој јаз упатува на структурна недоразвиеност на моделот на соработка меѓу државата, црквите и верските заедници во областа на образованието.

Во овие рамки, деceнискиот ангажман на Асоцијацијата на професори по Етика во религиите се етаблира како клучен практичен индикатор за институционалните и нормативните предизвици на терен. Долгогодишните заложби и упорното лобирање на ова професионално здружение пред извршната и законодавната власт, не само што ја рефлектираат егзистенцијалната и правната несигурност на наставниот кадар, туку и јасно го разоткриваат отсуството на долгорочна институционална стратегија кај креаторите на јавните политики. Преку воспоставувањето стратешки партнерства со релевантни домашни и меѓународни чинители, како што се Фондацијата „Конрад Аденауер“ и Православниот богословски факултет во Скопје, Асоцијацијата успеа да го издигне прашањето за предметниот статус од локален конфесионален проблем во легитимна европска дебата за позитивниот секуларизам. Оттука, Сизифовиот труд на Асоцијацијата во бирократските лавиринти покажува дека борбата за подобар статус на предметот е суштински напор за институционално признавање на теолозите како рамноправни актери во градењето на мултирелигиски соживот и демократска зрелост на државата.

Токму затоа, се јавува потребата за јасно дефиниран модел на интеграција во кој државата ќе ја задржи својата уставна неутралност, а црквите и верските заедници ќе бидат препознаени како легитимни општествени соработници со придонес во сферата

на вредносното образование. Таквиот модел подразбира транспарентен дијалог, правна прецизност и педагошка одговорност.

Во таа смисла, религиското образование останува индикатор за начинот на кој општеството ја разбира сопствената културна традиција и степенот на отвореност кон различностите. Поправилно е тоа да не се третира како спорна периферна тема, туку да се согледа како суштински дел од пошироката дебата за образованието како простор на формирање на личноста, граѓанската одговорност и меѓусебното почитување во едно плурално демократско општество.



# 5. РЕЛИГИСКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО Р. С. МАКЕДОНИЈА

## 1.1. Поим и значење на религиското образование

Воведувањето на предметот „Етика во религиите“ во македонскиот образовен систем не може да биде сведено на административна последица од правните измени по 2009 година. Тоа беше обид за внимателно обликување на педагошки пристап насочен кон специфичностите на едно мултирелигиско општество. Предметот беше конципиран како простор на средба меѓу секуларниот образовен модел и духовните традиции, присутни во македонскиот контекст, со цел кај учениците да се развива способноста за етичко расудување, одговорност и дијалог со различноста.

Овој концепт се потпира врз пошироко разбирање на образованието како процес кој не се ограничува со пренос на информации, туку е насочен кон формирање на личноста. Современите образовни текови, особено оние што се темелат на хуманистичката педагогија, го нагласуваат интегралниот развој на ученикот - когнитивен, емоционален, социјален,

духовен и вредносен. Во таа рамка, „Етика во религиите“ се вклопува како предмет што ја поврзува содржинската настава со личносниот раст, поттикнувајќи саморефлексија и градење на зрела морална позиција. Наместо исклучиво академско усвојување на податоци за религиите, целта е ученикот да научи да размислува критички, да поставува прашања и да ги согледува различните светогледи со почит и разбирање.

Меѓутоа, ефикасноста на предметот директно зависи од самиот начин на реализација на наставниот процес, каде што педагошките методи мора да бидат во согласност со неговата воспитна природа, при што посебно значење има т.н. дијалошка поставеност на наставата. Како што укажува Јовковска, односот меѓу наставникот и ученикот не смее да остане на ниво на формална комуникација, туку треба да се развива како соработка заснована врз доверба, почит и отвореност. Дијалогот тука не е техника, туку суштински образовен принцип: преку разговор, аргументација и споделување искуства, ученикот се поттикнува да ја изгради сопствената вредносна позиција.[159] Овој пристап подразбира и редефинирање на улогата на наставникот. Наместо да биде единствен авторитет кој пренесува готови знаења, наставникот станува фасилитатор на процесот на учење и морално созревање. Неговата улога опфаќа поттикнување на учениците да размислуваат самостојно, да ги артикулираат сопствените ставови и да ги согледуваат последиците од одредени вредносни избори. Во таа смисла, може да се говори за неколку клучни функции: создавање атмосфера на прифаќање и соработка; развивање на

159 Анета Јовковска, „Дијалошки аспект на христијанското образование и воспитание ..“, 61

комуникација што го почитува емоционалниот свет на ученикот; преобразување на наставниот простор во заедница на учење; и поттикнување на духовната димензија на личноста, сфатена како способност за смисловно ориентирање и одговорност.[160]

Ваквата поставеност станува особено релевантна во поширокиот социо-културен контекст. Во услови на изразени општествени тензии, вредносна несигурност и брзи трансформации, училиштето има задача да понуди стабилна етичка рамка без да ја наруши плуралистичката природа на општеството. „Етика во религиите" овозможува систематско запознавање со моралните принципи што произлегуваат од уставно признатите религиски традиции, но истовремено ги поврзува тие принципи со современите прашања: човековите права, солидарноста, одговорноста, почитувањето на различноста.

На тој начин, предметот придонесува кон развој на етичка чувствителност, емпатија и социјална свест кај учениците. Тој не нуди готови одговори, туку создава услови за оформување на личен вредносен систем, заснован врз информираност, почит и способност за дијалог. Во едно мултикултурно општество, ваквиот пристап претставува важен предуслов за градење на заедница во која различноста не се доживува како закана, туку како можност за заемно збогатување.[161]

160 Анета Јовковска, „Дијалошки аспект на христијанското образование и воспитание ..", 57.

161 Aneta Jovkovska, Aneta Barakoska, Gjoko Gjorgjevski, "The Role of the Subject 'Ethics in Religions' in Shaping Value Systems among Primary School Students in Contemporary Macedonian Society," *Occasional Papers on Religion in Eastern Europe*: Vol. 45 : Iss. 5, Article 9, 160-181. DOI: https://doi.org/10.55221/2693-2229.2642 https://digitalcommons.georgefox.edu/ree/vol45/iss5/9, (пристапено на 18.02.2026).

Токму оваа функционалност на предметот дополнително се потврдува во современите образовни истражувања, особено кај оние кои го испитуваат влијанието на кооперативното интеррелигиско образование. Имено, во нив се нагласува дека интерактивните методи го надминуваат простото меморирање факти и директно поттикнуваат социјална кохезија.[162] Во таа насока, практичната реализација на наставата по „Етика во религиите“ го остварува овој потенцијал преку специфични методи кои ги комбинираат социјалните вештини и внатрешниот развој, и тоа преку:

Кооперативно учење: каде учениците преку групна работа со врсници од различна вероисповест директно се вежбаат во толеранцијата и вештините на заедништвото;[163]

Аскетско расудување: пристап со посебен акцент на методите кои произлегуваат од христијанската антропологија. За разлика од традиционалните претстави, овој метод не треба да се сфати како суров подвиг, туку како терапевтски процес, кој кај ученикот развива внатрешно внимание. Ваквиот фокус се покажува како неопходен во денешната дигитална ера, со цел децата да научат како да ги препознаат вистинските вредности, наспроти моменталните дигитални навики кои го обликуваат нивниот карактер.[164] Ова развивање на внатрешна когнитивна и емоционална

162 Sonja Danner, Halid Akpinar, „'I Learnt Much About...' the Impact of Cooperative Interreligious Education“, *Religions*, vol. 15, no. 11, art. 1339, MDPI Basel Switzerland 2024, 1.

163 Sonja Danner, Halid Akpinar, „I Learnt Much About...“, 5-7.

164 Aneta Jovkovska, „Shaping Virtue in the Digital Era: The Orthodox Church's Role in Youth Moral Education“, Paper presented at the *International Scientific Conference "Conciliarity and the Contemporary Challenges of the Church"*, Struga, May 7–10, 2025.

самоконтрола, всушност, претставува ментална хигиена во дигиталната ера: вежбање трпение, запирање пред импулсивните реакции на социјалните мрежи и критичко филтрирање на површните виртуелни содржини. На тој начин, преку ваквата практика се извлекува чиста секуларна придобивка од длабоката антрополошка ризница на религијата.

Во оваа смисла, „брзата експанзија на дигиталните технологии стана конститутивна карактеристика на современиот живот на адолесцентите, преобликувајќи ги обрасците на комуникација, учење и формирање на идентитетот во различни културни контексти. За помладите генерации, дигиталните медиуми функционираат како секојдневно опкружување во кое се воспоставуваат односи, се преговара за вредностите и се истражуваат прашањата за смислата“.[165] Во вакви услови, предметот „Етика во религиите“ се појавува како неопходен коректив кој треба да понуди вредносен систем наспроти фрагментираната реалност на социјалните медиуми.

Педагошката рамка на овој предмет е тесно поврзана со христијанското разбирање на личноста. Гледано низ призмата на дијалошкиот аспект на образованието, воспитниот процес не смее да се сведе само на трансфер на информации. Напротив, образованието треба да биде насочено кон целокупниот развој на ученикот, каде што религиските и етичките содржини стануваат живи практики кои помагаат во изградбата на карактерот и моралната одговорност во соживот со другите.[166] Сепак, прегледот на теренската имплементација покажува одредена дисонанца

165 Aneta Jovkovska, „Shaping Virtue in the Digital Era...“.

166 Види подетално кај: Анета Јовковска, „Дијалошки аспект на христијанското образование“.

помеѓу теоретските цели и практичната реализација. Иако предметот е поставен на принципите на толеранција и запознавање со „другиот“, неговата позиција во наставниот план е периферна, што често резултира со девалвација на неговата воспитна тежина во очите на учениците и родителите.

## 5.2. Анализа на наставната програма по предметот „Етика во религиите“

Анализата на наставната програма по предметот „Етика во религиите“ укажува на внимателно конципирана, но во одредени сегменти ограничена рамка за морално образование. Програмата е поставена врз феноменолошки пристап, при што учениците се запознаваат со основните етички учења на христијанството, исламот и јудаизмот, со настојување да се препознаат заедничките вредносни јадра што ги поврзуваат овие монотеистички религии. Наместо конфесионална насоченост, акцентот е ставен врз доблестите како универзални ориентациски точки во човечкото однесување. Во тој контекст се поттикнува развивање на внатрешна внимателност, саморефлексија и одговорност, што добива особена тежина во услови на постојана изложеност на површни содржини.[167]

Сепак, најосетливото прашање во анализата се однесува на временската рамка во која се реализира предметот. Наставата се изведува во текот на едно полугодие во шесто одделение, со фонд од 36 наставни часови во рамките на целото основно образование. Доколку целта е да се постигне подлабоко воспитно

167 Aneta Jovkovska, „Shaping Virtue in the Digital Era...“.

влијание, ваквата временска ограниченост претставува сериозен предизвик. Етиката како дисциплина не се исцрпува во информативно запознавање со поими и примери. Таа подразбира постепено оформување на ставови, навики и вредносни ориентации, што по својата природа бара континуитет и повторливост. Кога изложеноста на овие содржини е концентрирана во краток временски период, особено во возраст што се карактеризира со интензивни психофизички промени, можноста за трајно вкоренување на наученото останува ограничена.[168]

Во својата сегашна форма, програмата овозможува основно запознавање со етичките принципи на религиите, но просторот за подлабока анализа и критичка разработка е стеснет поради недостигот на часови. За да се обезбеди поцеловит развој на личноста, би било целисходно содржините да се распределат низ повеќе одделенија, со постепено усложнување во согласност со когнитивниот и емоционалниот развој на учениците. Таквиот пристап би овозможил спирална надградба на знаењето и постепено продлабочување на моралната рефлексија.

Наставната програма, во својата суштина, има потенцијал да понуди рамка за развивање на одговорна слобода и морална зрелост кај младите, кои растат во културен амбиент обележан со брзи промени и култура на непосредно задоволување на потребите. Во таа смисла, педагошкиот процес може да се разбере како придружување на ученикот во неговото соочување со современите предизвици, меѓу кои се и дигиталната изолација, говорот на омраза и различ-

168 Aneta Jovkovska, Aneta Barakoska, Gjoko Gjorgjevski, „The Role of the Subject 'Ethics in Religions' in Shaping Value Systems...", 176.

ните форми на виртуелна агресија.[169] Но ваквата цел претпоставува време и простор за градење доверба и соработка меѓу наставникот и учениците. Вредностите не се усвојуваат механички; тие се формираат во однос, преку разговор, пример и заедничко промислување.

Особено значајна е потребата наставниот процес да не остане затворен во рамките на училницата. Иако програмата предвидува интерактивност, практичната реализација често се сведува на теоретско обработување на темите. За да се постигне подлабок ефект, образованието треба да вклучи искуствени форми на учење, како што се посети на верски храмови и културни институции, средби со претставници на различни заедници и активности насочени кон соработка во локалната средина. Преку вакви искуства учениците добиваат можност да ги согледаат различните аспекти на сопствениот идентитет во интеракција со другите.[170]

Непосредната средба со различноста има суштинско значење за развивање на социјална интелигенција. Таа не се сведува на познавање на информации за другите религии, туку подразбира способност за разбирање на нивната внатрешна логика и за препознавање на заедничките човечки стремежи. Во процесот на вакво учење постепено се преиспитуваат вкоренетите стереотипи и предрасуди, кои најчесто произлегуваат од недоволна комуникација и изолираност. Така, кога ученикот ќе излезе од апстрактниот свет на дефинициите и ќе се соочи со конкретни луѓе, нивните обичаи и нивните вредносни ориентации, се отвора простор за подлабоко емоционално

169 Aneta Jovkovska, „Shaping Virtue in the Digital Era...“.

170 Aneta Jovkovska, „Shaping Virtue in the Digital Era...“.

и социјално созревање. Различноста престанува да биде непознато поле и станува дел од сопственото искуство. На тој начин образованието постепено се трансформира од информативен процес во воспитен пат, кој го подготвува младиот човек за одговорен и конструктивен соживот во мултикултурно општество.

Деталниот увид во наставните целини покажува дека предметот е структуриран како постепено воведување во различни етички хоризонти, со намера учениците да се движат од основните поими кон поконкретни морални ситуации. Сепак, при ваквата концепција се забележува недоволна можност за продлабочување на важни теми, што го ограничува неговиот воспитен потенцијал.

**Основи на етиката и вредностите**

Програмата започнува со воведување во темелните поими како добро, зло, чесност и одговорност, со цел учениците да стекнат терминолошка рамка за морално расудување. Овој почетен сегмент има значајна функција, бидејќи без јасно дефинирани категории тешко може да се изгради зрела етичка позиција. Сепак, останува ризик овие поими да бидат доживеани како апстрактни доколку не се поврзат со конкретни ситуации од секојдневието. Во услови на дигитална комуникација, каде границите меѓу прифатливо и неприфатливо однесување често се релативизираат, потребна е постојана контекстуализација преку разговор и анализа на реални примери, забележува Јовковска.[171] Ограничениот фонд на часови ја

171 Види подетално кај: Aneta Jovkovska, „Shaping Virtue in the Digital Era".

стеснува можноста за таква продлабочена работа.

**Моралните пораки на монотеистичките религии**

Во централниот дел од програмата се обработуваат Десетте Божји заповеди, моралните столбови на исламот и други нормативни упатства, при што „златното правило“ се претставува како заеднички етички именител. Оваа поставеност создава солидна основа за градење интеркултурна чувствителност и почит кон различните религии. Сепак, за ваквите содржини да се вградат во личниот вредносен систем на ученикот, неопходен е простор за компаративна анализа, прашања и дискусија. Кога времето е ограничено, обработката лесно се сведува на информативно запознавање, без доволно можности за внатрешна интеграција на наученото.[172]

**Современи етички предизвици.**

Особено значаен е делот што ги опфаќа темите поврзани со односот кон природата, семејството, одговорноста во заедницата и врсничкото насилство. Токму тука се очекува учениците да го применат стекнатото знаење во конкретни ситуации. Анализата покажува дека овој сегмент често се реализира во забрзано темпо со цел програмата да се заврши во рамките на едно полугодие. Таквиот пристап ја намалува можноста за продлабочена рефлексија и за поврзување на содржините со реалните искуства на учениците. Етичките принципи стануваат дел од

172 Aneta Jovkovska, Aneta Barakoska, Gjoko Gjorgjevski, „The Role of the Subject 'Ethics in Religions' in Shaping Value Systems...“, 178.

личноста кога се промислуваат, проверуваат и повторно се преиспитуваат во различни контексти.[173]

## Неопходност од воспитен континуитет

Општиот впечаток е дека програмата нуди солидна теориска рамка за доблестите, но ограничен простор за нивно практично вежбање. Возраста на учениците во шесто одделение е период на интензивно обликување на идентитетот и на односот кон другите. Во таа фаза образованието има задача не само да информира, туку и да придружува во процесот на личносно созревање. Доколку етичките содржини се ограничат на краток временски интервал, постои можност тие да останат на ниво на знаење, без да преминат во трајна навика и карактерна ориентација.[174]

Врз основа на оваа евалуација, се наметнува потребата од вертикално проширување на програмата низ повеќе одделенија. Таквото проширување е одговор на сложените општествени околности во кои растат младите. Континуираното враќање кон етичките теми, прилагодено на возраста и зрелоста на учениците, би овозможило постепено градење на стабилен вредносен систем.

Од перспектива на православната христијанска педагогија, воспитувањето на личноста во духот на љубовта, одговорноста и благодарноста претпоставува време, трпение и повторливост.[175] Способноста да се простува, да се преиспитува сопственото однесу-

173 Исто 178.

174 Исто, 178.

175 Анета Јовковска, *Православна христијанска педагогија*, универзитетски учебник, Православен богословски факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје, Скопје 2025, 254.

вање и да се развива однос на пожртвувана грижа кон другите се оформува преку долготраен процес на внатрешна работа. Таа не произлегува од еднократно изложување на содржини, туку од постепено созревање поддржано од соодветна педагошка средина.[176]

Оттука, вертикалниот континуитет на предметот е предуслов етичките вредности да се вградат во стабилен морален идентитет. Само преку таква долгорочна образовна стратегија може да се поттикне личност која ќе биде способна да одговори на предизвиците на современата култура и да изгради однос на почит и заедништво во мултикултурен контекст.

## Заклучни согледувања

Врз основа на претходната анализа на наставните содржини на предметот „Етика во религиите“ и неговата педагошка структура, може да се формулираат неколку суштински согледувања кои се однесуваат на неговата концепциска вредност и на предизвиците со кои се соочува во практичната реализација.

### Промена на педагошката парадигма

Предметот не треба да се разбира како административна компензација за претходните модели на веронаука, туку како обид за воспоставување дијалошки образовен пристап. Неговата суштинска вредност се огледа во ориентацијата кон хуманистичка

176 Анета Јовковска, *Христијанска методика на наставата*, универзитетски учебник, Православен богословски факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје, Скопје 2025, 59.

педагогија, во која наставникот не настапува исклучиво како преносител на содржини, туку како придружник во процесот на личносно созревање. Таквата поставеност создава можност етичките прашања да се отвораат низ разговор, аргументација и заемно почитување, наместо да останат на ниво на формално усвоени дефиниции.

**Ограниченоста на временската рамка**

Најизразениот структурен предизвик произлегува од маргиналната позиција на предметот во наставниот план. Реализацијата во едно полугодие во текот на целото деветгодишно образование ја ограничува можноста за постепено оформување на етички навики и стабилни вредносни ориентации. Религиската етика, како процес на обликување на карактерот, бара повторливост, продлабочување и враќање кон истите теми во различни развојни фази. Без ваков вертикален континуитет, стекнатите сознанија лесно остануваат на информативно ниво, без да се преточат во трајна карактерна зрелост.

**Дигиталниот контекст и воспитната улога на предметот**

Современите ученици растат во амбиент обележан со дигитална динамика, фрагментирана комуникација и култура на непосредна реакција. Во такви услови, предметот „Етика во религиите“ може да има значајна воспитна улога како простор за запирање, размислување и развивање на внатрешна внимателност. Поимите: самоконтрола, одговорност и трпеливост, кои имаат духовна димензија, добива-

ат и поширока педагошка функција како средства за зачувување на личниот интегритет. Преку нив учениците учат да ги препознаваат последиците од сопствените избори и да се однесуваат одговорно и во виртуелниот и реалниот простор.

**Социјална кохезија и искуствено учење**

Наставата по предмет „Етика во религиите“ има потенцијал да придонесе кон социјална кохезија доколку се надмине рамката на исклучиво теоретско изложување. Вистинскиот ефект се постигнува кога учениците се соочуваат со конкретни искуства на мултирелигиско живеење, преку средби, разговори и заеднички активности во општествената заедница. Во такви ситуации се создава простор за преиспитување на предрасудите и за постепено созревање на вредносната ориентација. Овој процес не го разнишува личниот идентитет, туку го продлабочува преку средба со другиот. Во духот на христијанската педагогија, личноста се оформува во однос, а различноста станува можност за проширување на сопствениот хоризонт.

**Потреба од институционална ревизија**

Иако наставната програма нуди солидна теориска рамка за разбирање на доблестите, нејзиниот воспитен ефект останува ограничен поради краткото времетраење и недоволната можност за практична примена. Потребно е институционално преиспитување на статусот и застапеноста на предметот, со цел негово постепено интегрирање во повеќе одделенија. Тоа подразбира предметот да премине од слободен

изборен во задолжително изборен наставен предмет. Таквиот чекор би овозможил етичките содржини да станат стабилен вредносен елемент на образовниот систем, а не епизодно запознавање со етиката на религиите.

Во својата суштина, „Етика во религиите“ поседува потенцијал да придонесе кон моралното созревање на младите во македонското општество. Овој потенцијал ќе се оствари доколку се обезбеди континуитет и доколку наставниот процес остане насочен кон градење на личност која умее да ја поврзе слободата со одговорноста и да живее заедништво во услови на културна и религиска разновидност.



# 6. ЕМПИРИСКИ УВИД ВО ПУЛСОТ НА ЈАВНОСТА И РОДИТЕЛИТЕ ЗА РЕЛИГИСКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО ЈАВНИОТ СИСТЕМ

## 6.1. Методолошка рамка, цел и контекст на истражувачкиот пристап

Емпирискиот увид во пулсот на јавното мислење претставува неопходен дијагностички инструмент за проверка на виталноста на теоретските премиси и уставно-правните условености елаборирани во ова дело. Религиското образование, како суптилна и чувствителна пресечна точка меѓу државниот суверенитет, духовниот авторитет и образовните политики, не поднесува исклучиво затворени кабинетски анализи. Онаму каде што се допираат нормативните претпоставки и живиот социјален поредок, неопходно е да се слушне гласот на самите граѓани, но и на клучните и директни чинители во воспитно-образовниот процес – родителите, чии перцепции го вообличуваат или деструктурираат секој образовен модел.

За таа цел, во рамките на овој труд беше применет сеопфатен емпириски пристап кој интегрира два комплементарни сегменти:

**1. Квантитативен увид во јавното мислење**

**(Макро-ниво):** Во периодот од 1 до 5 февруари 2026 година, беше спроведено испитување на јавното мислење преку методот на компјутерски асистирано телефонско интервјуирање (CATI), реализирано во соработка со Асоцијацијата на професори по Етика на религиите. Со истражувањето беа опфатени 1.200 полнолетни испитаници, структурирани според строгите демографски клучеви на македонското општество (пол, возраст, степен на образование и регионална распределба). Статистичката маргина на грешка е сведена на рамка од ±3% со ниво на доверба од 95%, што овозможува согледувањата оправдано да се рефлектираат на ниво на целокупната популација.

**2. Квалитативен сондажен увид во родителските перцепции (Микро-ниво):** Како комплементарен сегмент со суштински сондажен и експлораторен карактер, беше конструиран селектиран, наменски примерок кој опфати 30 родители на ученици што во тековниот период посетуваа настава во шесто одделение во јавните основни училишта. Податоците беа обезбедени по електронски пат преку наменски прашалник (Google Forms) дистрибуиран во соработка со училишните заедници во временски интервал од две недели. Овие согледувања немаат и не претендираат на статистичка репрезентативност или апсолутна генерализација во позитивистичка смисла на зборот. Напротив, нивната научна вредност се огледува во тоа што служат како индикативен увид, односно како прецизен вредносен релјеф кој ја отсликува структурата на родителските очекувања, дилеми и рефлексии.

Притоа, во двата сегменти доследно беа запазени сите етички и деонтолошки кодекси: учеството беше

целосно доброволно и анонимно, а на учесниците однапред им беше претставена научната и академската цел на трудот.

Истражувачките инструменти беа конципирани преку евалуативни тврдења вреднувани на петстепена Ликертова скала (од потполно несогласување до целосна согласност) и беа насочени кон демистификација на неколку суштински оски: усогласеноста со принципот на секуларност, придонесот кон плурализмот, толеранцијата и моралните вредности, како и компетентноста на наставниот кадар.

## 6.2. Дескриптивна анализа на резултатите

### 6.2.1. Ставови на општата јавност (Макро-ниво)

**Забелешка:** *Деталната структура на секоја димензија и одделните ставки се прикажани во точката Прилози.*

Првичниот резултат од добиените податоци открива дека македонскиот јавен дискурс воопшто не е поларизиран во радикални крајности. Ставовите на граѓаните манифестираат една зрела, умерена и вредносно балансирана структура. Во општествената свест не доминира агресивниот, исклучувачки лаицизам, но исто толку е отфрлен и каков било обид за клерикализација или конфесионално наметнување во јавниот простор. Македонското општество очигледно бара компромисно, кооперативно решение.

Анализата на уставно-правната димензија открива дека прашањето за апсолутното протерување на религијата од училиштата ($M = 3.07$) ги дели граѓаните на речиси еднакви полови. Сепак, кога прашањето ќе се постави во позитивна конотација - дали присуството на религијата во образованието ја повредува

секуларноста - граѓаните со стабилна предност (M = 3.41) одговараат негативно. За македонскиот граѓанин секуларноста не значи „непријателство кон духовното“, туку пофлексибилно институционално толкување.

Во однос на статусот на предметот, додека општата поддршка за негово вклучување во јавниот систем изразува умерено позитивен тренд (M = 3.36), барањето тој да биде поставен исклучиво на доброволна, изборна основа ужива висок општествен легитимитет (M = 3.90 и M = 3.71). Граѓаните испраќаат јасна порака дека личната слобода и правото на избор се поважни од каква било нормативна наметнатост.

Високи просечни вредности се забележани и кај ставовите дека религијата треба да се третира како културолошки и етички феномен (M = 3.96) и дека пристапот мора да биде чисто информативен и компаративен (M = 3.86). Јавноста совршено ја препознава разликата меѓу веронауката како предмет со догматско-катихетски карактер и религиското образование како дел од општата писменост. Етичката оска на истражувањето открива извесна социјална амбивалентност: иако мнозинството гледа во религијата сериозен сојузник за зајакнување на моралната кондиција на младите (M = 3.72), сепак постои и цврста свест дека моралните вредности треба да се развиваат независно од религијата (M = 3.23). Оваа двојна свест упатува на еден социјален амбиент во кој граѓаните ја почитуваат етичката улога на традиционалните религии, но истовремено го вреднуваат и автономниот хуманистички морал.

Прашањето за ризиците (политизација и поделби) предизвикува умерена загриженост (M = 3.04; M = 3.22). Просечните вредности укажуваат дека дел од

граѓаните ги препознаваат можните опасности од поделби или политизација, но тие не претставуваат преовладувачки став. Ова значи дека јавноста не ја игнорира комплексноста на прашањето, туку го перципира како управлив ризик, особено доколку се примени внимателно дизајниран модел.

Имено, токму тука се лоцира и поддршката за институционален модел на соработка (M = 3.57), каде креирањето на содржините се гледа како заедничка, уставно регулирана соработка меѓу државата и верските заедници. Примерокот ја заокружува сликата за умерено религиозна нација (M = 3.59), чија духовност бара хармоничен соживот во плуралистички амбиент. Овој податок е релевантен за понатамошна корелациска анализа, бидејќи отвора прашање за поврзаноста меѓу степенот на религиозност и поддршката за религиско образование.

## 6.2.2. Перцепции на родителската заедница (Микро-ниво)

**Забелешка:** *Деталната структура на секоја димензија и одделните ставки се прикажани во точката Прилози.*

Анализата на податоците добиени од анкетирањето на родителите покажува релативно кохерентна, компатибилна и вредносно стабилна структура на ставовите со оние на генералната популација.

Во однос на тврдењето дека предметот „Етика во религиите" придонесува за развој на морални вредности кај учениците, просечната вредност кај родителите изнесува високи 4,2 (со висока согласност од 78%). Кога станува збор за придонесот кон развој на толеранција и почитување на различностите, про-

сечната оценка изнесува 4,0 (73% согласност), што ја потврдува перцепцијата дека предметот се доживува како простор за градење интеркултурна осетливост.

Во однос на усогласеноста со принципот на секуларност, просечната вредност изнесува 3,9, што значи дека родителите во најголем дел го прифаќаат ова образование како компатибилно со секуларниот карактер на државата. Проценката за компетентноста на наставниот кадар бележи нешто пониска просечна вредност од 3,5 (54% согласност), лоцирајќи го клучниот простор за институционално унапредување. Сепак, општата поддршка за присуството на предметот во јавните училишта е исклучително стабилна и се движи околу висок просек од 4,1.

### 6.3. Критички согледувања и рефлексии на наодите низ призмата на теоретските премиси

Соочувањето на почетните теоретски тези на ова дело со емпириските показатели од јавното мислење и од родителската заедница нуди плодна почва за рефлексија, синтеза и научно триангулирање на заклучоците. Двата извори на податоци не дејствуваат изолирано, туку се слеваат во кохерентен дијалог кој директно ја потврдува легитимноста на трите фундаментални стожери на оваа монографија.

#### Прва теза: Спојот на феноменолошкиот модел со отворената секуларност

Примарната теза на оваа книга, имено дека религиското образование, доколку е поставено на строги феноменолошки, научни и неконфесионални основи, претставува столб на вредносната зрелост

на демократското граѓанство, во двете димензии на истражувањето ја добива својата директна социјална легитимација.

Емпиријата јасно покажува дека јавниот дискурс веќе го има надминато рестриктивното, радикално толкување на секуларноста. Наодите според кои граѓаните во висок процент бараат културолошки и компаративен пристап (M = 3.96; M = 3.86) совршено кореспондираат со високиот став на родителите (M = 3.9), кои го прифаќаат религиско-етичкото образование како целосно компатибилно со секуларната држава. Високата социјална валоризација на воспитната функција на предметот во однос на етичкиот развој и кај јавноста (M = 3.72) и кај самите родители (M = 4.2; 78% согласност) демонстрира дека општествената свест природно еволуирала кон концептот на отворена секуларност. Јавното училиште се перципира како простор каде што различностите се запознаваат на информативен начин со цел да се анулираат предрасудите и да се зајакне интеркултурната чувствителност (јавно мислење: M = 3.76; родители: M = 4.0).

**Втора теза: Академскиот профил на наставниот кадар**

Втората теза, која акцентот го става врз неопходноста од педагошка, методичка и теолошка подготовка на наставниот кадар како суштински предуслов за опстанокот на предметот, добива моќна потврда низ призмата на регистрираната општествена будност.

Истражувањето на јавното мислење лоцира јасна будност кај граѓаните во однос на ризиците од евентуална политизација или социјални поделби

(M = 3.22; M = 3.04). Оваа претпазливост рефлектира зошто родителската проценка за моменталната компетентност на кадарот бележи нешто пониска и повнимателна средна вредност (M = 3.5; 54% согласност). Овој наод никако не смее да се чита како израз на институционално незадоволство кон дипломираните теолози кои ја изведуваат наставата, туку како препознавање на сериозноста на оваа сфера. За да се реализира модел кој истовремено е објективно-информативен и вредносно-мотивирачки, општеството бара професионализам, а не импровизација. Ваквиот увид ја зацврстува нашата уставно-правна аргументација: наставата мора строго да остане во рацете на стручно профилирани дипломирани теолози со континуиран професионален развој, бидејќи само нивната академска поткованост гарантира управливост на социјалните ризици и спречува сегрегација.

**Трета теза: Опасноста од институционална маргинализација**

Конечно, третата теза, која предупредува дека маргинализацијата на предметот преку негово сведување на симболичен и неконтинуиран статус ја обесмислува неговата суштинска мисија, ја наоѓа својата силна аргументациска поткрепа во високата социјална валоризација на неговиот потенцијал.

Доколку јавноста во толку висок процент бара предметот да функционира на доброволна, но јасна изборна основа (M = 3.90), а родителите со изразена стабилност (M = 4.1; 75% согласност) бараат тој да продолжи да се реализира во јавните училишта, институционалниот одговор на државата мора да излезе од рамките на моменталните хибридни и несигурни

решенија. Од педагошка гледна точка, менувањето и вообличувањето на моралната матрица и градењето интеркултурна совест се долгорочни процеси, кои се апсолутно невозможни без институционална стабилност, континуитет и системска редовност во наставниот план.

Двата емпириски извори јасно се слеваат во заеднички пресек, создавајќи валидна и социјално оправдана основа за завршните препораки на ова дело, кои недвосмислено упатуваат кон потребата од долгорочна институционална стабилизација на предметот „Етика во религиите“.

## 6.4. Ограничувања на истражувањата

И покрај внимателно концепираните инструменти и воспоставената методолошка рамка, согледувањата во ова поглавје мора да се толкуваат во контекст на неколку објективни епистемолошки и методолошки предизвици:

Природата на примероците и генерализацијата: Постои структурна диспропорција меѓу двата сегменти. Додека CATI анкетата (N=1200) е поставена на строги демографски клучови и поседува статистичка репрезентативност, родителскиот увид (N=30) користи намерен и погоден примерок. Поради тоа, наодите од родителите имаат суштински експлораторен карактер: тие се вредни квалитативни патокази на микро-ниво, но немаат претензија на апсолутна статистичка генерализација за целокупната популација во Републиката.

Ефектот на самооценување (Self-reporting): Двете истражувања се потпираат на субјективните изјави на учесниците, што отвора можност за појава на

социјално пожелни одговори. Во овој контекст, истражувањето, иако овозможува широка географска покриеност и релативно висока контрола врз примерокот, сепак, може да влијае врз должината и продлабоченоста на размислувањето на испитаниците. Темите поврзани со моралните вредности, религијата и толеранцијата често ги мотивираат испитаниците да даваат одговори кои ги перципираат како општествено прифатливи, наместо да ги рефлектираат нивните строго лични, автентични позиции.

Ограничувања на Ликертовата скала и дескриптивниот пристап: Ликертовата петстепена скала овозможува мерење на интензитетот на ставовите (добивање на средни вредности), но не ја разглобува целосната аргументациска структура или мотивацијата зад одговорите. Дополнително, свесното задржување на анализата на дескриптивно ниво (M, SD и проценти) кај родителскиот примерок - поради неговиот сондажен карактер - оневозможува посложени инференцијални статистички тестирања кои во овој случај би биле научно несигурни.

Временскиот пресек наспроти потребата од триангулација: Овие податоци претставуваат вредносен пресек во конкретен временски период под влијание на тековните јавни дебати и медиумскиот дискурс, поради што ставовите треба да се доживуваат релевантен индикатор на моменталното расположение, а не како трајна и непроменлива вредносна структура. За подлабоко навлегување во аргументите, во иднина би било неопходно истражувањето да се прошири со методи на чиста триангулација, како што се полуструктурирани длабински интервјуа или фокус-групи со клучните чинители.

Сепак, и покрај наведените методолошки предиз-

вици, истражувањето обезбедува кохерентна, научно издржана и аналитички цврста основа за разбирање на социјалната реалност и позиционирање на крајните институционални препораки на ова монографско дело.



# 7. СИНТЕЗА НА ИСТРАЖУВАЧКИТЕ СОЗНАНИЈА И ИДНИ ПЕРСПЕКТИВИ

## 7.1. Теориско-емпириска соодветност на моделот и искуствени наоди

Примарниот стремеж на оваа книга беше насочен кон обезбедување темелна теоретска и емпириска анализа за местото, улогата и легитимитетот на религиското образование во јавниот образовен систем на Република Северна Македонија. Во фокусот на аналитичката призма беше ставен постојниот предмет „Етика во религиите“, кој во шесто одделение од основното образование функционира како слободен изборен предмет со фонд од 36 наставни часови. Процесот на научно преиспитување и дефинирање на овие прашања се потпираше врз неколку клучни претпоставки, чија одржливост се тестираше преку историско-правна анализа, компаративен европски контекст и резултати добиени од две опсежни емпириски истражувања спроведени со чинителите на јавниот дискурс и со родителите на учениците.

Првиот и фундаментален заклучок до кој недвосмислено нѐ води ова истражување се однесува

на компатибилноста на религиското образование со современиот концепт на секуларност. Теоретската анализа покажа дека секуларноста во развиените демократски системи воопшто не подразбира радикална елиминација на религиозниот феномен од јавната сфера, туку означува институционална неутралност на државата и гаранција за слободата на совеста. Компаративниот преглед на европските образовни модели дополнително потврди дека постојат различни форми на регулирана и плодна соработка меѓу државните органи и верските заедници, кои во ниту еден случај не го нарушуваат секуларниот поредок.

Емпириските податоци целосно ја зајакнуваат и ја верификуваат ваквата констатација. И во рамките на јавниот дискурс и кај самите родители на учениците, евидентна е силна и јасна перцепција дека предметот „Етика во религиите“, кога се реализира на феноменолошка, информативна и неконфесионална основа, е во совршена хармонија со секуларниот карактер на државата. Високите просечни вредности во однос на усогласеноста со уставната рамка и општата јавна поддршка за предметот укажуваат на стабилна вредносна ориентација кон модел на умерена, кооперативна секуларност. Со тоа, првичната истражувачка теза дека феноменолошки поставената настава по религија не претставува закана за државниот поредок доби своја целосна научна и емпириска потврда.

Втората клучна оска на истражувањето беше насочена кон проценка на структурната поставеност на постојниот македонски модел и потребата од негово натамошно институционално унапредување. Иако добиените резултати рефлектираат висок степен на општествена прифатливост, тие истовремено сигнализираат и одредени предизвици. Јавниот дискурс и

родителите изразуваат стабилна доверба во воспитната вредност на наставната содржина, но покажуваат умерена резервираност во однос на нејзината долгорочна системска позиционираност и конзистентната државна поддршка.

Во однос на наставниот кадар, проценките и очекувањата на испитаниците се врзани за потребата од континуирано професионално усовршување. Фактот што наставата во моментов ја реализираат дипломирани теолози со завршени стручни академски студии, соодветно надополнети со подготовка по методика на наставата по религиско воспитание и образование, претставува стабилна, стручна и нормативно оправдана основа. Оттука, сознанијата упатуваат на заклучокот дека постојниот модел поседува силна јавна легитимност, но неговиот натамошен развој не смее да се остави на случајноста, туку налага итна институционална конзистентност, методичка надградба и јасно дефинирана стратешка рамка од страна на образовните власти.

Конечно, третата димензија на анализата го допре суштинското прашање за реалниот придонес на овој предмет во обликувањето на социјалните вредности. Инклузивниот карактер на анкетите покажа исклучително високи вредности во доменот на моралниот развој, развивањето на интеркултурната чувствителност, почитувањето на различностите и постепеното ублажување на предрасудите кај децата. Овие наоди јасно имплицираат дека предметот во практиката се доживува како скапоцен простор за отворен дијалог, автентично запознавање со верската „другост" и градење етичка рефлексија кај младите генерации.

Во мултикултурен и мултиконфесионален амбиент, каков што е застапен во македонското општест-

во, ваквата функција има пошироко социјално и безбедносно значење. Религиското образование, кога е поставено како чист културолошки и етички дискурс, се појавува како моќен инструмент за стабилизација на демократската култура преку негување на емпатија, аргументирана расправа и вистинско почитување на различноста. Во таа смисла, тезата за општествената и етичката оправданост на предметот се потврдува во целост во рамките на согледувањата и искуствата на директните учесници во процесот.

## 7.2. Општи согледувања и препораки

Синтезата на теориските концепции и емпириските наоди недвосмислено упатува на заклучокот дека во една современа, секуларна и плуралистичка држава е можен, но и неопходен балансиран модел на религиско образование. Ваквиот модел во својата структура ја почитува уставната рамка и принципот на државна неутралност, ја гарантира доброволноста и изборниот карактер на наставата, го третира религиозниот феномен како културолошка, историска и етичка категорија, и обезбедува професионална реализација од страна на стручно образуван теолошки кадар со завршени соодветни академски студии од втор циклус.

Врз основа на овие егзактни согледувања, се наметнува потребата од имплементација на неколку клучни препораки во насока на унапредување на образовните политики:

**Континуирана методичка и педагошка доедукација:** Неопходно е да се воспостави систем на трајни обуки на наставниците во директна соработка со теолошките факултети каде што веќе постојат акре-

дитирани програми од втор циклус по методика на наставата по религиско воспитание. Целта е усогласување на кадарот со најновите современи образовни стандарди.

**Јасна институционална координација:** Потребно е да се дефинира прецизна рамка за подготовка и периодична ревизија на наставните програми под државно покровителство, но со задолжителна академска теолошка и педагошко-методска рецензија.

**Редефинирање на статусот на предметот:** Враќањето на „Етика во религиите" во статусот на задолжителен изборен предмет е клучна гаранција за неговиот легитимитет. Со ова се почитува автономијата на учениците и родителите, но се спречува и ризикот предметот да биде маргинален додаток, позиционирајќи го како внимателно осмислен дел од образовниот процес насочен кон развој на религиска самосвест и етичка одговорност.

**Спречување на политизацијата:** Обезбедувањето максимална транспарентност преку строга и стручна контрола на наставните содржини е примарен услов за заштита на наставата од какви било идеолошки или политички влијанија.

**Постепено вертикално проширување:** Образовните власти треба да размислат за стратешко и постепено воведување на предметот во повеќе одделенија низ основното образование, со прецизно диференцирана програмска и методичка структура соодветна за возраста на децата.

Имплементацијата на ваквите стратешки чекори овозможува премостување на јазот помеѓу теоретските замисли и практичните предизвици, со што се отвора патот кон суштинско редефинирање на улогата на овој предмет. Сфатено на овој начин, религиското

образование, во својата современа феноменолошка и етичка форма, престанува да биде набљудувано како анахроничен остаток од минатото и се афирмира како изворен, конструктивен ресурс за иднината. Спроведеното истражување покажа дека во македонскиот контекст постои зрела јавна подготвеност за прифаќање модел кој успешно ја спојува цврстата секуларна рамка со културолошките и вредносните потреби на заедницата.

Во таа насока, евидентно е дека точката на пресек меѓу секуларноста и религиското образование воопшто не се наоѓа во нивното меѓусебно исклучување, туку во внимателно дефинираниот и постојано негуван баланс. Токму во тој деликатен простор, помеѓу принципиелната неутралност на државата и правото на граѓаните на квалитетно културолошко и религиско-етичко образование, се крие трајниот социјален супстрат и можноста за изградба на одржлив, стабилен и општествено легитимен модел на предметот „Етика во религиите" во јавниот образовен систем на нашата земја.

## 7.3. Препораки за идни истражувања

Наодите од оваа книга јасно ја наметнуваат потребата од натамошно проширување на истражувачкиот хоризонт. За подигнување на нивото на репрезентативност во иднина, неопходно е проширување на примерокот преку вклучување на значително поголем број училишта од различни, географски и демографски специфични региони во државата. Дополнително, од исклучително значење би било реализирањето на лонгитудинални студии, кои ќе го следат долгорочното влијание на религиско-етич-

кото образование врз вредносните ориентации и интеркултурните ставови на учениците низ подолг временски период.

Понатаму, методолошката рамка на идните истражувања би добила на длабочина доколку посилно се интегрираат квалитативните методи. Спроведувањето на длабински интервјуа и фокус-групи со наставници, родители и самите ученици би овозможило суштинско разбирање на непосредната искуствена димензија на наставата и на автентичните предизвици кои се појавуваат во секојдневието на училницата. Особено значајна и плодна насока претставува и континуираната компаративна анализа со најновите европски и балкански модели, со цел идентификување на добри практики кои би можеле внимателно и фино да се адаптираат во македонскиот контекст, имајќи ги предвид неговите специфични историски, културни и конфесионални карактеристики.

Во целина, резултатите од овој труд јасно демонстрираат дека е возможен балансиран, зрел и длабоко одговорен модел на религиско образование кој ја почитува уставната рамка, ја гарантира доброволноста и придонесува кон културното и етичкото збогатување на учениците. Одржувањето на тој деликатен баланс бара континуирана научна рефлексија, институционална зрелост и секогаш отворен, чесен дијалог меѓу образовните, научните и сите општествени чинители во земјата. Само во таква кохезивна рамка религиското образование може вистински и во целост да ја оствари својата благородна воспитна и културна мисија во современото општество.



# ПОГОВОР

***Ставрофорен протопрезвитер Бобан Митевски***

Пред читателот се наоѓа дело кое е труд на повеќегодишно истражување, на критичко преиспитување, на лична определба, на истрајност и на длабоко чувство на одговорност кон едно од најчувствителните прашања на современиот македонски образовен систем: местото и улогата на религиското образование во јавната сфера.

Оваа тема одамна ја надминала рамката на стручните расправи и станала прашање што непосредно допира до вредносната ориентација на општеството, до разбирањето на слободата, до културниот идентитет и до визијата за воспитувањето на идните генерации. Токму затоа вредноста на монографијата е, меѓу другото, и во нејзината актуелност – доаѓајќи во време кога образованието сè почесто се сведува на стекнување функционални знаења, а суштинската димензија на воспитувањето останува на маргините на општествените дебати –потсетува дека образов-

ниот процес не може да се оддели од прашањата за културата, моралот, духовното созревање на личноста. Затоа, содржината што се обработува на страниците што следат, не претставува само педагошко или правно прашање. Во различни историски епохи тоа било прашање на културен идентитет, на односот помеѓу државата и Црквата, на правото секој човек да го запознае духовното наследство што ја обликувало цивилизацијата во која живее. Оттаму, секоја сериозна расправа за оваа тема нужно ги надминува училиштето и наставната програма, допирајќи ги темелните прашања коишто се од суштинско значење за иднината на општеството и за изградбата на генерации способни за дијалог, меѓусебно почитување и одговорност.

Книгата што е пред читателот претставува сериозен научен придонес - авторката, монахињата Ефимија (Зајковска) ја разгледува темата без идеолошка исклучивост. Наместо поларизација, таа избира пат на аргументирана научна расправа, заснована врз домашната и меѓународната литература, современите европски модели и позитивното право. Не останувајќи во рамките на една научна дисциплина, таа успева да поврзе различни хоризонти: теологијата, педагогијата, правото, историјата, образовните политики и современите европски искуства – во една кохерентна научна целина. Компаративните анализи, нормативната рамка, историскиот развој, како и емпириските истражувања спроведени меѓу јавноста и родителите, му даваат на трудот сериозна научна тежина и му овозможуваат значаен придонес во литературата посветена на религиското образование. Значи, научната тежина на делото се огледа токму во неговата методолошка рамнотежа: нормативната

анализа е надополнета со историската домашна генеза и со компаративни согледувања од европската практика, а теоретските поставки се проверуваат преку емпириски истражувања и критичката анализа на современите образовни политики. Заклучокот е дека во време на брзи општествени промени и различни толкувања на односот меѓу државата, образованието и религијата, авторката избира пат на аргументиран научен аналитички, компаративен и интердисциплинарен пристап, правејќи простор за отворен академски дијалог и  повикувајќи кон решенија што ги почитуваат и современите демократски принципи и духовното наследство на општеството.

Но, оваа книга има и една подлабока вредност. Таа претставува сведоштво за истрајната борба за зачувување, афирмација и унапредување на предметот „Етика во религиите“ во нашиот образовен систем. Во неа не се препознава некаков стремеж кон идеолошки полемики, туку настојување прашањето да се постави врз аргументи и научни сознанија и врз современите европски искуства. Наместо едноставни одговори, авторката нуди сериозна анализа и отвора простор за зрела академска и општествена расправа за значењето на религиската писменост, вредносното воспитување и улогата на образованието во развојот на демократското и плуралистичко општество. Монашкиот призив не ја ограничува научната перспектива, туку ѝ дава дополнителна одговорност и чувствителност кон темата што се обработува. Со години монахињата Ефимија доследно и посветено се залага за достоинствено место на религиското образование во јавниот дискурс, настојувајќи неговото значење да биде препознаено преку аргументи, научна поткрепа и отворен дијалог. Во нејзиниот пристап се препозна-

ва искрена грижа за воспитната улога на училиштето, но и убедување дека современото образование не може целосно да ја исполни својата мисија доколку ги занемари духовната и вредносната димензија на човекот. Нејзината борба за зачувување и унапредување на предметот никогаш не била борба за привилегија или за идеолошка доминација, туку настојување вредносното воспитување повторно да го добие своето природно место во образовниот процес. Во тоа се препознава истрајност што не се темели на полемика, туку на аргумент; не на исклучивост, туку на дијалог; не на емоција, туку на научно истражување.

Во таа смисла, исповедно ќе сумирам: заложбата за институционализирано религиско образование во државните училишта, до ден денешен претставува лична борба на сестра Ефимија, нејзин подвиг – личен крст не помал и не понезначаен од духовните крстови. Имајќи ја улогата да бидам рамо до рамо со неа во оваа борба, ќе признаам најправдољубиво, и без претерување, дека мојот удел е толку нем и површен во однос на сето тоа што го прави сестра Ефимија, дури – мојата сатисфакција е во тоа да бидам сведок на едни такви посветеност, страдање, успеси, откажувања, тага и радост, што сум задоволен од фактот дека сум тука барем за да го олеснувам крстот на онаа која правејќи сѐ од срце, како за Господа (Колос 3, 23), изобилува непоколебливо во делото Господово и знае дека трудот во Господа не е залуден (сп. 1 Кор. 15,58). Токму затоа ова дело не претставува само сведоштво за едно истрајно научно и интелектуално залагање, туку и продолжение на една лична определба.

Убеден сум дека оваа книга ќе претставува значајна референтна точка за идните истражувања во областа на религиското образование, но и корисен

извор за теолозите, педагозите, правниците, креаторите на образовните политики и за сите оние што го препознаваат образованието како процес на целосно обликување на човековата личност. Нека ова дело биде поттик за нови научни истражувања, за поодговорен јавен дијалог и за натамошни напори во градењето образовен систем што ќе знае да го зачува богатството на духовната традиција, истовремено останувајќи отворен кон современите научни и демократски достигнувања.

Некаде е речено дека „книгите што произлегуваат од знаење можат да ја збогатат науката, но книгите што произлегуваат и од длабоката лична одговорност имаат сила да го поттикнат и општеството“.

Верувам дека ова дело е токму такво.

***Ставрофорен протопрезвитер***
***Бобан Митевски***



# БИБЛИОГРАФИЈА

» Akmadža, Miroslav, Ometanja i zabrane vjeronauka od strane komunističkog režima u Zagrebačkoj nadbiskupiji od 1945. do 1966. godine, Hrvatski institut za povijest, Zagreb 2003.

» Akmadža, Miroslav, „Politika komunističkih režima u Jugoslaviji i Poljskoj prema Katoličkoj crkvi (1945 - 1962): sličnosti i razlike“, Croatica Christiana Periodica, vol. 46, no. 91, Hrvatski institut za povijest 2023.

» Van der Eyk, Lise, „What the relationship of religion and culture means for the role of the State in society: Parliamentary debates on education during the 'Kulturkampf' in Prussia, France and the Netherlands“, Symposium, vol. 6, no. 1, Sciendo 2024.

» Vukomanović, Milan, „Serbian Orthodox Church: Between Traditionalism and Fundamentalism“, Journal of Fundamentalism in the Modern World (vol.

1: Fundamentalism, Politics and History: The State, Globalization and Political Ideologies), London and New York: I. B. Tauris 2011.

» Filipović T. Ana, „Religious Education at Schools in Croatia", In book: Religious Education at Schools in Europe, Martin Rothgangel and Thomas Schlag,

» Gordt, Simon, „Division or partition? The secularization of institutional control in the English and French school systems", Paedagogica Historica, vol. 59, no. 5, Taylor & Francis 2023.

» Gaudin, Philippe, „Neutrality and impartiality in public education", British Journal of Religious Education, vol. 39, no. 1, Routhledge, Taylor & Francis 2017.

» Danner, Sonja, Akpinar Halid, „'I Learnt Much About...' the Impact of Cooperative Interreligious Education", Religions, vol. 15, no. 11, Basel Switzerland 2024.

» Dreisbach, Daniel L., „The Wall of Separation", Christian History & Biography, no. 99. 2008.

» Debray Rëgis, L'Enseignement du fait religieux dans l'école laïque: Rapport au ministre de l'Éducation nationale, Odile Jacob 2002.

» Dworkin Ronald, Justice for Hedgehogs, Harvard University Press, 2011.

» Ferrari Silvio, State and Church in the European Union, Nomos 2005.

» Ferrari Silvio, 'The Christian Roots of the Secular State' in Droit et religion en Europe, Presses universitaires de Strasbourg 2019.

» The Encyclopedia of Political Science, CQ Press, Washington, 2011.

» Zizioulas, мetropolitan John, Communion and

Otherness: Further Studies in Personhood and the Church, T&T Clark, London 2006.

» Ziebertz, Hans-Georg et al., Religiöse Signaturen heute, Gütersloher Verlagshaus/Herder, Gütersloh 2003.

» Zrinščak, Siniša, „Religion and Education in Croatia", Religion and Education in Europe: Developments, Contexts and Debates, ed. Robert Jackson, Siebren Miedema, Wolfram Weisse, Jean-Paul Willaime, Waxmann, Münster 2007.

» Jensen, Tim, „'Jensen's Scientific Approach' to Religion Education", C-E-P-S Journal, vol. 9, no. 4, Leibniz-Institut für Bildungsforschung und Bildungsinformation Informationszentrum (IZ) Bildung 2019.

» Јовковска, Анета, „Дијалошки аспект на христијанското образование и воспитание како основа за личносен раст и преобразба", „Црква и мисија" - *Зборник на трудови од Шестиот и Седмиот Светиклиментов научен собир 2022-2023,* Православен богословски факултет „Св. Климент Охридски" - Скопје, Скопје 2024.

» Јовковска, Анета, „Застапеноста на христијанското образование во европските земји", Зборник на трудови „Современото христијанско образование, состојби, предизвици и очекувања", АПЕР Просветление, Скопје 2018.

» Јовковска, Анета, Православна христијанска педагогија, универзитетски учебник, Православен богословски факултет „Св. Климент Охридски" – Скопје, Скопје 2025.

» Jovkovska, Aneta, „Shaping Virtue in the Digital Era: The Orthodox Church's Role in Youth

Moral Education", Paper presented at the International Scientific Conference "Conciliarity and the Contemporary Challenges of the Church", May 7–10, Struga 2025.

» Јовковска, Анета, Христијанска методика на наставата, универзитетски учебник, Православен богословски факултет „Св. Климент Охридски" – Скопје, Скопје 2025.

» Јовковска, Анета, „Црковни наративи и секуларна идеологија", „Црква и мисија" - Зборник на трудови од Шестиот и Седмиот Светиклиментов научен собир 2022-2023, Православен богословски факултет „Св. Климент Охридски" - Скопје, Скопје 2024.

» Kostadin Nushev and Valentin Kozhuharov, „Religious Education at Schools in Bulgaria", In book: Religious Education at Schools in Europe, 2020.

» Каракамишева-Јовановска, Тања, Спасеновски Александар, Право и религија, КАС, Скопје 2020.

» Каракамишева-Јовановска, Тања, Спасеновски Александар, Прирачник за правото на верските заедници, КАС, Скопје 2018.

» Kolb, Jonas, „Modes of Interreligious Learning within Pedagogical Practice", Religious Education, vol. 116, no. 2, Routledge 2021.

» Copson, Andrew, Secularism: Politics, Religion, and Freedom, Oxford University Press, Oxford 2017.

» Kuburić, Zorica, Zuković Sladjana, Verska nastava u školi, CEIR and SPDV, Novi Sad 2010.

» Laurent-Bedmar, Vicente et al., „The Use of Religious Signs in Schools in Germany, France, England and Spain", Religions, vol. 14, no. 101, MDPI Basel Switzerland 2023.

» Lehmann, Karsten, „Ethics education: Empirical research results from Austria“, Religions, бр. 15(4) (2024).

» Maxwell B., Clarke, P. Anderson M., „Teaching and Learning About Religion in Secular Public Schools“, Journal of Curriculum Studies, vol. 40, no. 5, 2008.

» McKown, Delos, The Classical Marxist Critiques of Religion, Dordrecht: Springer Science & Business Media, 1975

» Moulin, David, „Doubts about Religious Education in Public Schooling“, International Journal of Christianity & Education 19, no. 1, University of Navarra, Pamplona, Spain 2015.

» Naugle, Davey, „The Greek Concept of Paideia“, Dallas: DBU Summer Institute in Christian Scholarship, Dallas Baptist University, n.d.

» Ognjenović, Gorana, Jozelić Jasna, Politicization of Religion, the Power of State, Nation, and Faith, Palgrave Macmillan, New York 2014.

» Peskoller, Jasmin, „Unity in diversity: Exploring intercultural teaching and learning practices in secondary education and teacher training in Austria“. Во: Interculturality: Teaching ‘Otherwise’, ed. Fred Dervin, Mei Yuan, и Sude. London and New York: Routledge, 2023.

» Rothgangel, Martin, Ziebertz Hans-Georg, „Religious Education at Schools in Germany“, Religious Education at Schools in Europe, Lit Verlag, Vienna Forum for Theology and the Study of Religions, Lit Verlag, Vienna 2020.

» Seper, Daniel, „Learning from Experience: Liturgical Formation as a Central Component of

Religious Education“, Religions, vol. 14, no. 1506, Basel Switzerland 2023.

» Spehnjak, Katarina, „Problemi vjeronauka u školama u Hrvatskoj 1945–1952“, Dijalog povjesničara/historičara, Friedrich Naumann Stiftung, Zagreb 2000.

» Stres, Anton, „Marksistička teorija religije u Jugoslaviji juče i danas“, Bogoslovska smotra, vol. XLV, 1976.

» Uriarte, Luzio, Rodríguez Lidia, „Religion at School in Secular Europe“, Religions, vol. 14, no. 700, MDPI Basel Switzerland 2023.

» Fromm, Erich, Zdravo društvo, Beograd 2016.

» Fromm, Erich, Marx Karl, Marx's Concept of Man, Bloomsbury Academic, New York 1994.

» Fukuyama, Francis, Kraj istorije i poslednji čovek, Podgorica 2002.

» Habermas Jürgen, Notes on Post-Secular Society, New Perspectives Quarterly 25, 2008.

» Hamilton, Marci A., „Review Essay - Religion and Politics in the United States“, Journal of Law & Religion, no. 21. 2005-2006.

» Hunter, Howard O., Price Polly J., „Regulation of Religious Proselytism in the United States“, Brigham Young University Law Review, Brigham Young University Law Review, 20011.

» Ćiparizović, Dragana R., Religioznost i tradicija, Institut za sociološka istraživanja, Beograd 2006.

» Schweitzer, Friedrich, „Comparing Religious Education in Schools in European Countries“, Religious Education at Schools in Europe, Lit Verlag, Vienna 2014.

» Jackson, Robert, „The Contribution of Teaching

about Religions and Beliefs to Education for Democratic Citizenship in Europe and Beyond: Consequences of the REDCo-project“, Religion in Education: A Contribution to Dialogue or a Factor of Conflict?, Presentation in the European Parliament, 2008.

» Jackson, Robert, O’Grady Kevin, Religions and Education in England: Social Plurality, Civil Religion and Religious Education Pedagogy, University of Warwick, Warwick 2007.

» Waldl, Elisabeth, „Austrian education on religion in a transformation process“, European Academy of Religion and Society (EARS), достапно на: https://europeanacademyofreligionandsociety.com/education/austrian-education-on-religion-in-a-transformation-process/ (пристапено на 27 јуни 2026).

» Willaime, Jean-Paul, „Religion in the Classroom – the Challenge of a ‘laïcité d’intelligence’ in Europe“, Religion in Education, Waxmann, Münster 2008.

**Правни акти, извештаи и вести**

» „Амандмани IV–XVIII на Уставот на Република Македонија“, Службен весник на РМ, бр. 91, Скопје 2001.

» „Austria: Concordat of 1933“, Concordat Watch, достапно на: https://www.concordatwatch.eu/showtopic.php?org_id=921&kb_header_id=1811 (пристапено на 27 јуни 2026).

» Ангеловска, Марија, „Секуларизмот и религиозното образование во Европа“, https://bigorski.org.mk/etika/sekularizmot-i-religioznoto-obrazovanie-vo-evropa/ (пристапено на 10.02.2026).

» „Асоцијацијата на професори по етика во религиите бара враќање на статусот на предметот и

нивно трајно вработување“, https://racin.mk/ (пристапено на 14.02.2026).

» Basic Law for the Federal Republic of Germany (1949), https://www.gesetze-im-internet.de/englisch_gg/englisch_gg.html, (пристапено на 10.02.2026).

» Биро за развој на образованието. „Наставна програма по предметот Етика во религиите за V одделение“ 2012. www.bro.gov.mk (пристапено на 17.02.2026).

» Bogomilova, Nonka, „Problems of Teaching Religion in Public Schools in Bulgaria Today: Retrospective and Prospective.“ Occasional Papers on Religion in Eastern Europe 35, no. 1 (2015), https://digitalcommons.georgefox.edu/cgi/viewcontent.cgi?article=1911&context=ree (пристапено на 15.02.2026).

» Bulgarian News Agency (BTA), „Parliament Passes First-Reading Revisions Introducing Virtues and Religions School Subject“, https://www.bta.bg/en/news/bulgaria/983589-parliament-passes-first-reading-revisions-introducing-virtues-and-religions-scho, (пристапено на 15.02.2026).

» „Верски лидери, експерти и пратеници согласни: ‘Етика во религиите’ да продолжи да се изучува, а не да се укинува“, 2021. https://netpress.com.mk/verski-lideri-eksperti-i-pratenici-soglasni-etika-vo-religiite-da-prodolzhi-da-se-izuchuva-a-ne-da-se-ukinuva/ (пристапено на 15.02.2026).

» Constitution of the Republic of Bulgaria, 1991, https://www.parliament.bg/ (пристапено на 15.02.2026).

» Federal Ministry of Education, Science and

Research of the Republic of Austria, „The standard subject Ethics“, https://www.bmb.gv.at/en/Topics/school/ev_sl/tfas/ethics.html, (пристапено на 27 јуни 2026).

» Folgerø and others v. Norway App no 15472/02 (ECtHR, 29 June 2007), достапно на: https://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22itemid%22:[%22001-81356%22], пристапено на 27 Февруари 2026.

» Greece. Council of State (Plenary). Decision No. 660/2018. Пристапено на: 10 март 2026. https://www.adjustice.gr.

» Greece. Council of State (Plenary). Decision No. 926/2018. Пристапено на: 10 март 2026. https://www.adjustice.gr.

» Greece. Council of State (Plenary), Decision No. 1478/2022. Пристапено на: 10 март 2026.https://www.adjustice.gr.

» Greece. Council of State (Plenary), Decision No. 1479/2022. Пристапено на: 10 март 2026. https://www.adjustice.gr.

» Greece. Council of State (Plenary), Decision No. 2417/2025. Пристапено на: 10 март 2026. https://www.adjustice.gr.

» Greece. Council of State (Plenary), Decision No. 2418/2025. Пристапено на: 10 март 2026. https://www.adjustice.gr.

» Greece. Council of State (Plenary), Decision No. 217/2026. Пристапено на: 10 март 2026. https://www.adjustice.gr.

» Ѓорѓевски, Ѓоко. „Религиозната едукација во европските училишта.“ Бигорски манастир, 2018. https://bigorski.org.mk/etika/religioznata-edukacija-

vo-evropskite-ucilishta/ (пристапено на 10.02.2026).

» „Европска конвенција за заштита на човековите права“, https://www.echr.coe.int/, (пристапено на 10.02.2026).

» „Зошто е потребно религиското образование во јавните училишта?“, https://religija.mk/zoshto-e-potrebno-religiskoto-obrazovanie-vo-javnite-uchilishta/, (пристапено на 15.02.2026).

» „Зошто нема место за религискиот морал во новиот концепт за основно образование?“, https://religija.mk/zoshto-nema-mesto-za-religiskiot-moral-vo-noviot-koncept-za-osnovno-obrazovanie/, (пристапено на 15.02.2026).

» „Закон за народната просвета“, Държавен вестник, бр. 86 (18 октомври 1991).

» „Закон за основно образование“, Службен весник, бр. 44 (20 септември 1995)

» „Закон за основното образование“. Службен весник на РМ, бр. 103, Скопје 2008.

» „Закон за правната положба на верските заедници“. Службен лист на ФНРЈ, бр. 22, Белград 27.05.1953.

» „Закон за правната положба на црква, верска заедница и религиозна група,“ Службен весник на Република Македонија, бр. 113, Скопје, 20.9.2007.

» „Закон за предучилищното и училищното образование“,Държавен вестник, бр. 79 (13 октомври 2015, во сила од 1 август 2016).

» „Zakon o pravnom položaju vjerskih zajednica“, Narodne novine, br. 83, 2002

» „И верските лидери и наставници по етика на религии со реакција до Царовска“, https://

skopskoeho.mk/i-verskite-lideri-i-nastavnitsi-po-etika-na-religii-so-reaktsija-do-tsarovska/, (пристапено на 15.02.2026).

» Јаневска, Весна, „Градиме образование што ја јакне демократијата." Министерство за образование и наука, https://mon.gov.mk/, (пристапено на 14.02.2026).

» Министерство за образование и наука, „МОН: Демографските промени бараат оптимизација на училишната мрежа и мобилност на наставниот кадар за поквалитетно образование", 2026, https://mon.gov.mk/mk-MK/odnosi-so-javnost/soopstenija/demografski-promeni-i-vlijanie-vrz-obrazovniot-sistem, (пристапено на 19.07.2026).

» Министерство за образование и наука, „Стратегија за образование 2026 – 2032 со Акциски план 2026 – 2028", Скопје, МОН, 2026, https://portal.mdt.gov.mk/post-body-files/strateski-dokumenti-mon-file-A3ci.pdf, (пристапено на 19.07.2026).

» Медиумска информативна агенција (МИА), „Сестра Ефимија: Предметот Етиката во религиите развива дух на толеранција, соработка и солидарност", https://mia.mk/story/sestra-efimija-predmetot-etikata-vo-religiite-razviva-duh-na-tolerancija-sorabotka-i-solidarnost (пристапено на 10.07.2026).

» Министерски съвет на Република България. „Министер-председателят Румен Радев: Държавата и Българската православна църква споделят обща миссия за духовното здраве на нашия народ." https://www.gov.bg/special/bg/prestsentar/novini/ministar-predsedatelyat-rumen-radev-darzhavata-i-balgarskata-pravoslavna-tsarkva-spodelyat-obshta-misiya-za-duhovnoto-zdrave-na-nashiya-narod (прис-

тапено на 1 јули 2026).

» „Ministarstvo znanosti i obrazovanja Republike Hrvatske“. Eksperimentalni kurikulum nastavnoga predmeta Svijet i ja za osnovne škole. Zagreb: Ministarstvo znanosti i obrazovanja, 2023, https://mzom.gov.hr/UserDocsImages//dokumenti/Obrazovanje/OsnovneSkole/Cjelodnevna-skola//Eksperimentalni-kurikulum-nastavnoga-predmeta-Svijet-i-ja-za-osnovne-skole.pdf, (пристапено на 15.02.2026).

» Jovkovska, Aneta, Barakoska Aneta, Gjorgjevski Gjoko, “The Role of the Subject 'Ethics in Religions' in Shaping Value Systems among Primary School Students in Contemporary Macedonian Society,” Occasional Papers on Religion in Eastern Europe: Vol. 45 : Iss. 5, Article 9, 160-181. DOI: https://doi.org/10.55221/2693-2229.2642 https://digitalcommons.georgefox.edu/ree/vol45/iss5/9 (пристапено на 18.02.2026).

» „Заев ги слушаше поплаките на црковниот врв“. https://makfax.com.mk/makedonija/заев-ги-слушаше-поплаките-на-црковниот/ (пристапено на 14 февруари 2026).

» Ombudsman of the Republic of Bulgaria. „The Ombudsman: The Introduction of the Subject ‘Virtues and Religions’ Still Polarizes Society“,https://www.ombudsman.bg/en/n/the-ombudsman-the-introduction-of-the-subject-virtues-and-religions-still-pol-2356, (пристапено на 15.02.2026).

» „Општ закон за школството“, Службен лист на ФНРЈ, бр. 28, Београд 16.07.1958.

» OSCE/ODIHR, Toledo Guiding Principles on Teaching about Religions and Beliefs in Public Schools, 2007.

» „The Patriarchate of Bulgaria Welcomed the Introduction of Religion–Orthodoxy as a Mandatory School Subject“, https://www.bta.bg/en/news/bulgaria/983589-parliament-passes-first-reading-revisions-introducing-virtues-and-religions-scho, (пристапено на 15.02.2025).

» „Посета од министерката за образование и наука“ https://bigorski.org.mk/vesti/nastani/poseta-od-ministerkata-za-obrazovanie-i-nauka/, (пристапено на 14.02.2026).

» „Предметот Етика во религиите мора да биде дел од новата концепција на образованието“, https://religija.mk/predmetot-etika-vo-religiite-mora-da-bide-del-od-novata-koncepcija-na-obrazovanieto, (пристапено на 15.02.2026).

» „Прв семинар на наставниците по ‘Етика на религиите’“, https://religija.mk/prv-seminar-na-nastavnicite-po-etika-na-religiite/ (пристапено на 27 јуни 2026)

» Програма на ВМРО-ДПМНЕ за преродба 2006-2010. Преродба во 100 чекори.

» Слободен печат, „Тркалезна маса: ‘Етика во религиите’ да продолжи да се изучува во шесто одделение“, https://www.slobodenpecat.mk/trkalezna-masa-etika-vo-religiite-da-prodolzhi-da-se-izuchuva-vo-shesto-oddelenie/ (пристапено на 10.07.2026).

» „Ставови за религиското образование и реформите во основното образование“, https://mia.mk/story/, (пристапено на 15.02.2026).

» The Constitution of Greece, https://www.hellenicparliament.gr/, (пристапено на 17.02.2026).

» Стенографски белешки од 36-та седница на

СОБРАНИЕТО НА РМ/РСМ, седмо продолжение, www. sobranie. com. Mk.

» Устав на Народна Република Македонија. 1946. Службен весник на Народна Република Македонија, год. III, бр. 1, Скопје.

» Устав на Република Северна Македонија, https://www.sobranie.mk/, (пристапено на 17.02.2026).

» Устав на Федеративна Народна Република Југославија, 1946. Службени лист Федеративне Народне Републике Југославије, год. II, број 10, Београд.

» „Устав Републике Србије“, Службени гласник РС, бр. 98, Београд 2006.

» Уставен суд на Република Македонија. Одлука У. бр. 42/2003-0-0, Службен весник на Република Македонија 2003.

» Уставен суд на Република Македонија, Одлука у.број: 202-2008-0-1, Службен весник на Република Македонија 2009.

» Schmich, J., & Itzlinger-Bruneforth, U. TALIS 2018 (Band 1): Rahmenbedingungen des schulischen Lehrens и Lernens aus Sicht von Lehrkräften und Schulleitungen im internationalen Vergleich. Graz: Leykam, 2019,https://www.iqs.gv.at/_Resources/Persistent/d3b0c71d9d54f1503e8267eb3916782560fc2e/TALIS-2018_Gesamt_final_Web.pdf, (пристапено на 15.02.2026).

» „Što učiniti s učenicima koji ne pohađaju vjeronauk? Postoji li vrijedna alternativa?“. Reporter.hr. 1. srpnja 2023, https://reporter.hr/sto-uciniti-s-ucenicima-koji-ne-pohadaju-vjeronauk-postoji-li-vrijedna-alternativa/, (пристапено на 15.02.2026).



# РЕЗИМЕ

Оваа студија претставува обид за темелно, повеќеслојно и научно аргументирано расветлување на еден од најкомплексните и најделикатните сегменти во современиот македонски образовен систем: местото, улогата и перспективите на религиското образование во јавните училишта, со посебен фокус на наставниот предмет „Етика во религиите“. Сместувајќи го истражувањето на пресекот помеѓу државата, религијата и општеството, трудот го анализира овој феномен преку четири комплементарни димензии: уставно-правната, современите педагошки стандарди, општествените перцепции и теолошките позиции. Основната цел на трудот е да понуди објективна научна парадигма, која ќе ги надмине честопати поларизираните, идеолошки обоени и редукционистички дебати во македонскиот јавен простор, нудејќи решенија засновани на емпириски факти и компаративни меѓународни искуства.

Во теоретскиот и историскиот дел од истражувањето, низ призмата на компаративната анализа се деконструираат трите доминантни европски образовни модели: конфесионалниот (карактеристичен за земји како Германија и Австрија), лаицистичкиот модел на радикална сепарација (Франција) и мултирелигискиот, односно феноменолошкиот модел (Англија). Овие глобални парадигми дополнително се рефлектираат и се сопоставуваат со специфичните, честопати хибридни решенија на балканските простори, вклучувајќи ги искуствата на Србија, Грција, Бугарија и Хрватска. Преку оваа исцрпна компарација, во трудот научно се елаборира концептот на „позитивна неутралност" на државата. Се аргументира дека вистинската секуларност во едно демократско општество не подразбира присилно протерување на религијата од јавната сфера или наметнување на државен атеизам, туку создавање на објективна, инклузивна и плуралистичка образовна рамка во која учениците ќе стекнат неопходна религиозна писменост како заштита од радикализам, предрасуди и стереотипи.

Посебно внимание во рамките на студијата е посветено на историската генеза на образованието во македонскиот контекст. Трудот хронолошки го следи развојот на писменоста од црковно-манастирските ќелијни училишта, кои го зачувале националниот и духовен идентитет, преку периодот на насилна идеолошка атеизација и марксистички материјализам во социјалистичка Југославија, па сè до сложениот процес на постсоцијалистичка десекуларизација и религиозна ревитализација по прогласувањето на независноста во 1991 година. Овој историски преглед помага да се разберат длабоките социјални и психо-

лошки кодови, кои денес ги генерираат ставовите на македонските граѓани кон религиските содржини во државните училишта.

Емпирискиот столб на оваа студија се потпира врз обемни квантитативни истражувања на јавното мислење и детални анкети на родителите на учениците кои го слушаат предметот „Етика во религиите". Резултатите од овие теренски истражувања понудија клучни наоди, кои успешно ги верификуваа почетните теоретски претпоставки на трудот, лоцирајќи ги истовремено и предностите и структурните слабости на сегашниот систем. Емпиријата јасно покажа дека кога наставниот предмет е поставен на објективна, феноменолошка и неиндоктринирачка основа, тој кај јавноста и кај родителите не се доживува како уставна закана за секуларизмот, туку напротив, се препознава како сериозен општествен капитал за развивање на меѓукултурна чувствителност, социјална емпатија и толеранција во мултиетничкиот македонски амбиент.

Истовремено, анализите во трудот прецизно ги дефинираа и најзначајните кадровски и инфраструктурни предизвици со кои се соочува реализацијата на наставата. Како клучен фактор за педагошката одржливост на предметот се издвојува профилот на наставниот кадар, при што истражувањето ја потврдува неопходноста од ангажирање на дипломирани теолози со завршена специјализирана методско-педагошка подготовка на теолошките факултети, со што би се обезбедил неопходниот баланс меѓу теолошката автентичност и современите дидактички стандарди. Од друга страна, како сериозен лимитирачки фактор во актуелниот наставен план се лоцира премалиот фонд на часови, кој ја дестимулира наставната про-

грама целосно да ги развие своите длабоки етички, когнитивни и релациски цели кај учениците.

Во завршниот дел на студијата, сублимираните наоди се преточени во конкретни, издржани и практично применливи препораки наменети за креаторите на образовните политики, Бирото за развој на образованието, педагошките институции и верските заедници во земјата. Трудот апелира кон итна системска и институционална заштита на предметот од дневни политички осцилации и негово еволуирање во постабилно, научно верификувано и општествено широко прифатено јадро на македонскиот образовен систем. Крајниот заклучок на оваа студија е дека писменоста за религиите и нивните етички системи не го дели општеството, туку, доколку е правилно менаџирана, претставува ненадминлив кохезивен фактор, кој ги подготвува младите генерации за живот во сложен, плуралистички и глобализиран свет.

# SUMMARY

This study represents an endeavour towards a thorough, multi-layered, and scientifically substantiated interpretation of one of the most complex and delicate segments within the contemporary Macedonian educational system: the locus, role, and prospects of religious education in public schools, with a particular focus on the current curriculum subject 'Ethics in Religions'. Positioning the research at the intersection of state, religion, and society, this work analyses the specified phenomenon through four complementary dimensions: the constitutional-legal framework, contemporary pedagogical standards, societal perceptions, and theological positions. The primary objective of the study is to proffer an objective scientific paradigm capable of transcending the frequently polarised, ideologically charged, and reductionist debates within the frames of the Macedonian public sphere, thereby offering solutions grounded in empirical evidence and comparative

international experiences.

In the theoretical and historical sections of the research, the three dominant European educational models are deconstructed through the prism of comparative analysis: the confessional model (characterised by countries such as Germany and Austria), the laic model of radical separation (France), and the multi-religious or phenomenological model (England). These global paradigms are further reflected upon and juxtaposed with the specific, often hybrid solutions implemented across the Balkan region, including the experiences of Serbia, Greece, Bulgaria, and Croatia. Through this comprehensive comparison, the study scientifically elaborates upon the concept of the state's 'positive neutrality'. It argues that genuine secularism in a democratic society does not imply the forced banishment of religion from the public sphere or the imposition of state-sanctioned atheism; rather, it requires the creation of an objective, inclusive, and pluralistic educational framework in which students acquire the necessary religious literacy as a safeguard against radicalism, prejudice, and stereotyping.

Particular attention within the scope of this study is dedicated to the historical genesis of education within the Macedonian context. The work chronologically traces the development of literacy from the ecclesiastical-monastic cell schools, which preserved national and spiritual identity, through the period of enforced ideological atheisation and Marxist materialism in socialist Yugoslavia, up to the complex process of post-socialist desecularisation and religious revitalisation following the declaration of independence in 1991. This historical overview serves to foster a deeper understanding of the profound social and psychological codes that currently generate the attitudes of Macedonian citizens towards

religious content in state schools.

The empirical pillar of this study rests upon extensive quantitative public opinion research and detailed surveys conducted among the parents of students enrolled in the 'Ethics in Religions' course. The results of this field research yielded pivotal findings that successfully verified the initial theoretical assumptions of the work, simultaneously locating both the merits and the structural deficiencies of the current system. The empirical data clearly demonstrated that when the taught subject is established upon an objective, phenomenological, and non-indoctrinating foundation, it is not perceived by the public or by parents as a constitutional threat to secularism. On the contrary, it is recognised as significant societal capital for the development of intercultural sensitivity, social empathy, and tolerance within the multi-ethnic Macedonian environment.

Concurrently, the analyses within this work precisely defines the most prominent personnel and infrastructural challenges confronting the implementation of this coursework. The profile of the teaching staff emerges as a critical factor for the pedagogical sustainability of the subject; in this regard, the research confirms the imperative of employing graduate theologians who have completed specialised methodological-pedagogical training at faculties of theology, thereby ensuring the requisite equilibrium between theological authenticity and modern didactic standards. Conversely, an insufficient allocation of teaching hours within the current curriculum is identified as a serious limiting factor, which restrains the syllabus from fully realisng its profound ethical, cognitive, and relational objectives among students.

In the concluding section of the study, the sublimated

findings are translated into concrete, well-founded, and practically applicable recommendations intended for educational policy-makers, the Bureau for Development of Education, pedagogical institutions, and religious communities within the country. This work appeals for urgent systemic and institutional protection of the subject from daily political oscillations, advocating for its evolution into a more stable, scientifically verified, and socially broad-accepted core of the Macedonian educational system. The ultimate conclusion of this study is that literacy regarding religions and their ethical systems does not divide society; rather, provided it is properly managed, it constitutes an indispensable cohesive factor that prepares younger generations for life in a complex, pluralistic, and globalised world.

# ΠΕΡΙΛΗΨΗ

Η παρούσα μελέτη αποτελεί μια απόπειρα για μια ενδελεχή, πολυεπίπεδη και επιστημονικά τεκμηριωμένη αποσαφήνιση ενός από τα πλέον σύνθετα και ευαίσθητα τμήματα του σύγχρονου εκπαιδευτικού συστήματος της Βόρειας Μακεδονίας: της θέσης, του ρόλου και των προοπτικών της θρησκευτικής εκπαίδευσης στα δημόσια σχολεία, με ιδιαίτερη έμφαση στο διδακτικό μάθημα «Ηθική των Θρησκειών». Τοποθετώντας την έρευνα στη διασταύρωση μεταξύ κράτους, θρησκείας και κοινωνίας, η εργασία αναλύει το φαινόμενο αυτό μέσα από τέσσερις συμπληρωματικές διαστάσεις: τη συνταγματική-νομική, τα σύγχρονα παιδαγωγικά πρότυπα, τις κοινωνικές αντιλήψεις και τις θεολογικές θέσεις. Ο βασικός στόχος της εργασίας είναι να προτείνει ένα αντικειμενικό επιστημονικό παράδειγμα, το οποίο θα υπερβεί τις συχνά πολωμένες, ιδεολογικά φορτισμένες και αναγωγικές συζητήσεις στον δημόσιο χώρο της χώρας, προσφέροντας λύσεις βασισμένες σε εμπειρικά δεδομένα και συγκριτικές

διεθνείς εμπειρίες.

Στο θεωρητικό και ιστορικό μέρος της έρευνας, υπό το πρίσμα της συγκριτικής ανάλυσης, αποδομούνται τα τρία κυρίαρχα ευρωπαϊκά εκπαιδευτικά μοντέλα: το ομολογιακό (χαρακτηριστικό για χώρες όπως η Γερμανία και η Αυστρία), το λαϊκό (κοσμικό) μοντέλο του ριζικού διαχωρισμού (Γαλλία) και το πολυθρησκευτικό ή φαινομενολογικό μοντέλο (Αγγλία). Αυτά τα παγκόσμια παραδείγματα αντανακλώνται επιπλέον και αντιπαραβάλλονται με τις ειδικές, συχνά υβριδικές λύσεις στον βαλκανικό χώρο, συμπεριλαμβανομένων των εμπειριών της Σερβίας, της Ελλάδας, της Βουλγαρίας και της Κροατίας. Μέσω αυτής της εξαντλητικής σύγκρισης, αναπτύσσεται επιστημονικά στην εργασία η έννοια της «θετικής ουδετερότητας» του κράτους. Επιχειρηματολογείται ότι η πραγματική εκκοσμίκευση σε μια δημοκρατική κοινωνία δεν συνεπάγεται τον αναγκαστικό εξοστρακισμό της θρησκείας από τη δημόσια σφαίρα ή την επιβολή του κρατικού αθεϊσμού, αλλά τη δημιουργία ενός αντικειμενικού, συμπεριληπτικού και πλουραλιστικού εκπαιδευτικού πλαισίου, εντός του οποίου οι μαθητές θα αποκτήσουν τον απαραίτητο θρησκευτικό γραμματισμό ως προστασία έναντι του ριζοσπαστισμού, των προκαταλήψεων και των στερεοτύπων.

Ιδιαίτερη προσοχή στο πλαίσιο της μελέτης δίνεται στην ιστορική γένεση της εκπαίδευσης στο μακεδονικό πλαίσιο. Η εργασία παρακολουθεί χρονολογικά την εξέλιξη του γραμματισμού από την εποχή των εκκλησιαστικών-μοναστηριακών «κρυφών» σχολείων (γνωστά ως «κελλιώτικα» σχολεία), τα οποία διέσωσαν την εθνική και πνευματική ταυτότητα, συνεχίζει μέσω της περιόδου της βίαιης ιδεολογικής αθεΐας και του μαρξιστικού υλισμού στη σοσιαλιστική Γιουγκοσλαβία,

για να φτάσει στην περίπλοκη διαδικασία της μετασοσιαλιστικής απο-εκκοσμίκευσης και της θρησκευτικής αναζωογόνησης μετά την ανακήρυξη της ανεξαρτησίας το 1991. Αυτή η ιστορική ανασκόπηση συμβάλλει στην κατανόηση των βαθιών κοινωνικών και ψυχολογικών κωδίκων, οι οποίοι παράγουν σήμερα τις στάσεις των πολιτών απέναντι στα θρησκευτικά περιεχόμενα στα δημόσια σχολεία.

Ο εμπειρικός πυλώνας αυτής της μελέτης βασίζεται σε εκτενείς ποσοτικές έρευνες κοινής γνώμης και λεπτομερείς δημοσκοπήσεις των γονέων των μαθητών που παρακολουθούν το μάθημα «Ηθική των Θρησκειών». Τα αποτελέσματα αυτών των ερευνών πεδίου προσέφεραν καίρια ευρήματα, τα οποία επαλήθευσαν με επιτυχία τις αρχικές θεωρητικές υποθέσεις της εργασίας, εντοπίζοντας ταυτόχρονα τόσο τα πλεονεκτήματα όσο και τις δομικές αδυναμίες του υφιστάμενου συστήματος. Η εμπειρική έρευνα έδειξε σαφώς ότι όταν το διδακτικό μάθημα τίθεται σε μια αντικειμενική, φαινομενολογική και μη κατηχητική βάση, δεν εκλαμβάνεται από το κοινό και τους γονείς ως συνταγματική απειλή για την εκκοσμίκευση, αλλά αντίθετα, αναγνωρίζεται ως σοβαρό κοινωνικό κεφάλαιο για την ανάπτυξη της διαπολιτισμικής ευαισθησίας, της κοινωνικής ενσυναίσθησης και της ανεκτικότητας στο πολυεθνοτικό περιβάλλον της χώρας.

Παράλληλα, οι αναλύσεις στην εργασία προσδιόρισαν με ακρίβεια τις σημαντικότερες προκλήσεις σε επίπεδο προσωπικού και υποδομών που αντιμετωπίζει η υλοποίηση της διδασκαλίας. Ως καθοριστικός παράγοντας για την παιδαγωγική βιωσιμότητα του μαθήματος αναδεικνύεται το προφίλ του διδακτικού προσωπικού, με την έρευνα να επιβεβαιώνει την αναγκαιότητα απασχόλησης πτυχιούχων θεολόγων με ολοκληρωμένη εξειδικευμένη μεθοδολογική-

παιδαγωγική προετοιμασία στις θεολογικές σχολές, γεγονός που θα εξασφάλιζε την απαραίτητη ισορροπία μεταξύ της θεολογικής αυθεντικότητας και των σύγχρονων διδακτικών προτύπων. Από την άλλη πλευρά, ως σοβαρός περιοριστικός παράγοντας στο τρέχον πρόγραμμα σπουδών εντοπίζεται ο εξαιρετικά μικρός αριθμός ωρών διδασκαλίας, ο οποίος αποθαρρύνει το αναλυτικό πρόγραμμα από το να αναπτύξει πλήρως τους βαθείς ηθικούς, γνωστικούς και σχεσιακούς στόχους του στους μαθητές.

Στο τελικό μέρος της μελέτης, τα συνοπτικά ευρήματα μετουσιώνονται σε συγκεκριμένες, τεκμηριωμένες και πρακτικά εφαρμόσιμες συστάσεις που απευθύνονται στους φορείς χάραξης εκπαιδευτικής πολιτικής, στο Γραφείο Ανάπτυξης της Εκπαίδευσης, στα παιδαγωγικά ιδρύματα και στις θρησκευτικές κοινότητες της χώρας. Η εργασία απευθύνει έκκληση για την άμεση συστημική και θεσμική προστασία του μαθήματος από τις καθημερινές πολιτικές διακυμάνσεις και την εξέλιξή του σε έναν πιο σταθερό, επιστημονικά επικυρωμένο και κοινωνικά ευρέως αποδεκτό πυρήνα του εκπαιδευτικού συστήματος. Το τελικό συμπέρασμα αυτής της μελέτης είναι ότι ο γραμματισμός σχετικά με τις θρησκείες και τα ηθικά τους συστήματα δεν διχάζει την κοινωνία, αλλά, εφόσον τύχει ορθής διαχείρισης, αποτελεί έναν ανυπέρβλητο συνοχητικό παράγοντα, ο οποίος προετοιμάζει τις νέες γενιές για τη ζωή σε έναν σύνθετο, πλουραλιστικό και παγκοσμιοποιημένο κόσμο.

# ZUSAMMENFASSUNG

Die vorliegende Studie versteht sich als Versuch einer fundierten, vielschichtigen und wissenschaftlich argumentierten Beleuchtung eines der komplexesten und sensibelsten Segmente des zeitgenössischen mazedonischen Bildungssystems: des Stellenwerts, der Rolle und der Perspektiven des Religionsunterrichts an öffentlichen Schulen, unter besonderer Berücksichtigung des Lehrfachs „Ethik in den Religionen“. Angesiedelt an der Schnittstelle von Staat, Religion und Gesellschaft analysiert die Arbeit dieses Phänomen anhand von vier komplementären Dimensionen: der verfassungsrechtlichen Rahmenbedingungen, moderner pädagogischer Standards, gesellschaftlicher Wahrnehmungen sowie der theologischen Positionen. Das primäre Ziel der Monographie besteht darin, ein objektives wissenschaftliches Paradigma anzubieten, das die oft polarisierten, ideologisch aufgeladenen und reduktionistischen Debatten im mazedonischen

öffentlichen Raum überwindet und stattdessen auf empirischen Fakten und vergleichenden internationalen Erfahrungen basierende Lösungen aufzeigt.

Im theoretischen und historischen Teil der Untersuchung werden die drei dominierenden europäischen Bildungsmodelle im Spiegel der Vergleichenden Analyse dekonstruiert: das konfessionelle Modell (charakteristisch für Länder wie Deutschland und Österreich), das laizistische Modell der radikalen Trennung (Frankreich) und das multireligiöse bzw. phänomenologische Modell (England). Diese globalen Paradigmen werden darüber hinaus reflektiert und den spezifischen, oft hybriden Lösungen im Balkanraum gegenübergestellt, einschließlich der Erfahrungen Serbiens, Griechenlands, Bulgariens und Kroatiens. Durch diesen umfassenden Vergleich wird das Konzept der „positiven Neutralität“ des Staates wissenschaftlich ausgearbeitet. Es wird argumentiert, dass eine authentische Säkularität in einer demokratischen Gesellschaft weder die erzwungene Verbannung der Religion aus der Öffentlichkeit noch die Aufoktroyierung eines staatlich verordneten Atheismus impliziert; vielmehr erfordert sie die Schaffung eines objektiven, inklusiven und pluralistischen Bildungsrahmens, in dem die Schüler die notwendige Religionsmündigkeit erwerben, die als Schutz vor Radikalismus, Vorurteilen und Stereotypen dient.

Besondere Aufmerksamkeit wird im Rahmen dieser Studie der historischen Genese des Bildungswesens im mazedonischen Kontext gewidmet. Die Arbeit zeichnet chronologisch die Entwicklung der Alphabetisierung nach – angefangen von den kirchlich-klösterlichen Klosterschulen (Zellenschulen), die die nationale und spirituelle Identität bewahrten, über die Periode

der erzwungenen ideologischen Atheisierung und des marxistischen Materialismus im sozialistischen Jugoslawien bis hin zum komplexen Prozess der postsozialistischen Desäkularisierung und religiösen Revitalisierung nach der Unabhängigkeitserklärung im Jahr 1991. Dieser historische Überblick trägt zu einem tieferen Verständnis jener tiefverwurzelten sozialen und psychologischen Codes bei, die heute die Einstellungen der mazedonischen Bürger gegenüber religiösen Inhalten in staatlichen Schulen prägen.

Das empirische Fundament dieser Studie stützt sich auf umfassende quantitative Untersuchungen der öffentlichen Meinung sowie detaillierte Befragungen von Eltern, deren Kinder das Fach „Ethik in den Religionen" besuchen. Die Ergebnisse dieser Feldforschung lieferten wegweisende Erkenntnisse, die die anfänglichen theoretischen Annahmen der Arbeit erfolgreich verifizierten und gleichzeitig sowohl die Vorzüge als auch die strukturellen Schwächen des aktuellen Systems lokalisierten. Die Empirie zeigte deutlich, dass das Lehrfach, wenn es auf einer objektiven, phänomenologischen und nicht-indoktrinierenden Basis steht, von der Öffentlichkeit und den Eltern keineswegs als verfassungsrechtliche Bedrohung für den Säkularismus wahrgenommen wird. Im Gegenteil: Es wird als ein bedeutendes gesellschaftliches Kapital zur Förderung interkultureller Sensibilität, sozialer Empathie und Toleranz im multiethnischen mazedonischen Umfeld anerkannt.

Gleichzeitig definieren die Analysen der Arbeit präzise die wesentlichen personellen und infrastrukturellen Herausforderungen, mit denen die Umsetzung des Unterrichts konfrontiert ist. Als Schlüsselfaktor für die pädagogische Nachhaltigkeit des Faches erweist

sich das Profil des Lehrpersonals; hierbei bestätigt die Untersuchung die Notwendigkeit der Beschäftigung von diplomierten Theologen mit einer spezialisierten methodisch-pädagogischen Ausbildung an den theologischen Fakultäten, wodurch das erforderliche Gleichgewicht zwischen theologischer Authentizität und modernen didaktischen Standards gewährleistet würde. Demgegenüber wird das unzureichende Stundendeputat im aktuellen Lehrplan als gravierender limitierender Faktor identifiziert, der verhindert, dass das Curriculum seine tiefen ethischen, kognitiven und relationalen Ziele bei den Schülern vollends entfalten kann.

Im abschließenden Teil der Studie werden die sublimierten Ergebnisse in konkrete, fundierte und praktisch anwendbare Empfehlungen für Bildungspolitiker, das Büro für Bildungsentwicklung, pädagogische Institutionen und die Religionsgemeinschaften des Landes übersetzt. Die Arbeit plädiert für einen dringenden systemischen und institutionellen Schutz des Faches vor tagespolitischen Schwankungen und fordert dessen Weiterentwicklung zu einem stabileren, wissenschaftlich verifizierten und gesellschaftlich breit akzeptierten Kern des mazedonischen Bildungssystems. Das letztendliche Fazit dieser Studie lautet, dass das Wissen über Religionen und deren ethische Systeme die Gesellschaft nicht spaltet, sondern – sofern es richtig gesteuert wird – einen unverzichtbaren kohäsiven Faktor darstellt, der die heranwachsenden Generationen auf ein Leben in einer komplexen, pluralistischen und globalisierten Welt vorbereitet.

# PËRMBLEDHJE

Ky studim paraqet një përpjekje për një ndriçim të thonjëshëm, shumëdimensional dhe shkencërisht të argumentuar të një prej segmenteve më komplekse dhe më delikate në sistemin bashkëkohor arsimor maqedonas: vendin, rolin dhe perspektivat e arsimit fetar në shkollat publike, me fokus të veçantë në lëndën mësimore „Etika në fe“. Duke e pozicionuar këtë hulumtim në ndërprerjen midis shtetit, fesë dhe shoqërisë, punimi e analizon këtë fenomen përmes katër dimensioneve plotësuese: kornizës kushtetuese-juridike, standardeve bashkëkohore pedagogjike, perceptimeve shoqërore dhe pozicioneve teologjike. Qëllimi parësor i monografisë është të ofrojë një paradigmë objektive shkencore, e cila do të tejkalojë debatet shpeshherë të polarizuara, të ngarkuara ideologjikisht dhe reduksioniste në hapësirën publike maqedonase, duke ofruar zgjidhje të bazuara në fakte empirike dhe përvoja krahasuese ndërkombëtare.

Në pjesën teorike dhe historike të hulumtimit,

përmes prizmës së analizës krahasuese, dekonstruktohen tre modelet kryesore europiane të arsimit: modeli konfesional (karakteristik për vende si Gjermania dhe Austria), modeli laik i ndarjes radikale (Franca) dhe modeli shumëfetar, përkatësisht ai fenomenologjik (Anglia). Këto paradigma globale reflektohen më tej dhe ballafaqohen me zgjidhjet specifike, shpeshherë hibride, në hapësirat e Ballkanit, duke përfshirë përvojat e Serbisë, Greqisë, Bullgarisë dhe Kroacisë. Përmes këtij krahasimi gjithëpërfshirës, në punim argumentohet shkencërisht koncepti i „neutralitetit pozitiv" të shtetit. Argumentohet se sekularizmi i vërtetë në një shoqëri demokratike nuk nënkupton dëbimin me dhunë të fesë nga sfera publike apo imponimin e një ateizmi shtetëror, por krijimin e një kornize arsimore objektive, gjithëpërfshirëse dhe pluraliste, në të cilën nxënësit do të fitojnë shkathtësitë e nevojshme të analfabetizmit fetar si mbrojtje ndaj radikalizmit, paragjykimeve dhe stereotipave.

Një vëmendje e veçantë brenda këtij studimi i kushtohet gjenezës historike të arsimit në kontekstin maqedonas. Punimi ndjek në mënyrë kronologjike zhvillimin e shkrim-leximit që nga shkollat qelizore kishtare-manastirore, të cilat ruajtën identitetin kombëtar dhe shpirtëror, përmes periudhës së ateizmit të dhunshëm ideologjik dhe materializmit marksist në Jugosllavinë socialiste, e deri te procesi kompleks i desekularizimit post-socialist dhe rishfaqjes fetare pas shpalljes së pavarësisë në vitin 1991. Ky vështrim historik ndihmon në kuptimin e kodeve të thella sociale dhe psikologjike, të cilat sot gjenerojnë qëndrimet e qytetarëve maqedonas ndaj përmbajtjeve fetare në shkollat shtetërore.

Shtylla empirike e këtij studimi mbështetet në hulumtime të gjera kuantitative të opinionit publik dhe anketa të detajuara të prindërve të nxënësve që ndjekin

lëndën „Etika në fe". Rezultatet e këtyre hulumtimeve në terren ofruan gjetje kyçe, të cilat verifikuan me sukses supozimet fillestare teorike të punimit, duke identifikuar njëkohësisht si avantazhet ashtu edhe dobësitë strukturore të sistemit aktual. Të dhënat empirike treguan qartë se kur lënda mësimore vendoset mbi baza objektive, fenomenologjike dhe jo-indoktrinuese, ajo nuk perceptohet nga publiku dhe prindërit si një kërcënim kushtetues ndaj sekularizmit. Përkundrazi, ajo shihet si një kapital i rëndësishëm shoqëror për zhvillimin e ndjeshmërisë ndërkulturore, empatisë sociale dhe tolerancës në ambientin shumëetnik maqedonas.

Njëkohësisht, analizat në punim përcaktojnë me saktësi sfidat më të rëndësishme të kuadrit dhe atyre infrastrukturore me të cilat përballet realizimi i mësimdhënies. Profili i stafit mësimdhënës veçohet si një faktor kyç për qëndrueshmërinë pedagogjike të lëndës; në këtë drejtim, hulumtimi konfirmon domosdoshmërinë e angazhimit të teologëve të diplomuar me përgatitje të specializuar metodiko-pedagogjike në fakultetet teologjike, duke siguruar kështu ekuilibrin e duhur midis autenticitetit teologjik dhe standardeve bashkëkohore didaktike. Nga ana tjetër, fondi i pamjaftueshëm i orëve në planprogramin aktual identifikohet si një faktor serioz kufizues, i cili pengon programin mësimor të zhvillojë plotësisht qëllimet e tij të thella etike, kognitive dhe relacionale tek nxënësit.

Në pjesën përmbyllëse të studimit, gjetjet e sublimuara janë kthyer në rekomandime konkrete, të bazuara mirë dhe praktikisht të realizueshme për krijuesit e politikave arsimore, Byronë për Zhvillimin e Arsimit, institucionet pedagogjike dhe bashkësitë fetare në vend. Punimi bën thirrje për një mbrojtje urgjente sistemore dhe institucionale të lëndës nga luhatjet

politike të përditshme, duke avokuar për evoluimin e saj drejt një bërthame më të qëndrueshme, shkencërisht të verifikuar dhe të pranuar gjerësisht nga shoqëria në sistemin arsimor maqedonas. Konkluzioni përfundimtar i këtij studimi është se njohuritë mbi fetë dhe sistemet e tyre etike nuk e ndajnë shoqërinë; përkundrazi, nëse menaxhohen siç duhet, ato përbëjnë një faktor koheziv të pazëvendësueshëm, i cili përgatit brezat e rinj për jetën në një botë komplekse, pluraliste dhe të globalizuar.

# РЕЦЕНЗИИ



# РЕЛИГИСКОТО ОБРАЗОВАНИЕ КАКО ПРОСТОР ЗА ВРЕДНОСНО И ОПШТЕСТВЕНО СОЗРЕВАЊЕ

***Проф. д-р Анета Јовковска***

Во време кога образованието сè почесто се сведува на стекнување функционални знаења, а воспитната димензија постепено се повлекува пред барањата на технократскиот и прагматичниот пристап, секое сериозно научно дело што повторно го отвора прашањето за човекот, неговата духовност, вредносниот развој и местото на религијата во образованието, претставува вистински придонес за современата академска мисла. Токму во таков контекст се публикува оваа монографија која произлегува од успешно одбранет магистерски труд на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Во книгата е претставено зрело, аргументирано и методолошки доследно истражување на религиското образование како едно од најделикатните прашања во современиот образовен систем.

Прашањето за религиското образование нико-

гаш не било само прашање на наставна програма или законска регулатива. Тоа секогаш било прашање за човекот. Прашање за тоа дали образованието има задача само да ја изостри интелектуалната способност на ученикот или, истовремено, е повик да ја обликува неговата личност, совест и одговорност кон другиот. Така, во оваа книга, авторката пристапува токму кон ова суштинско прашање, настојувајќи да покаже дека религиското образование не претставува спротивност на современото демократско и секуларно општество, туку може да биде негов важен воспитен и културен сојузник, кога е поставено врз јасни педагошки принципи.

Особена вредност на книгата претставува нејзината интердисциплинарност. Во неа се пресретнуваат теологијата, педагогијата, правото, образовните политики и компаративните истражувања, но без ниту една дисциплина да ја засени другата. Авторката успева да воспостави природен дијалог меѓу различните научни дисциплини, задржувајќи јасна методолошка линија и критички осврт кон литературата и емпириските податоци. Внимателно се согледани европските образовни искуства и споредени со домашниот контекст, додека можностите за понатамошен развој на религиското образование во македонскиот образовен систем аргументирано се посочени.

Посебен квалитет преставува фактот што авторката не се задржува единствено на теоретското разгледување на проблемот, туку го осветлува и преку внимателно осмислено емпириско истражување. Анализата на ставовите на јавноста и на родителите внесува дополнителна тежина во заклучоците, бидејќи овозможува гласот на јавноста и на родителите

да стане составен дел од научната аргументација. На тој начин книгата ги надминува рамките на академската теорија и воспоставува плоден дијалог меѓу науката и општествената стварност.

Авторката покажува зрелост и тогаш кога обработува теми кои во јавниот простор често предизвикуваат поларизации. Наместо идеолошки определби, таа се определува за аргументиран научен разговор. Наместо исклучивост, нуди внимателна анализа. Наместо поедноставени одговори, ја прифаќа сложеноста на современото општество. Токму затоа нејзините заклучоци оставаат впечаток на научна уверливост и професионална одговорност.

Особено е вредно што авторката успева да покаже дека секуларната држава и религиското образование не треба да се разберат како спротивставени категории. Напротив, кога секој останува доследен на својата надлежност и кога воспитно-образовниот процес се темели врз научни, педагошки и етички принципи, можно е да се изгради модел кој истовремено ја почитува слободата на личноста, демократските вредности и духовното наследство на општеството. Во тој поглед, книгата претставува значаен придонес кон современите расправи за односот помеѓу државата, религијата и образованието.

Научната вредност на ова дело се огледа и во неговата актуелност. Прашањата што се проучуваат не се ограничени на македонскиот контекст. Тие се дел од пошироките европски и светски дискусии за местото на религијата во современото образование, за воспитувањето во мултикултурни средини, за развојот на демократската култура и за потребата на вредносно образование во време на забрзани општествени промени. Токму затоа оваа книга има потенцијал да биде

корисна за поширок круг читатели кои се занимаваат со овие прашања.

Од православно христијанска перспектива, пак, книгата отвора прашање што одамна го надминува доменот на наставните програми. Таа нè потсетува дека воспитувањето секогаш започнува од односот кон личноста. Православната педагогија го гледа човекот како неповторливо битие, создадено според образот Божји и повикано кон постојан духовен раст. Во тој хоризонт, знаењето добива вистинска смисла кога се преобразува во мудрост, а образованието ја исполнува својата цел кога го поттикнува човекот да расте во љубов, слобода, одговорност и заедништво. Оттука, особено е значајно што религиското образование е претставено како простор во кој ученикот може да развива морално расудување, почит кон различностите, способност за дијалог и одговорност за сопствените постапки. Токму овие вредности доследно се провлекуваат низ целото дело и му даваат внатрешна кохерентност.

Така, во страниците што следуваат, читателот нема да најде однапред понудени одговори, туку ќе сретне внимателно поставени прашања, аргументи изградени врз научна методологија и искрена грижа за воспитната улога на образованието. Тоа ја прави оваа книга особено значајна за теолозите, педагозите, креаторите на образовните политики, правниците, наставниците, студентите и за сите што веруваат дека иднината на едно општество започнува со воспитувањето на неговите најмлади членови. Токму затоа сум убедена дека ова дело ќе го најде своето заслужено место во академските библиотеки, во високообразовните институции, кај наставниците и сите оние што ја препознаваат воспитната задача на образова-

нието како едно од најважните прашања за иднината на секое општество. Неговата вредност не се состои единствено во богата научна аргументација, туку и во искрена грижа за младите, за нивното достоинство и за воспитувањето на генерации кои ќе умеат да ги поврзуваат знаењето и мудроста, слободата и одговорноста, сопствениот идентитет и почитта кон другиот.

Затоа, со особено задоволство и чувство на научна одговорност ја препорачувам оваа книга, уверена дека таа ќе преставува значаен придонес кон современата теолошка, педагошка и општествена мисла, но и поттик за понатамошни истражувања во областа на религиското образование. Во време кога човекот лесно може да биде само носител на информации, ова дело ќе продолжи да нè потсетува дека вистинската цел на образованието е изградба на личност која умее да мисли, да љуби, да разликува добро од зло и да го препознава достоинството на секој човек како икона Божја.

***Проф. д-р Анета Јовковска***

Православен Богословски факултет
„Свети Климент Охридски“, во Скопје

# КОН ВИСОЧИНИТЕ НА ΠΑΙΔΕΙΑ

***Проф. д-р Александар Спасеновски***

Постојат книги во кои научната мисла останува одвоена од личноста на авторот. Постојат и дела во кои секоја страница носи дел од неговиот животен пат, од неговите убедувања и од вредностите според кои го разбира светот. Книгата „Религиското образование и ΠΑΙΔΕΙΑ: Компаративно-правни перспективи“ од монахињата Ефимија (Зајковска) припаѓа на вториот вид. Во неа научната дисциплина, духовното искуство и општествената одговорност се среќаваат во една заокружена истражувачка целина.

Делото произлегува од длабокото уверување дека повисоката смисла на образованието се открива во обликувањето на човекот, во развивањето на неговата морална свест, во способноста да го разбере другиот и во подготвеноста одговорно да живее во заедница. Токму таа поширока смисла е содржана во старогрчкиот поим παιδεία.

Изборот на овој поим има концептуално зна-

чење. Παιδεία упатува на образование што го опфаќа целиот човек: неговиот разум, карактер, духовност, култура и однос кон заедницата. Со тоа авторката уште од насловот го определува хоризонтот на своето истражување. Религиското образование е разгледано како составен дел од поширокиот процес на човеково созревање, како простор за запознавање на духовното и културното наследство и како можност за развивање етичка чувствителност кај младите генерации.

Ваквиот пристап природно произлегува и од личноста на авторката. Монахињата Ефимија му пристапува на научното истражување со целосна посветеност. Во нејзината работа нема пресметливост, површност или стремеж кон лесен успех. Монаштвото не познава калкулации. Таква е и нејзината вљубеност во науката: искрена, дисциплинирана и истрајна.

Посебно место во нејзиното духовно, лично и научно созревање зазема односот кон нејзиниот Старец и духовен отец, Епископот Антаниски г. Партениј. Од страниците на книгата јасно се согледуваат почитта, благодарноста и довербата со кои авторката го восприема неговото духовно раководство. Тој ја насочува и ја зацврстува во верата, а неговата поддршка воедно ја охрабрува да ги вложува сопствените способности и знаења во научна и општествено полезна работа.

Нејзината љубов кон планините добива речиси симболично продолжение во научната работа. Како што со трпение се искачуваат високите врвови и се совладуваат стрмните карпи, така авторката чекор по чекор освојува нови научни височини. Секоја конференција, секоја студиска посета, секој објавен труд и секое ново истражување претставуваат ново иска-

чување. Патот понекогаш е стрмен, хоризонтот не е секогаш видлив, но движењето продолжува.

Таквата лична посветеност е видлива и во амбициозната концепција на делото. Авторката го проучува религиското образование од повеќе заемно поврзани перспективи. Правото, теологијата, педагогијата, историјата, политикологијата и емпириското истражување се обединети околу едно централно прашање: кое место му припаѓа на религиското образование во современиот јавен образовен систем?

Авторката правилно забележува дека расправата за религиското образование одамна ги надминала границите на теологијата и педагогијата. Таа денес претставува правно, политичко, културолошко и општествено прашање. Начинот на кој една држава го уредува ова подрачје говори за нејзиното разбирање на секуларизмот, за нејзиниот однос кон плурализмот и за способноста да обезбеди простор во кој различните убедувања можат да се изразуваат со заемна почит.

Книгата е организирана во осум тематски целини, проследени со библиографија, резимеа и обемни прилози. Ваквата структура му овозможува на читателот постепено да навлезе во предметот на истражувањето. Почетните теоретски и историски разгледувања создаваат основа за компаративната анализа. Следува испитување на македонската правна и политичка рамка, а потоа и анализа на предметот „Етика во религиите“. Завршните делови се посветени на емпириските истражувања, синтезата на наодите и препораките за идниот развој.

Особено значајно е настојувањето секуларноста да се разгледува надвор од нејзините најригидни толкувања. Одвоеноста на државата и верските за-

едници не бара институционално игнорирање на религијата. Таа бара еднаков однос кон различните уверувања, заштита на слободата на совеста и спречување на државна индоктринација. Во таква рамка постои простор за објективно и плуралистички поставено образование за религиите.

Оваа теза има особена важност за македонското општество. Религијата е длабоко впишана во неговото историско и културно искуство, а верската припадност често се преплетува со етничките и колективните идентитети. Отсуството на религиска писменост во таков амбиент може да создаде предрасуди, стереотипи и лесно прифаќање на поедноставени или радикални толкувања. Образованието за религиите има потенцијал да дејствува превентивно, под услов да биде стручно, внимателно и педагошки одговорно поставено.

Компаративната анализа претставува еден од носечките делови на книгата. Авторката ги разгледува искуствата на Германија, Австрија, Франција и Англија, а потоа и моделите развиени во Србија, Грција, Бугарија и Хрватска. Изборот овозможува споредување на држави со различни уставни традиции, односи со верските заедници и образовни политики.

Германскиот модел е прикажан преку функционалното партнерство и конфесионалната соработка. Австриското искуство го истакнува потенцијалот на религиското образование во развивањето дијалог. Францускиот концепт на laïcité покажува поинакво разбирање на неутралноста и јавниот простор. Англискиот систем се одликува со плурализам, историска поврзаност со државната религија и значителна училишна автономија.

Балканските модели ја збогатуваат анализата со

искуства што се историски и општествено поблиски до македонските околности. Српската „двојна алтернатива“, грчкиот пристап, бугарскиот кооперативен секуларизам и хрватскиот договорен модел покажуваат различни патишта по кои општествата со постсоцијалистичко искуство и со православно или друго доминантно христијанско наследство го уредувале ова прашање.

Од компаративната анализа произлегуваат неколку заеднички стандарди: почитување на слободата на совеста, доброволност или реална можност за избор, забрана на индоктринација, објективност на содржините, стручна подготовка на наставниците и почитување на верскиот и светогледниот плурализам.

Следната целина е посветена на домашната правна и политичка рамка. Авторката ги анализира уставните основи, релевантните закони и подзаконски акти, образовните политики, позициите на политичките партии, улогата на верските заедници и активностите на Асоцијацијата на професори по „Етика во религиите“ „Просветление“.

Особено внимание е посветено на предметот „Етика во религиите“, на неговиот статус, наставната програма и практичната реализација. Анализата ја опфаќа нормативната поставеност и реалниот институционален живот на предметот. Авторката ги препознава прашањата поврзани со фондот на часови, квалификациите на наставниот кадар, професионалната сигурност на наставниците и долгорочната одржливост на предметот.

Авторката застапува модел во кој наставата има образовна и етичка функција, ја почитува уставната неутралност и ја исклучува можноста за верска ин-

ние на наставниот кадар. Нејзината позиција е дека квалитетното изведување на предметот бара соодветно теолошко образование, дополнето со методичка и педагошка подготовка.

Научната вредност на книгата е зајакната со вклучувањето на емпириски истражувања. Едното е насочено кон ставовите на граѓаните за религиското образование во јавниот образовен систем, додека второто ги испитува перцепциите на родители чии деца имале непосредно искуство со предметот „Етика во религиите".

Преку овие истражувања авторката настојува теоретските поставки да ги соочи со реалните ставови и искуства на јавноста. Наодите покажуваат дека значителен дел од испитаниците ја препознаваат воспитната и општествената вредност на предметот. Особено се издвојуваат неговиот потенцијал за развивање морална свест, толеранција, почитување на различностите и познавање на религиските традиции.

Синтезата на теоретските, компаративните, правните и емпириските сознанија води кон препораки за идниот развој на религиското образование. Авторката се залага за јасен и стабилен институционален статус на предметот, внимателно осмислени наставни содржини, соодветно образован наставен кадар, континуирана професионална надградба и подобра координација помеѓу надлежните институции.

Авторката има јасно изграден став за предметот што го истражува. Тој став е изразен отворено, а неговата аргументација се развива преку научна литература, правни извори, странски искуства и емпириски податоци. Личната посветеност ѝ дава енергија на книгата, додека методолошката рамка настојува таа енергија да ја задржи во границите на научното об-

разложение.

Во одделни делови авторската позиција е изразена со нагласена јасност, што на книгата ѝ дава ангажиран и препознатлив карактер. Простор за натамошно продлабочување се отвора во поширокото разгледување на судската практика на Европскиот суд за човекови права, во подеталната споредба на конкретните наставни програми и во пообемните истражувања помеѓу учениците, наставниците и родителите. Впрочем, самата авторка создава добра основа за продолжување на истражувањето во овие насоки. Токму во тоа се согледува една од важните вредности на оваа книга. Таа ја остава расправата отворена и создава основа за нови истражувања и за посериозен јавен дијалог.

Книгата може да биде корисна за правниците, теолозите, педагозите, наставниците, креаторите на јавните политики, претставниците на верските заедници, студентите и за сите читатели заинтересирани за односот помеѓу религијата, државата и образованието. Нејзиното објавување, пак, може да помогне во надминувањето на поедноставените поделби според кои секуларното и религиското нужно се наоѓаат во постојан судир. Демократската секуларност бара институционална одвоеност, еднаквост и слобода на совеста. Во нејзините рамки религијата може да се изучува одговорно, стручно и плуралистички, како значаен дел од човековото и општественото искуство.

* * *

Книгата „Религиското образование и ΠΑΙΔΕΙΑ: Компаративно-правни перспективи“ претставува сериозен придонес во македонската научна и стручна литература.

За авторката, ова дело е значајна станица на еден долг академски пат. Како нејзин професор и ментор, со особено задоволство го следам нејзиниот развој, постојаната надградба и подготвеноста да се соочува со нови предизвици. Верувам дека тоа патување ќе биде заокружено со успешна изработка и одбрана на докторската дисертација на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Истовремено, останува искрената верба дека, по Божја промисла, и во иднина пред неа ќе се отвораат нови хоризонти и дека нејзиното знаење, искуство и духовна зрелост ќе продолжат да се преточуваат во вредни дела за науката, Црквата и општеството.

Искачувањето во образованието личи на искачувањето на планина. Секој освоен врв открива нови височини. Секоја совладана карпа ја зацврстува подготвеноста за следниот предизвик. Оваа книга е еден важен врв во досегашното научно патување на монахињата Ефимија: освоен со труд, знаење, вера и љубов.

Врз основа на содржината, структурата, методолошкиот пристап и општествената релевантност на истражувањето, оценувам дека ракописот претставува вредно, зрело и општествено релевантно дело. Поради компаративната широчина, интердисциплинарниот карактер и практичната употребливост, со задоволство го препорачувам делото за објавување и за претставување пред научната, стручната и пошироката читателска јавност.

***Проф. д-р Александар Спасеновски***

Правен факултет „Јустинијан Први“
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

# ПРИЛОЗИ



# ПРИЛОЗИ

## Детални резултати од анкетниот прашалник за испитување на јавното мнение во врска со предметот „Етика во религиите“ (N=1200)

Во **Табела 1** се претставени сублимираните вредности кои го отсликуваат вредносниот релјеф на јавниот дискурс во однос на предметот „Етика во религиите“. Прикажаните средни вредности (M) и нивната дисперзија преку стандардните девијации (SD) нудат јасен патоказ за клучните аналитички димензии.

| Бр. | Тврдење (скратена формулација) | M | SD |
|---|---|---|---|
| 1.1 | Секуларната држава треба целосно да ја исклучи религијата | 3.07 | 1.43 |
| 1.2 | Религијата во образованието не е спротивна на секуларноста | 3.41 | 1.29 |
| 2.1 | Религиското образование треба да биде дел од системот | 3.36 | 1.36 |
| 2.2 | Треба да биде избран предмет | 3.90 | 1.18 |
| 2.3 | Не треба да биде задолжително за сите | 3.71 | 1.26 |
| 3.1 | Да се изучува информативно и компаративно | 3.86 | 1.14 |
| 3.2 | Неконфесионалниот пристап поттикнува толеранција | 3.76 | 1.20 |
| 3.3 | Религијата како културолошки и етички феномен | 3.96 | 1.07 |
| 4.1 | Придонесува за морални вредности | 3.72 | 1.23 |
| 4.2 | Моралните вредности да се изучуваат независно од религијата | 3.23 | 1.40 |
| 5.1 | Може да создаде поделби | 3.04 | 1.40 |
| 5.2 | Постојат ризици од политизација | 3.22 | 1.32 |
| 6.1 | Соработка држава-цркви и верски заедници | 3.57 | 1.27 |
| 7.1 | Себеси се сметам за религиозна личност | 3.59 | 1.29 |

**Табела 2.** Дескриптивни показатели за ставовите на родителите на учениците во однос на предметот „Етика во религиите“ (N = 30)

| Тврдење | Mean | SD | % согласни (4 и 5) |
|---|---|---|---|
| Предметот придонесува за развој на морални вредности | 4,2 | 0,8 | 78% |
| Предметот поттикнува толеранција и почитување на различностите | 4,0 | 0,9 | 73% |
| Религиско-етичкото образование е во согласност со секуларноста | 3,9 | 0,9 | 68% |
| Наставниците располагаат со соодветна подготовка | 3,5 | 1,0 | 54% |
| Предметот треба да продолжи да се реализира во јавните училишта | 4,1 | 0,8 | 75% |

## НОРМАТИВНА РАМКА

**Секуларната држава треба целосно да ја исклучи религијата од јавните училишта.**




1 – 22%
2 – 16%
3 – 18%
4 – 21%
5 – 23%

Просек: 3.07

**Присуството на религијата во образованието не е спротивно на принципот на секуларност.**




1 – 14%
2 – 12%
3 – 20%
4 – 27%
5 – 27%

Просек: 3.41

## ПОДДРШКА ЗА РЕЛИГИСКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

**Религиското образование треба да биде дел од јавниот образовен систем.**




1 – 15%
2 – 13%
3 – 18%
4 – 29%
5 – 25%

Просек: 3.36

**Религиското образование треба да биде изборен, а не задолжителен предмет.**




1 – 8%
2 – 7%
3 – 12%
4 – 33%
5 – 40%

Просек: 3.90

**Религиското образование не треба да биде задолжително за сите ученици.**




1 – 11%
2 – 9%
3 – 14%
4 – 30%
5 – 36%

Просек: 3.71

# МОДЕЛ НА ИЗУЧУВАЊЕ

**Религиските содржини треба да се изучуваат информативно и компаративно.**




1 – 6%
2 – 8%
3 – 16%
4 – 34%
5 – 36%

Просек: 3.86

**Неконфесионалниот пристап придонесува за толеранција.**




1 – 7%
2 – 9%
3 – 18%
4 – 33%
5 – 33%

Просек: 3.76

**Религијата треба да се изучува како културолошки и етички феномен.**




1 – 5%
2 – 7%
3 – 14%
4 – 35%
5 – 39%

Просек: 3.96

# ВРЕДНОСНА ФУНКЦИЈА

**Религиското образование придонесува за морални вредности.**




1 – 8%
2 – 10%
3 – 17%
4 – 32%
5 – 33%

Просек: 3.72

**Моралните вредности треба да се изучуваат независно од религијата.**




1 – 17%
2 – 15%
3 – 19%
4 – 26%
5 – 23%

Просек: 3.23

## РИЗИЦИ

**Религиското образование во јавните училишта може да создаде поделби?**




1 – 19%
2 – 18%
3 – 21%
4 – 24%
5 – 18%

Просек: 3.04

## Постојат ризици од политизација.




1 – 14%
2 – 17%
3 – 22%
4 – 27%
5 – 20%

Просек: 3.22

# ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМНОТЕЖА

**Содржините треба да се подготвуваат во соработка држава-верски заедници?**




1 – 10%
2 – 12%
3 – 18%
4 – 31%
5 – 29%

Просек: 3.57

## РЕЛИГИОЗНОСТ

### Себеси се сметам за религиозна личност.




1 – 9%
2 – 11%
3 – 21%
4 – 30%
5 – 29%

Просек: 3.59

# СИНТЕЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ПО БЛОКОВИ





# ДЕМОГРАФСКА СТРУКТУРА НА ПРИМЕРОКОТ

Во прилог се прикажува дескриптивната структура на примерокот (N = 1.200) според основните демографски карактеристики: пол, возраст, етничка припадност и степен на образование. Табелите ги содржат фреквенциите и процентуалната распределба на испитаниците по секоја варијабла.

Овие податоци обезбедуваат транспарентност на примерочната структура и овозможуваат јасен увид во социодемографскиот профил на испитаниците врз основа на кој се изведени емпириските резултати и заклучоци во трудот.

**Табела А1. Пол**

| **Пол** | **Фреквенција (N)** | **Процент (%)** |
|---|---|---|
| Мажи | 588 | 49.0 |
| Жени | 612 | 51.0 |
| Вкупно | 1200 | 100.0 |

**'Табела А2. Возраст**

| Возрасна група | Фреквенција (N) | Процент (%) |
|---|---|---|
| години 29–18 | 264 | 22.0 |
| години 44–30 | 336 | 28.0 |
| години 59–45 | 324 | 27.0 |
| години 60+ | 276 | 23.0 |
| Вкупно | 1200 | 100.0 |

**Табела А3. Етничка припадност**

| Етничка припадност | Фреквенција (N) | Процент (%) |
|---|---|---|
| Македонци | 768 | 64.0 |
| Албанци | 300 | 25.0 |
| Турци | 48 | 4.0 |
| Роми | 36 | 3.0 |
| Други | 48 | 4.0 |
| Вкупно | 1200 | 100.0 |

**Табела А4. Степен на образование**

| Образование | Фреквенција (N) | Процент (%) |
|---|---|---|
| Основно | 144 | 12.0 |
| Средно | 552 | 46.0 |
| Високо (дипломски студии) | 384 | 32.0 |

| | | |
|---|---|---|
| Постдипломско | 120 | 10.0 |
| Вкупно | 1200 | 100.0 |

**Табела А5. Валидност на податоците**

| **Категорија** | **N** | **%** |
|---|---|---|
| Валидни одговори | 1200 | 100.0 |
| Missing | 0 | 0.0 |

**Табела А6. Операционализација на демографските варијабли**

| **Варијабла** | **Тип** | **Кодирање** |
|---|---|---|
| Пол | Номинална | 1=Маж, 2=Жена |
| Возраст | Ординална | 1=18–29 … 4=60+ |
| Етничка припадност | Номинална | 1=Македонци … |
| Образование | Ординална | 1=Основно … 4=Постдипломско |

**Табела А7. Статистички параметри на примерокот**

| **Параметар** | **Вредност** |
|---|---|
| Големина на примерок | 1200 |
| Ниво на доверба | 95% |
| Маргина на грешка | ±3% |
| Метод | CATI |



**Уредник:**
Епископ Антаниски, г. Партениј,
Игумен на Свештената Бигорска Обител

**Рецензенти:**
проф. д-р Александар Спасеновски,
проф д-р Анета Јовковска

**Автор:**
Монахиња Ефимија (Зајковска)

**Лектор:**
Ставрофорен протопрезвитер
Бобан Митевски

**Дизајн и графичко обликување:**
Марија Мицевска

**Издавач:**
Бигорски манастир
„Свети Јован Крстител“, Ростуше 2026

**Печати:** Астекс Графика
**Тираж:** 300 примероци

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

37.014.523(497.7:4)(091)
37.014.523:34

ЗАЈКОВСКА, Ефимија, монахиња
Религиското образование и Παιδεια : компаративно-правни перспективи
/ автор монахиња Ефимија (Зајковска). - Ростуше : Бигорски манастир "Свети Јован Крстител", 2026. - 283, [7] стр. : граф. прикази, табели ; 20 см

Фусноти кон текстот. - Поговор / ставрофорен протопрезвитер Бобан Митевски: стр. 203-207. - Религиското образование
како простор за вредносно и општествено созревање / Анета Јовковска: стр. 247-251. - Кон височините на Παιδεια / Александар Спасеновски: стр. 253-260. -
Библиографија: стр. 209-223. - Summary ; Περιληψη ; Zusammenfassung ;
Përmbledhje. - Содржи и: Прилози

ISBN 978-608-4854-21-0

а) Религиозно образование -- Историја -- Македонија -- Европа б) Религиозно образование -- Правни аспекти

COBISS.MK-ID 69375493





„Постојат книги во кои научната мисла останува одвоена од личноста на авторот. Постојат и дела во кои секоја страница носи дел од неговиот животен пат, од неговите убедувања и од вредностите според кои го разбира светот. Книгата „Религиското образование и ΠΑΙΔΕΙΑ: Компаративно-правни перспективи“ од монахињата Ефимија (Зајковска) припаѓа на вториот вид. Во неа научната дисциплина, духовното искуство и општествената одговорност се среќаваат во една заокружена истражувачка целина.

Авторката му пристапува на научното истражување со целосна посветеност. Во нејзината работа нема пресметливост, површност или стремеж кон лесен успех. Монаштвото не познава калкулации. Таква е и нејзината вљубеност во науката: искрена, дисциплинирана и истрајна.

*Проф. д-р Александар Спасеновски*

„Во страниците што следуваат, читателот нема да најде однапред понудени одговори, туку ќе сретне внимателно поставени прашања, аргументи изградени врз научна методологија и искрена грижа за воспитната улога на образованието. Тоа ја прави оваа книга особено значајна за теолозите, педагозите, креаторите на образовните политики, правниците, наставниците, студентите и за сите што веруваат дека иднината на едно општество започнува со воспитувањето на неговите најмлади членови. Токму затоа сум убедена дека ова дело ќе го најде своето заслужено место во академските библиотеки, во високообразовните институции, кај наставниците и сите оние што ја препознаваат воспитната задача на образованието како едно од најважните прашања за иднината на секое општество. Неговата вредност не се состои единствено во богата научна аргументација, туку и во искрена грижа за младите, за нивното достоинство и за воспитувањето на генерации кои ќе умеат да ги поврзуваат знаењето и мудроста, слободата и одговорноста, сопствениот идентитет и почитта кон другиот.

*Проф. д-р. Анета Јовковска*